EPSON
EXCEED YOUR VISION

ET-2720 Series / L3160 Series

Упатство за корисникот

NPD6062-00 MK

Содржина

За овој прирачник

Вовед во прирачниците. 7
Користење на прирачникот за пребарување на информации. 7
Ознаки и симболи. 9
Описи што се користат во прирачникот. 9
Референци за оперативни системи. 9

Важни упатства

Безбедносни упатства. 11
Безбедносни упатства за мастило. 12
Совети и предупредувања за печатачот. . . . 12
Совети и предупредувања за поставување на печатачот. 12
Совети и предупредувања за користење на печатачот. 13
Совети и предупредувања за транспорт или складирање на печатачот. 13
Совети и предупредувања за користење на печатачот со безжично поврзување. 14
Совети и предупредувања за користење на ЛЦД-екранот. 14
Заштита на личните информации. 14

Основни информации за печатачот

Имиња и функции на деловите. 15
Контролна табла. 17
Водич за LCD-екранот. 17
Водич за почетниот екран. 18
Внесување знаци. 19

Мрежни поставки

Типови на мрежна конекција. 21
Wi-Fi-врска. 21
Wi-Fi Direct (Едноставен AP) конекција. . . 21
Поврзување на компјутер. 22
Поврзување на паметен уред. 23
Поврзување со паметен уред преку безжичен насочувач. 23
Поврзување со iPhone, iPad или iPod touch со помош на Wi-Fi Direct. 24
Поврзување со уреди со Android со помош на Wi-Fi Direct. 27
Поврзување со уреди без iOS и Android со помош на Wi-Fi Direct. 29
Правење на поставки за Wi-Fi од печатачот. 33
Одредување поставки за Wi-Fi со внесување SSID и лозинка. 33
Одредување поставки за Wi-Fi со поставување копче за притискање. 34
Одредување поставки за Wi-Fi со поставување PIN-код (WPS). 35
Проверување на статусот на конекција на мрежа. 36
Икона за мрежа. 36
Печатење извештај за мрежна врска. 36
Печатење на листа за статус на мрежа. . . 43
Заменување или додавање нови безжични пренасочувачи. 43
Менување на начинот на поврзување на компјутер. 44
Менување на поставките за Wi-Fi Direct (едноставна AP). 45
Исклучување Wi-Fi од контролната табла. . . 45
Исклучување Wi-Fi Direct (едноставна AP) врска од контролната табла. 46
Обновување на мрежните поставки од контролната табла на печатачот. 47

Подготовка на печатачот

Ставање на хартија. 48
Достапни хартии и капацитети. 48
Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна. 51
Ставање пликови и предупредувања. 53
Ставање долга хартија. 54
Список со типови хартија. 54
Ставање оригинали. 55
Ставање оригинали на Стакло на скенерот. 55
Опции на менито за Поставки. 56
Опции на менито за Одржување. 56
Опции на менито за Поставување на печатачот. 57
Опции на менито за сите Wi-Fi/ пост. за мрежа. 59

Содржина

Опции на менито за Услуги Epson Connect. 59
Опции на менито за Услуги за печатење со Google Cloud. 60
Опции на менито за Лист за стат. на печат. 60
Опции на менито за Бројач на отп. прим.. 61
Опции на менито за Врати стандардни поставки. 61
Опции на менито за Ажурир. фирмвер. . . 61
Штедење енергија. 62
Штедење енергија — контролна табла. . . 62

Печатење

Печатење од двигател за печатач на Windows. 63
Печатење на двигател на печатач. 63
Основни информации за печатење. 64
Двострано печатење. 65
Печатење неколку страници на еден лист. 66
Печатење и редење според редослед на страниците (Печатење во обратен редослед). 67
Печатење на намален или зголемен документ. 67
Печатење на една слика на повеќе листови за зголемување (Креирање на постер). 68
Печатење со заглавие и подножје. 74
Печатење на воден жиг. 75
Печатење на повеќе датотеки заедно. . . . 76
Печатење со користење на функцијата за универзално печатење во боја. 76
Прилагодување на бојата за печатење. . . 77
Печатење за потенцирање на тенки линии. 78
Печатење на јасни линиски кодови. 78
Откажување на печатењето. 79
Опции на менито за двигателот за печатач. 79
Печатење од двигател за печатач на Mac OS. 82
Основни информации за печатење. 82
Печатење неколку страници на еден лист. 84
Печатење и редење според редослед на страниците (Печатење во обратен редослед). 84
Печатење на намален или зголемен документ. 85
Прилагодување на бојата за печатење. . . 86
Откажување на печатењето. 86
Опции на менито за двигателот за печатач. 86
Оперативни поставувања за двигателот за печатачот за Mac OS. 88
Печатење од паметни уреди. 89
Користење Epson iPrint. 89
Користење Epson Print Enabler. 90
Користење на AirPrint. 91
Откажување на тековна задача. 92

Копирање

Копирање. 93
Копирање повеќе оригинали на еден лист. . 94
Опции на мени за копирање. 94

Скенирање

Скенирање преку контролната табла. 97
Скенирање на компјутер. 97
Скенирање со помош на WSD. 101
Скенирање од компјутер. 103
Скенирање со користење на Epson Scan 2. 103
Скенирање од паметни уреди. 106
Инсталирање на Epson iPrint. 106
Скенирање со користење на Epson iPrint 107

Дополнување мастило

Проверување на нивоата на мастилото. . . . 108
Проверување на нивоата на мастилото - Windows. 108
Проверување на нивоата на мастило — Mac OS. 108
Шифри на шишињата со мастило. 108
Претпазливости при ракување со шишињата со мастило. 109
Дополнување на резервоарите за мастило 111

Одржување на печатачот

Спречување сушење на главата за печатење. 115
Проверка и чистење на главата за печатење. 115

Содржина

Проверка и чистење на главата за печатење — Контролна табла. 115
Проверка и чистење на главата за печатење - Windows. 116
Проверка и чистење на главата за печатење — Mac OS. 117
Активирање на Интензивно чистење. 117
Активирање Интензивно чистење - Контролна табла. 118
Активирање на Интензивно чистење — Windows. 118
Активирање на Интензивно чистење — Mac OS. 119
Порамнување на главата за печатење. 119
Порамнување на главата за печатење — Контролна табла. 119
Чистење на патеката на движење на хартијата од дамки од мастило. 120
Чистење на Стакло на скенерот. 120
Проверка на вкупниот број страници внесени низ печатачот. 121
Проверка на вкупниот број страници внесени низ печатачот — Контролна табла. 121
Проверка на вкупниот број страници внесени низ печатачот - Windows. 121
Проверка на вкупниот број страници внесени низ печатачот — Mac OS. 122

Мрежна услуга и информации за софтвер

Апликација за конфигурирање на работата на печатачот (Web Config). 123
Работа со Web Config во интернет-прегледник. 123
Работа со Web Config на Windows. 124
Работа со Web Config на Mac OS. 124
Апликација за скенирање на документи и слики (Epson Scan 2). 124
Додавање на скенер на мрежа. 125
Апликација за конфигурирање на режими за скенирање од контролната табла (Epson Event Manager). 126
Апликација за печатење слики (Epson Photo+). 126
Апликација за печатење на интернет страници (E-Web Print). 127
Апликација за скенирање и префрлање на слики (Easy Photo Scan). 128
Алатки за ажурирање на софтвер (EPSON Software Updater). 128
Апликација за конфигурирање на повеќе уреди (EpsonNet Config). 129
Инсталирање на најнови апликации. 129
Ажурирање на фирмверот на печатачот со користење на контролниот панел. 131
Деинсталирање апликации. 131
Деинсталирање апликации — Windows. . 131
Деинсталирање на апликации — Mac OS. 132
Печатење со користење на мрежна услуга 133

Решавање проблеми

Проверување на состојбата на печатачот. . 134
Проверка на кодовите за грешка на LCD-екранот. 134
Проверка на состојбата на печатачот - Windows. 135
Проверување на состојбата на печатачот — Mac OS. 136
Проверување на состојбата на софтверот. .136
Отстранување заглавена хартија. 136
Отстранување заглавена хартија од Додавање хартија од задна страна. 137
Отстранување заглавена хартија од внатрешноста на печатачот. 137
Хартијата не се внесува правилно. 139
Заглавување на хартија. 139
Хартијата е поставена накосо. 139
Неколку листови хартија се внесуваат во исто време. 140
Појавување на грешка за снемување хартија. 140
Проблеми со напојувањето и контролната табла. 140
Печатачот не се вклучува. 140
Печатачот не се исклучува. 140
Напојувањето се исклучува автоматски. 140
ЛЦД-екранот се затемнува. 141
Не можам да печатам од компјутер. 141
Проверување на поврзувањето (USB). . . 141
Проверување на поврзувањето (мрежа). 141
Проверување на софтверот и податоците. 142
Проверете го статусот на печатачот од компјутерот (Windows). 144
Проверете го статусот на печатачот од компјутерот (Mac OS). 145

Содржина

Не може да правите мрежни поставки. 145
Не може да се поврзам на уреди и кога мрежните поставки не се проблем. .145
Проверување на SSID поврзана за печатачот. 147
Проверување на SSID за компјутерот. . . 148
Не можам да печатам од iPhone или iPad. . 149
Проблеми со отпечатеното. 149
Исписот е истуткан или недостасува бојата. 149
Појавување на пруги или неочекувани бои. 149
Појавување на пруги во боја на интервали од приближно 2.5 см. 150
Матни отпечатоци, вертикални пруги или непорамнетост. 150
Квалитетот на печатење е слаб. 151
Хартијата е замачкана или истуткана. . . 152
Отпечатените фотографии се лепливи. . 153
Слики или фотографии се печатат во неочекувани бои. 153
Не можам да печатам без маргини. 153
Рабовите на сликата се пресечени при печатење без рамки. 153
Позицијата, големината или маргините на исписот се неточни. 154
Неточни или погрешно отпечатени знаци. 154
Отпечатената слика е превртена. 154
Мозаични ефекти на исписите. 155
Се појавуваат нерамномерни бои, замачкувања, точки или прави линии на копираната слика. 155
На скенираната слика се појавуваат ефекти на контраст (мрежести ефекти). 155
Сликата од задната страна на оригиналот се појавува на копираната слика. 155
Проблемот со исписот не може да се избрише. 155
Други проблеми со печатењето. 156
Печатењето е премногу бавно. 156
Печатењето или копирањето драстично забавува при непрекинато печатење. 156
Не може да почне скенирање. 156
Не може да се стартува со скенирање кога се користи контролната табла. 157
Проблеми со скенирани слики. 158
Неизедначени бои, нечистотија, точки и слично се појавуваат кога скенирате од стаклото на скенерот. 158
Квалитетот на сликата е лош. 158
Се прикажува пресликување во задината на сликите. 158
Текстот е нејасен. 158
Се појавуваат моаре ефекти (сенки налик на пајажина). 159
Не може да ја скенирате правилната област на стаклото на скенерот. 159
Текстот не е правилно препознаен при зачувување како PDF што може да се пребарува. 160
Не може да се решат проблемите во скенираната слика. 160
Други проблеми со скенирање. 161
Скенирањето е премногу бавно. 161
Скенирањето забавува драстично при непрекинато скенирање. 161
Скенирањето ќе запре кога се скенира во PDF/мулти-TIFF. 161
Други проблеми. 162
Мал електричен шок при допир на печатачот. 162
Звуците додека работи се гласни. 162
Апликацијата е блокирана од заштитен ѕид (само за Windows). 162
Се прикажува порака за ресетирање на нивоата на мастилото. 162
Истурено мастило. 163

Додаток

Технички спецификации. 164
Спецификации на печатачот. 164
Спецификации на скенерот. 165
Спецификации на интерфејсот. 165
Листа на мрежни функции. 166
Спецификации за Wi-Fi. 166
Безбедносен протокол. 167
Поддржани услуги од други лица. 167
Димензии. 167
Спецификации за електриката. 168
Спецификации за животната средина. . . 168
Системски барања. 169
Регулаторни информации. 169
Стандарди и одобренија. 169
Ограничувања за копирање. 170
Превезување и складирање на печатачот. .171
Авторски права. 173
Трговски марки. 174
Каде да се обратите за помош. 175
Веб-локација за техничка поддршка. . . . 175

Содржина

Контактирање со поддршката на Epson. .175

За овој прирачник

Вовед во прирачниците

Следниве прирачници доаѓаат со вашиот печатач Epson.Покрај прирачниците, погледнете ги различните типови информации за помош што се достапни од самиот печатач или од апликациите.

❏ Почнете оттука (хартиен прирачник)

Содржи информации за поставување на печатачот, инсталирање на софтверот, користење на печатачот, решавање проблеми и сл.

❏ Упатство за корисникот (дигитален прирачник)

Овој прирачник.Се дадени сеопфатни информации и упатства за користење на печатачот, за мрежните поставки кога го користите печатачот на мрежа и за решавање на проблеми.

Може да ги добиете последните верзии на гореспоменатите прирачници на следниве начини.

❏ Хартиен прирачник

Посетете ја интернет страницата за поддршка на Epson за Европа на http://www.epson.eu/Support или интернет страницата за поддршка на Epson ширум светот на http://support.epson.net/.

❏ Дигитален прирачник

Вклучете EPSON Software Updater на вашиот компјутер.EPSON Software Updater проверува за достапни ажурирања на софтверските апликации на Epson и дигиталните прирачници и ви овозможува да ги преземете најновите.

Поврзани информации

➡ „Алатки за ажурирање на софтвер (EPSON Software Updater)“ на страница 128

Користење на прирачникот за пребарување на информации

Со PDF прирачникот може да ги пребарувате потребните информации со клучен збор или да скокнете директно на специфични делови со користење на обележувачи.Може и да ги печатите само страниците коишто ви се потребни.Во овој дел е објаснето како да го користите PDF прирачникот којшто сте го отвориле во Adobe Reader X на компјутерот.

Пребарување со клучен збор

Кликнете на **Уреди** > **Напредно пребарување**.Внесете го клучниот збор (текст) за информациите коишто сакате да ги најдете во прозорецот за пребарување и кликнете на

За овој прирачник

Пребарај.Резултатите се прикажуваат како листа.Кликнете на еден од прикажаните резултати за да скокнете на таа страница.



Скокање директно од обележувачи

Кликнете на наслов да скокнете на таа страница.Кликнете на + или > за да ги прегледате долунаведените наслови во тој дел.За да се вратите на претходната страница, избришете ги следниве постапки на тастатурата.

❏ Windows: Задржете **Alt** и притиснете на ←.

❏ Mac OS: Задржете на копчето за команда и притиснете на ←.



Печатење само на страниците коишто ви се потребни

Може да ги извадите и да ги отпечатите само страниците коишто ви се потребни.Кликнете на **Печати** во менито **Датотека** и одредете го бројот на страници коишто сакате да ги печатите во **Страници** во **Страници за печатење**.

❏ За да одредите серија на страници, внесете цртичка помеѓу почетната страница и последната страница.

Пример: 20–25

❏ За да ги одредите страниците коишто не се во серија, поделете го бројот на страници со запирки.

Пример: 5, 10, 15



За овој прирачник

Ознаки и симболи

> ***Внимание:***
> *Мора внимателно да ги следите упатствата за да не дојде до телесна повреда.*

> ***Важно:***
> *Мора да ги следите упатствата за да не дојде до оштетување на опремата.*

Белешка:
Дадени се дополнителни и референтни информации.

Поврзани информации

➡ Води кон поврзани делови.

Описи што се користат во прирачникот

- ❏ Кадрите на екранот од двигателот за печатачот и екраните за Epson Scan 2 (двигателот за скенерот) се од Windows 10 или macOS High Sierra. Содржината што е прикажана на екраните се разликува во зависност од моделот и ситуацијата.
- ❏ Илустрациите користени во овој прирачник се само примери. Иако може да има мали разлики, зависно од моделот, начинот на ракување е ист.
- ❏ Некои од ставките на менито на LCD-екранот се разликуваат, зависно од моделот и поставките.
- ❏ QR-кодот може да го прочитате со помош на наменска апликација.

Референци за оперативни системи

Windows

Во овој прирачник, термините „Windows 10“, „Windows 8.1“, „Windows 8“, „Windows 7“, „Windows Vista“, „Windows XP“, „Windows Server 2016“, „Windows Server 2012 R2“, „Windows Server 2012“, „Windows Server 2008 R2“, „Windows Server 2008“, „Windows Server 2003 R2“, и „Windows Server 2003“ се однесуваат на следните оперативни системи. Освен тоа, „Windows“ се користи како референца за сите верзии.

- ❏ Microsoft® Windows® 10 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows® 8.1 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows® 8 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows® 7 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Vista® оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows® XP оперативен систем

За овој прирачник

- ❏ Microsoft® Windows® XP Professional x64 Edition оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2016 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2012 R2 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2012 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2008 R2 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2008 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2003 R2 оперативен систем
- ❏ Microsoft® Windows Server® 2003 оперативен систем

Mac OS

Во овој прирачник, „Mac OS" се однесува на macOS High Sierra, macOS Sierra, OS X El Capitan, OS X Yosemite, OS X Mavericks, OS X Mountain Lion, Mac OS X v10.7.x и Mac OS X v10.6.8.

Важни упатства

Безбедносни упатства

Прочитајте ги и следете ги овие упатства за безбедно користење на печатачот. Чувајте го прирачников за проверки во иднина. Внимавајте и да ги следите сите предупредувања и упатства означени на печатачот.

- ❏ Некои од симболите што се користат на вашиот печатач служат за осигурување безбедност и правилно користење на печатачот. Посетете ја следната веб-страница за да го научите значењето на симболите.

  http://support.epson.net/symbols

- ❏ Користете го само струјниот кабел доставен заедно со печатачот и не користете го кабелот со друга опрема. Користењето други кабли со овој печатач или користењето на доставениот струен кабел со друга опрема може да доведе до пожар или струен удар.
- ❏ Проверете дали вашиот кабел за наизменична струја ги исполнува соодветните локални стандарди за безбедност.
- ❏ Никогаш сами не расклопувајте го, не менувајте го или не обидувајте се да ги поправите кабелот, приклучокот, печатачот или другите опции, освен како што е конкретно објаснето во упатствата за печатачот.
- ❏ Исклучете го печатачот од струја и побарајте помош од стручни лица за сервисирање во следниве ситуации:

  Кабелот за струја или приклучокот е оштетен, во печатачот влегла течност; печатачот паднал или куќиштето е оштетено, печатачот не работи нормално или покажува значителна промена во работата. Не приспособувајте контроли што не се опфатени со упатствата за ракување.
- ❏ Ставете го печатачот блиску до sидниот штекер од кој може лесно да се исклучи.
- ❏ Не поставувајте го и не складирајте го печатачот надвор, во близина на прекумерна нечистотија или прашина, извори на топлина, или на места што се подложни на електрични удари, вибрации, висока температура или влажност.
- ❏ Внимавајте да не истурите течност на печатачот и не ракувајте со печатачот со влажни раце.
- ❏ Чувајте го печатачот на растојание од најмалку 22 cm од електростимулатори на срцето. Радиобрановите од овој печатач можат негативно да се одразат врз работата на електростимулаторите на срцето.
- ❏ Контактирајте со вашиот добавувач ако се оштети ЛЦД-екранот. Ако ги натопените рацете со растворот од течен кристал, темелно исплакнете ги со сапун и вода. Ако растворот од течен кристал ви влезе во очите, веднаш исплакнете ги со вода. Ако по темелното плакнење имате непријатно чувство или проблеми со видот, веднаш одете на лекар.

Безбедносни упатства за мастило

- ❏ Внимавајте да не допирате мастило кога ракувате со резервоарите за мастило, капачињата на резервоарите и отворени шишиња со мастило или капачиња на шишињата.
  - ❏ Доколку ви капне мастило на кожата, измијте ја кожата темелно со сапун и вода.
  - ❏ Доколку ви влезе мастило во очите, веднаш исплакнете ги со вода. Доколку чувството на неугодност или проблемите со видот продолжат и по плакнењето, веднаш јавете се на лекар.
  - ❏ Ако ви влезе мастило во устата, веднаш одете на лекар.
- ❏ Не протресувајте го шишето со мастило премногу силно и не нанесувајте прекумерна сила затоа што може да дојде до истекување на мастилото.
- ❏ Чувајте ги шишињата со мастило и резервоарите со мастило вон дофат на деца.Не дозволувајте деца да пијат од шишињата за мастило и капачињата на шишињата, ниту да ракуваат со нив.

Совети и предупредувања за печатачот

Прочитајте ги и следете ги овие упатства за да избегнете оштетување на печатачот или имотот. Чувајте го прирачникот за подоцнежна употреба.

Совети и предупредувања за поставување на печатачот

- ❏ Немојте да ги блокирате или покривате вентилите и отворите на печатачот.
- ❏ Користете го единствено изворот за напојување означен на лепенката на печатачот.
- ❏ Избегнувајте употреба на истото струјно коло од апаратите за фотокопирање или системите за воздушна регулација кои редовно се вклучуваат и исклучуваат.
- ❏ Избегнувајте електрични приклучоци контролирани од прекинувачи или автоматски релеи.
- ❏ Целиот компјутерски систем треба да биде подалеку од можни извори на електромагнетно влијание, како што се звучници или бази на безжични телефони.
- ❏ Каблите за довод на електрична енергија треба да бидат така поставени за да се избегне нагризување, отсекување, загревање, набирање и извиткување. Не ставајте предмети врз каблите за довод на електрична енергија и не дозволувајте каблите да бидат приклештени или да се гази по нив. Посебно внимавајте сите кабли за довод на електрична енергија да се прави на краевите и местата каде што влегуваат и излегуваат од трансформаторот.
- ❏ Ако со печатачот користите продолжен кабел, внимавајте вкупната јачина на струја на апаратите изразена во ампери кои се вклучени во продолжниот кабел да не ја надминува јачината на струја за кабелот изразена во ампери. Исто така, внимавајте вкупната јачина на струјата на сите апарати вклучени во sидниот приклучок да не го надминува капацитетот на јачината на струјата на sидниот приклучок.
- ❏ Ако планирате да го користите печатачот во Германија, инсталацијата во зградата мора да е заштитена со 10-амперски или 16-амперски осигурувач за да се обезбеди заштита од краток спој и заштита од поголем напон.
- ❏ Кога го поврзувате печатачот на компјутер или друг уред со кабел, внимавајте на точната поставеност на приклучоците. Секој приклучок има само една правилна насока. Ставање приклучок во погрешна насока може да ги оштети и двата уреда поврзани со кабелот.

Важни упатства

- ❏ Ставете го печатачот на рамна, стабилна површина што е поширока од основата на печатачот во сите насоки. Печатачот нема да работи правилно ако не е поставен во хоризонтална положба.
- ❏ Оставете простор над печатачот за да можете целосно да го подигнете капакот за документи.
- ❏ Оставете доволно простор од предната страна на печатачот, за да излезе целосно хартијата.
- ❏ Избегнувајте места подложни на нагли промени на температурата и влажноста. Исто така, чувајте го печатачот подалеку од директна сончева светлина, извори на силна светлина или топлина.

Совети и предупредувања за користење на печатачот

- ❏ Не ставајте предмети во отворите на печатачот.
- ❏ Не ставајте ја раката во печатачот при печатење.
- ❏ Не допирајте ги белиот плоснат кабел и цевките за мастило што се наоѓаат во печатачот.
- ❏ Не користете спрејови што содржат запаливи гасови во или околу печатачот. Така може да предизвикате пожар.
- ❏ Не движете ја главата за печатење со рака, инаку може да го оштетите печатачот.
- ❏ Внимавајте капакот за документи да не ви ги фати прстите кога го затворате.
- ❏ Не притискајте премногу силно на стакло на скенерот при поставување на изворните документи.
- ❏ Ако некој од резервоарите за мастило не е дополнет до долната линија, дополнете мастило наскоро.Продолженото користење на печатачот кога нивото на мастилото е под долната линија може да го оштети печатачот.
- ❏ Секогаш исклучувајте го печатачот со користење на копчето ⏻. Не вадете ги каблите од печатачот и не исклучувајте ја струјата од приклучокот сè додека светлото ⏻ не престане да трепка.
- ❏ Ако не планирате да го користите печатачот подолго време, исклучете го кабелот од електричниот приклучок.

Совети и предупредувања за транспорт или складирање на печатачот

- ❏ При складирање или пренесување на печатачот, не навалувајте го, не ставајте го вертикално или не превртувајте го; инаку може да протече мастило.
- ❏ Пред да го превезувате печатачот, внимавајте дали главата за печатење се наоѓа во својата почетна положба (крајно десно).

Совети и предупредувања за користење на печатачот со безжично поврзување

- ❏ Радио бранови од печатачот може да влијаат негативно на работата на медицинска електронска опрема ида предизвикаат нивна неисправна работа.Кога го користите печатачот во медицински објекти или блиску до медицинска опрема, следете ги упатствата на овластените лица што ги претставуваат медицинските објекти и почитувајте ги сите упатства и насоки на медицинската опрема.
- ❏ Радио бранови од печатачот може да влијаат негативно на работата на автоматски контролирани уреди како автоматски врати или противпожарни аларми и може да доведат до несреќа поради неисправност.Кога го користите печатачот близу автоматски контролирани уреди, почитувајте ги сите упатства и насоки на тие уреди.

Совети и предупредувања за користење на ЛЦД-екранот

- ❏ ЛЦД-екранот може да има неколку мали светли или темни точки и поради своите карактеристики може да има нерамномерна сјајност. Ова е вообичаено и не значи дека е оштетен на некаков начин.
- ❏ Користете само сува и мека крпа за чистење. Не употребувајте течни или хемиски средства за чистење.
- ❏ Надворешниот капак на LCD-екранот може да се скрши ако се удри силно. Контактирајте со продавачот ако површината на екранот се лупи или напукнува и не допирајте ги и не обидувајте се да ги отстраните скршените делови.

Заштита на личните информации

Кога ќе го дадете печатачот некому или го фрлате, избришете ги сите лични информации во меморијата на печатачот избирајќи **Поставки** > **Обнови стандардни поставки** > **Избриши ги сите податоци и поставки** на контролната табла.

Основни информации за печатачот

Имиња и функции на деловите



1	Заден внесувач на хартија	Става хартија.
2	Потпора за хартија	Ја држи ставената хартија.
3	Граничник	Ја внесуваат хартијата директно во печатачот. Поместете ги до рабовите на хартијата.
4	Заштитник на внесувачот	Спречува надворешни супстанци да навлезат во печатачот. Овој капак обично треба да биде затворен.
5	Излезна фиока	Ја држи исфрлената хартија.
6	Сопирач	Поставете го стоперот во положба којашто спречува испаѓање на отпечатениот материјал од излезната фиока.



1	Капак за документи	Ја блокира надворешната светлина кога се скенира.

Основни информации за печатачот

❷	Стакло на скенерот	Поставете ги оригиналите.
❸	Контролна табла	Го означува статусот на печатачот и може да ги направите поставките за печатење.



❶	Внатрешен капак	Се отвора кога се вади заглавена хартија од печатачот.
❷	Уред со резервоари за мастило	Ги содржи резервоарите за мастило.
❸	Резервоар за мастило	Носи мастило до главата за печатење.
❹	Капак за резервоар за мастило	Отворете за да го дополните резервоарот за мастило.
❺	Глава за печатење	Мастилото се исфрла од долните прскалки на главата за печатење.



❶	Влез за наизменична струја	Го поврзува кабелот за напојување.
❷	USB-порта	Поврзува USB-кабел за поврзување со компјутер.

Поврзани информации

➡ „Контролна табла“ на страница 17

Контролна табла



❶	Го вклучува или исклучува печатачот. Извадете го кабелот за напојување откако ќе се уверите дека светлото за напојување е изгаснато.
❷	Се прикажува почетниот екран.
❸	Прикажува менија и пораки. Користете ги копињата на контролната табла за да го изберете менито или за да направите поставки.
❹	Се прикажуваат решенијата кога имате проблем.
❺	Користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶ за да изберете мени, а потоа притиснете го копчето OK за да го отворите избраното мени.
❻	Ја сопира тековната операција.
❼	Започнува задача, на пр. печатење или копирање.
❽	Се применува на различни функции во зависност од ситуацијата.
❾	Враќање на претходниот екран.

Водич за LCD-екранот

На LCD-екранот се прикажуваат менија и пораки. Изберете мени или поставка притискајќи ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶.

Водич за почетниот екран

На почетниот екран се прикажуваат следниве икони и менија.



❶	Прикажани се иконите коишто го покажуваат статусот на мрежа.	
		Покажува дека бежичната (Wi-Fi) мрежа е деактивирана или дека печатачот процесира бежична мрежна врска.
		Покажува проблем со безжичната (Wi-Fi) мрежна врска на печатачот или дека печатачот бара бежична (Wi-Fi) мрежна врска.
		Покажува дека печатачот е поврзан на безжична (Wi-Fi) мрежа. Бројот на ленти ја покажува јачината на сигналот на врската. Колку повеќе ленти има, толку е посилна врската.
		Покажува дека Wi-Fi Direct (Simple AP) е активирано.
		Покажува дека Wi-Fi Direct (Simple AP) е деактивирано.
❷	Кога се прикажани ◀ и ▶, може да листата надесно или налево со притискање на копчето ◀ или копчето ▶.	

❸	Иконите за фукнции се прикажани како икони на менија.	
	Копирај	Влегувате во менито **Копирај** со коешто може да копирате документ.
	Скенирај	Влегувате во менито **Скенирај** со коешто може да скенирате документ или фотографија.
	Тивок режим	Се прикажува поставката за **Тивок режим** со којашто може да ја намалите бучавата којашто ја прави печатачот. Меѓутоа, ако го овозможите ова, може да се намали брзината на печатење. Во зависност од типот на хартија и избраните поставки за квалитет на печатење, можно е да нема разлика во нивото на бучава на печатачот. Ова е кратенка за следново мени. **Поставки** > **Постав. на печатачот** > **Тивок режим**
	Поставки	Го прикажува менито **Поставки** во коешто може да одредувате поставки за одржување, поставки за печатачот и мрежни поставки.
	Одржување	Ги прикажува менијата препорачани за подобрување на квалитетот на отпечатениот материјал, на пр. одзатнување на прскалките со печатење шаблон за проверка на прскалките и чистење на главата за печатење, како и отстранување на заматувањето и пругите во отпечатениот материјал со порамнување на главата за печатење. Ова е кратенка за следново мени. **Поставки** > **Одржување**
	Поставување Wi-Fi	Ги прикажува менијата со коишто може да го нагодите печатачот за употреба на бежична мрежа. Ова е кратенка за следново мени. **Поставки** > **сите Wi-Fi/ пост. за мрежа** > **Поставување Wi-Fi**
❹	Прикажани се достапните копчиња. Во овој пример, може да продолжите до избраното мени со притискање на копчето OK.	

Внесување знаци

За да внесете знаци и симболи за мрежни поставки од контролниот панел, користете ги копчињата ▲, ▼, ◀ и ▶.Притиснете на копчето ▲ или копчето ▼ за да изберете знак којшто сакате да го внесете и притиснете на копчето ▶ за да го поместите покажувачот на следната позиција за внесување.Кога ќе завршите со внесување на знаци, притиснете на копчето OK.

Екранот што се прикажува може да се разликува во зависност од ставките на поставката.Следниов е екранот за внесување на лозинка за вашата Wi-Fi мрежа.



Основни информации за печатачот

Икони	Описи
	Го менува видот на знакот. ABC: Големи букви abc: Мали букви 123: Броеви и симболи
▲▼	Се избира знак за внесување.
▶	Се поместува покажувачот надесно.
◀	Брише знак налево (бришење наназад).
OK	Внесете ги избраните знаци.
⮌	Враќање на претходниот екран.

Мрежни поставки

Типови на мрежна конекција

Може да ги користите следниве начини на поврзување.

Wi-Fi-врска

Поврзете ги печатачот и компјутерот или паметниот уред со безжичниот пренасочувач. Ова е типичниот метод на поврзување за домашни или канцелариски мрежи каде што компјутерите се поврзуваат со Wi-Fi преку безжичниот пренасочувач.



Поврзани информации

➡ „Поврзување на компјутер“ на страница 22

➡ „Поврзување со паметен уред преку безжичен насочувач“ на страница 23

➡ „Правење на поставки за Wi-Fi од печатачот“ на страница 33

Wi-Fi Direct (Едноставен AP) конекција

Користете го овој метод на конекција кога не го користите Wi-Fi во домашни услови или во канцеларија или кога сакате директно да го поврзете печатачот и компјутерот или паметниот уред. Во овој режим, печатачот има улога на безжичен пренасочувач и може да ги поврзете уредите со печатачот без да треба да користите стандарден безжичен пренасочувач. Меѓутоа,

уредите директно поврзани со печатачот не може да воспостават заемна комуникација преку печатачот.



Печатачот може да биде истовремено поврзан преку Wi-Fi и Wi-Fi Direct (Едноставен AP) врска. Меѓутоа, ако започнете мрежна врска во Wi-Fi Direct (Едноставен AP) врска кога печатачот е поврзан со Wi-Fi, Wi-Fi е привремено исклучен.

Поврзани информации

➡ „Поврзување со iPhone, iPad или iPod touch со помош на Wi-Fi Direct“ на страница 24

➡ „Поврзување со уреди со Android со помош на Wi-Fi Direct“ на страница 27

➡ „Поврзување со уреди без iOS и Android со помош на Wi-Fi Direct“ на страница 29

Поврзување на компјутер

Препорачуваме да ја користите датотеката за инсталација за да го поврзете печатачот на компјутерот. Може да ја активирате датотеката за инсталација со користење на еден од следниве методи.

❏ Поставување од интернет страница

Посетете ја следната интернет страница и внесете го името на производот. Одете во **Поставување** и започнете со поставување.

http://epson.sn

❏ Поставување со користење на дискот со софтвер (само за моделите коишто доаѓаат со диск со софтвер и за корисници со компјутери со Windows со погони за диск.)

Внесете го дискот со софтвер во компјутерот и следете ги упатствата на екранот.

Избирање на начини на поврзување

Следете ги упатствата на екранот додека не се прикаже следниов екран, а потоа изберете го начинот на поврзување на печатачот со компјутерот.

Изберете го типот на поврзување и кликнете на **Следно**.



Следете ги упатствата на екранот.

Поврзување на паметен уред

Поврзување со паметен уред преку безжичен насочувач

Може да го користите печатачот од паметен уред кога ќе го поврзете печатачот на истата Wi-Fi мрежа (SSID) на којашто е поврзан и паметниот уред. За да го користите печатачот од паметен уред, поставете го од следнава веб-локација. Пристапете до веб-локацијата од паметниот уред што сакате да го поврзете со печатачот.

http://epson.sn > **Поставување**

Белешка:
Ако сакате да поврзете компјутер и паметен уред со печатачот во исто време, препорачуваме најпрво да извршите поставување од компјутерот, користејќи ја програмата за инсталирање.

Поврзани информации

➡ „Печатење од паметни уреди“ на страница 89

Поврзување со iPhone, iPad или iPod touch со помош на Wi-Fi Direct

Овој метод ви овозможува да го поврзете печатачот директно со iPhone, iPad или iPod touch без безжичен рутер. За да се поврзете користејќи го овој метод, потребно е да бидат исполнети следниве услови. Ако вашата околина не се совпаѓа со овие услови, може да се поврзете со избирање **Други OS уреди**. Видете „Поврзани информации" подолу за детали околу поврзувањето.

❏ iOS 11 или понова верзија

❏ За скенирање на QR-кодот се користи стандардната апликација камера

❏ Epson iPrint верзија 7.0 или понова

Epson iPrint се користи за печатење од паметен уред. Инсталирајте ја Epson iPrint на паметниот уред однапред.

Белешка:
Потребно е само еднаш да ги одредите овие поставки за печатачот и за паметниот уред што сакате да го поврзете. Нема да треба повторно да ги одредувате овие поставки, освен ако оневозможите Wi-Fi Direct или ако ги вратите мрежните поставки на стандардните.

1. Изберете **Поставување Wi-Fi** на почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.



2. Изберете **Wi-Fi Direct**.

3. Проверете ја пораката, а потоа притиснете го копчето OK за да продолжите.

4. Проверете ја пораката, а потоа притиснете го копчето OK за да продолжите.

5. Изберете **iOS**.



6. Проверете ја пораката, а потоа притиснете го копчето OK за да продолжите.

   QR-кодот се прикажува на контролната табла на печатачот.

7. Вклучете ја стандардната апликација камера на iPhone, iPad или iPod touch, а потоа скенирајте го QR-кодот прикажан на контролната табла на печатачот во режим ФОТО.



   Користете ја апликацијата камера за iOS 11 или понова верзија. Не може да го поврзете печатачот користејќи ја апликацијата камера за iOS 10 или постара верзија. Исто така, не може да се поврзете користејќи апликација за скенирање QR-кодови. Ако не може да се поврзете, притиснете го копчето ◀. Видете „Поврзани информации“ подолу за детали околу поврзувањето.

8. Допрете го известувањето прикажано на екранот на iPhone, iPad или iPod touch.



9. Допрете **Придружи се**.



10. Притиснете го копчето OK на контролната табла на печатачот.
11. На iPhone, iPad или iPod touch, вклучете ја апликацијата за печатење Epson.

    Примери за апликации за печатење Epson

EPSON Epson iPrint

EPSON Epson Creative Print

12. На екранот на Epson iPrint, допрете **Printer is not selected.**
13. Изберете го печатачот со којшто сакате да се поврзете.

За да го изберете печатачот, погледнете ги информациите прикажани на контролната табла на печатачот.

14. Притиснете го копчето OK на контролната табла на печатачот.

За паметни уреди што биле претходно поврзани со печатачот, изберете го името на мрежата (SSID) на Wi-Fi екранот на паметниот уред за да ги поврзете повторно.

Поврзани информации

➡ „Поврзување со уреди без iOS и Android со помош на Wi-Fi Direct“ на страница 29

➡ „Печатење од паметни уреди“ на страница 89

Поврзување со уреди со Android со помош на Wi-Fi Direct

Овој метод ви овозможува да го поврзете печатачот директно со уредот со Android без безжичен насочувач. За да ја користите функцијава, потребно е да бидат исполнети следниве услови.

❏ Android 4.4 или понова верзија

❏ Epson iPrint 7.0 или понова верзија

Epson iPrint се користи за печатење од паметен уред. Инсталирајте ја Epson iPrint на паметниот уред однапред.

Белешка:
Потребно е само еднаш да ги одредите овие поставки за печатачот и за паметниот уред што сакате да го поврзете. Нема да треба повторно да ги одредувате овие поставки, освен ако оневозможите Wi-Fi Direct или ако ги вратите мрежните поставки на стандардните.

1. Изберете **Поставување Wi-Fi** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲▼◀▶, а потоа притиснете го копчето OK.



2. Изберете **Wi-Fi Direct**.
3. Проверете ја пораката, а потоа притиснете го копчето OK за да продолжите.
4. Проверете ја пораката, а потоа притиснете го копчето OK за да продолжите.
5. Изберете **Android**.

6. На паметниот уред, стартувајте Epson iPrint.

7. На екранот на Epson iPrint, допрете **Printer is not selected.**
8. Изберете го печатачот со којшто сакате да се поврзете.



За да го изберете печатачот, погледнете ги информациите прикажани на контролната табла на печатачот.

Белешка:
*Во зависност од уредот со Android, печатачите може да не се прикажуваат. Ако печатачите не се прикажуваат, поврзете се со избирање **Други OS уреди**. За да се поврзете, видете „Поврзани информации" подолу.*

9. Кога ќе се прикаже екранот за одобрување на поврзувањето на уредот, изберете **Одобри**.

10. Притиснете го копчето OK на контролната табла на печатачот.

За паметни уреди што биле претходно поврзани со печатачот, изберете го името на мрежата (SSID) на Wi-Fi екранот на паметниот уред за да ги поврзете повторно.

Поврзани информации

➡ „Поврзување со уреди без iOS и Android со помош на Wi-Fi Direct" на страница 29

➡ „Печатење од паметни уреди" на страница 89

Поврзување со уреди без iOS и Android со помош на Wi-Fi Direct

Овој метод ви овозможува да го поврзувате печатачот директно со паметни уреди, без безжичен рутер.

Белешка:
Потребно е само еднаш да ги одредите овие поставки за печатачот и за паметниот уред што сакате да го поврзете. Нема да треба повторно да ги одредувате овие поставки, освен ако оневозможите Wi-Fi Direct или ако ги вратите мрежните поставки на стандардните.

Мрежни поставки

1. Изберете **Поставување Wi-Fi** на почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.



2. Изберете **Wi-Fi Direct**.
3. Проверете ја пораката, а потоа притиснете го копчето OK за да продолжите.
4. Проверете ја пораката, а потоа притиснете го копчето OK за да продолжите.
5. Изберете **Други OS уреди**.



   Се прикажуваат Име на мрежа и Лозинка за Wi-Fi Direct за печатачот.

6. На екранот за Wi-Fi на паметниот уред, изберете SSID прикажана на контролната табла на печатачот, а потоа внесете ја лозинката.

   Сликата од екранот е пример од iPhone.

7. Притиснете го копчето OK на контролната табла на печатачот.

8. На паметниот уред, вклучете ја апликацијата за печатење Epson.

   Примери за апликации за печатење Epson

Epson iPrint

Epson Creative Print

9. На екранот на Epson iPrint, допрете **Printer is not selected.**

10. Изберете го печатачот со којшто сакате да се поврзете.



   За да го изберете печатачот, погледнете ги информациите прикажани на контролната табла на печатачот.

11. Притиснете го копчето OK на контролната табла на печатачот.

За паметни уреди што биле претходно поврзани со печатачот, изберете го името на мрежата (SSID) на Wi-Fi екранот на паметниот уред за да ги поврзете повторно.

Поврзани информации

➡ „Печатење од паметни уреди“ на страница 89

Правење на поставки за Wi-Fi од печатачот

Може да направите мрежни поставки од контролната табла на печатачот на неколку начини. Изберете го начинот на поврзување којшто одговара на околината и условите коишто ги користите.

Ако ги знаете информациите за безжичниот пренасочувач, како на пример SSID и лозинката, може рачно да ги одредите поставките.

Ако безжичниот пренасочувач поддржува WPS, може да ги одредите поставките со користење на поставувањето на копчето за притискање.

Откако ќе го поврзете печатачот на мрежата, поврзете го печатачот од уредот којшто сакате да го користите (компјутер, паметен уред, таблет итн.).

Поврзани информации

➡ „Одредување поставки за Wi-Fi со внесување SSID и лозинка“ на страница 33

➡ „Одредување поставки за Wi-Fi со поставување копче за притискање“ на страница 34

➡ „Одредување поставки за Wi-Fi со поставување PIN-код (WPS)“ на страница 35

Одредување поставки за Wi-Fi со внесување SSID и лозинка

Може да поставите Wi-Fi мрежа со внесување на информациите потребни за поврзување со безжичен насочувач од контролната табла на печатачот. За да извршите поставување со овој метод, ќе ви требаат SSID и лозинка за безжичен насочувач.

Белешка:
Ако користите безжичен насочувач со неговите стандардни поставки, SSID и лозинката се запишани на етикетата. Ако не ги знаете SSID и лозинката, контактирајте со лицето што го поставило безжичниот насочувач или проверете ја документацијата приложена со безжичниот насочувач.



1. Изберете **Поставување Wi-Fi** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

2. Изберете **Wi-Fi (Препорачано)**.

3. Притиснете го копчето OK за да продолжите.

4. Изберете **Волшебник за пост. на Wi-Fi врска**.

5. Изберете SSID за безжичниот насочувач од контролната табла на печатачот, а потоа притиснете го копчето OK.

   Белешка:
   - ❏ *Ако SSID со којашто сакате да се поврзете не е прикажана на контролната табла на печатачот, притиснете го копчето за да го ажурирате списокот. Ако и понатаму не е прикажана, изберете **Други SSID** и директно внесете ја SSID.*
   - ❏ *Ако не ја знаете SSID, проверете дали е запишана на етикетата на безжичниот насочувач. Ако го користите безжичниот насочувач со неговите стандардни поставки, користете ја SSID запишана на етикетата.*

6. Внесете ја лозинката.

   Изберете дали да се отпечати извештај за мрежната врска откако ќе ги одредите поставките.

   Белешка:
   - ❏ *Лозинката разликува големи и мали букви.*
   - ❏ *Ако не го знаете името на мрежата (SSID), проверете дали се запишани информации на етикетата на безжичниот насочувач. Ако го користите безжичниот насочувач со неговите стандардни поставки, користете ја SSID на етикетата. Ако не можете да најдете информации, погледнете ја документацијата испорачана со безжичниот насочувач.*

7. Кога ќе завршите со поставувањето, притиснете го копчето .

   Белешка:
   Ако не успеете да се поврзете, внесете хартија и притиснете го копчето за да отпечатите извештај за мрежната врска.

Поврзани информации

➡ „Внесување знаци“ на страница 19

➡ „Проверување на статусот на конекција на мрежа“ на страница 36

➡ „Не може да правите мрежни поставки“ на страница 145

Одредување поставки за Wi-Fi со поставување копче за притискање

Може автоматски да поставите Wi-Fi мрежа со притискање на копчето на безжичниот насочувач. Ако следниве услови се исполнети, може да ја поставите со користење на овој метод.

❏ Безжичниот рутер е компатибилен со WPS (Заштитено поставување Wi-Fi).

❏ Тековната Wi-Fi врска е воспоставена со притискање копче на безжичниот насочувач.

1. Изберете **Поставување Wi-Fi** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

2. Изберете **Wi-Fi (Препорачано)**.

3. Притиснете го копчето OK за да продолжите.

4. Изберете **Поставување на прит. копче (WPS)**.

5. Држете го притиснато копчето [WPS] на безжичниот насочувач додека да затрепка безбедносното светло.



   Ако не знаете каде се наоѓа копчето [WPS], или нема копчиња на безжичниот насочувач, за повеќе информации погледнете во документацијата испорачана со безжичниот насочувач.

6. Притиснете го копчето OK на контролната табла на печатачот. Потоа, следете ги инструкциите на екранот.

   Белешка:
   Ако поврзувањето не успева, рестартирајте го безжичниот насочувач, поместете го поблизу до печатачот и обидете се повторно. Ако проблемот не се решава, отпечатете извештај за мрежната врска и проверете го решението.

Поврзани информации

➡ „Проверување на статусот на конекција на мрежа“ на страница 36

➡ „Не може да правите мрежни поставки“ на страница 145

Одредување поставки за Wi-Fi со поставување PIN-код (WPS)

Може автоматски да се поврзете со безжичен насочувач со помош на PIN-код. Може да го користите овој метод за поставување ако безжичниот рутер поддржува WPS (Заштитено поставување Wi-Fi). Користете компјутер за да внесете PIN-код во безжичниот насочувач.

1. Изберете **Поставување Wi-Fi** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

2. Изберете **Wi-Fi (Препорачано)**.

3. Притиснете го копчето OK за да продолжите.

4. Изберете **Други**.

5. Изберете **PIN-код (WPS)**.

6. Користете го компјутерот за да го внесете PIN-кодот (осумцифрениот број) прикажан на контролната табла на печатачот, во безжичниот насочувач во рок од две минути.

   Белешка:
   Погледнете ја документацијата испорачана со безжичниот насочувач за детали за внесување PIN-код.

7. Притиснете го копчето OK на печатачот.

   Поставувањето е завршено кога ќе се прикаже пораката за завршување на поставувањето.

   Белешка:
   Ако поврзувањето не успева, рестартирајте го безжичниот насочувач, поместете го поблизу до печатачот и обидете се повторно. Ако и понатаму не се поврзува, отпечатете извештај за врска и проверете го решението.

Поврзани информации

➡ „Проверување на статусот на конекција на мрежа“ на страница 36

➡ „Не може да правите мрежни поставки“ на страница 145

Проверување на статусот на конекција на мрежа

Може да го проверите статусот на мрежната конекција на следниов начин.

Икона за мрежа

Може да го проверите статусот на мрежна конекција и јачината на радиобранот со користење на икона за мрежа на почетниот екран на печатачот.

Поврзани информации

➡ „Водич за LCD-екранот“ на страница 17

Печатење извештај за мрежна врска

Може да отпечатите извештај за мрежна врска за да го проверите статусот меѓу печатачот и безжичниот насочувач.

1. Ставете хартија.

2. Изберете **Поставки** на почетниот екран, па притиснете го копчето OK.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

3. Изберете **Мрежни поставки** > **Проверка на врската**.

   Започнува проверката на конекција.

4. Притиснете на копчето ⓘ за да го отпечатите извештајот за мрежна конекција.

   Ако настанала грешка, проверете го извештајот за мрежна конекција и следете ги отпечатените решенија.

Поврзани информации

➡ „Пораки и решенија на извештајот за мрежна конекција“ на страница 37

Пораки и решенија на извештајот за мрежна конекција

Проверете ги пораките и кодовите за грешка на извештајот за мрежна конекција и следете ги решенијата.



a. Код за грешка

b. Пораки на мрежна околина

Мрежни поставки

Поврзани информации

➡ „E-1“ на страница 38
➡ „E-2, E-3, E-7“ на страница 38
➡ „E-5“ на страница 39
➡ „E-6“ на страница 39
➡ „E-8“ на страница 40
➡ „E-9“ на страница 40
➡ „E-10“ на страница 40
➡ „E-11“ на страница 41
➡ „E-12“ на страница 41
➡ „E-13“ на страница 42
➡ „Порака на мрежна околина“ на страница 42

E-1

Решенија:

❏ Проверете дали кабелот за Етернет е безбедно поврзан со вашиот печатач и со вашето средиште или со друг мрежен уред.

❏ Проверете дали вашето средиште или друг мрежен уред е вклучен.

❏ Ако сакате да го поврзете печатачот преку Wi-Fi, повторно направете ги поставките за Wi-Fi за печатачот бидејќи се исклучени.

E-2, E-3, E-7

Решенија:

❏ Проверете дали вашиот безжичен насочувач е вклучен.

❏ Потврдете дека вашиот компјутер или уред е правилно поврзан со безжичниот насочувач.

❏ Исклучете го безжичниот насочувач. Почекајте околу 10 секунди, па потоа вклучете го.

❏ Поставете го печатачот поблиску до вашиот безжичен насочувач и отстранете ги сите пречки помеѓу нив.

❏ Ако рачно сте ја внеле SSID, проверете дали е точна. Проверете ја SSID од делот **Network Status** на извештајот за мрежна врска.

❏ Ако безжичниот насочувач има повеќе SSID, изберете ја SSID што се прикажува. Кога SSID користи несоодветна фреквенција, печатачот не ја прикажува.

❏ Ако користите поставување со копче за притискање за да воспоставите мрежна врска, проверете дали вашиот безжичен насочувач поддржува WPS. Не може да користите поставување со копче за притискање ако вашиот безжичен насочувач не поддржува WPS.

❏ Проверете дали вашата SSID користи само ASCII знаци (алфанумерички знаци и симболи). Печатачот не може да прикаже SSID што содржи знаци поинакви од ASCII знаци.

❏ Проверете дали ги знаете вашата SSID и лозинката пред да се поврзете на безжичниот насочувач. Ако употребувате безжичен насочувач со неговите стандардни параметри, SSID и лозинката се наоѓаат на етикетата на безжичниот насочувач. Ако не ги знаете вашата SSID и лозинката, контактирајте го лицето што го поставило безжичниот насочувач или погледнете ја документацијата доставена со безжичниот насочувач.

❏ Ако се поврзувате со SSID создадена од тетеринг на паметен уред, проверете ги SSID и лозинката во документацијата доставена со паметниот уред.

❏ Ако вашата Wi-Fi врска ненадејно се исклучи, проверете ги условите подолу. Ако некои од овие услови се применливи, ресетирајте ги вашите мрежни поставки со преземање и извршување на софтверот од следната веб-страница.

http://epson.sn > **Поставување**

❏ Друг паметен уред беше додаден на мрежата користејќи поставување со копче за притискање.

❏ Wi-Fi мрежата беше поставена со употреба на метод различен од поставување со копче за притискање.

Поврзани информации

➡ „Поврзување на компјутер“ на страница 22

➡ „Правење на поставки за Wi-Fi од печатачот“ на страница 33

E-5

Решенија:

Проверете дали типот на безбедност на безжичниот насочувач е поставен на некој од следниве. Ако не е, сменете го типот на безбедност на безжичниот насочувач, а потоа ресетирајте ги мрежните поставки на печатачот.

❏ WEP-64 bit (40 bit)

❏ WEP-128 bit (104 bit)

❏ WPA PSK (TKIP/AES)*

❏ WPA2 PSK (TKIP/AES)*

❏ WPA (TKIP/AES)

❏ WPA2 (TKIP/AES)

* WPA PSK исто така е познат како WPA-Приватен. WPA2 PSK исто така е познат како WPA2-Приватен.

E-6

Решенија:

❏ Проверете дали е онеспособено филтрирање на MAC адресата. Ако е оспособено, регистрирајте ја MAC адресата на печатачот за да не се филтрира. Погледнете ја документацијата доставена со безжичниот насочувач за детали. Може да ја проверите MAC адресата на печатачот од делот **Network Status** на извештајот за мрежна врска.

❏ Ако вашиот безжичен насочувач користи споделена автентикација со WEP безбедност, проверете дали клучот за автентикација и индексот се точни.

❏ Ако бројот на уреди што може да се поврзат на безжичниот насочувач е помал од бројот на мрежните уреди што сакате да ги поврзете, направете поставки на безжичниот насочувач за да се зголеми бројот на уреди што може да се поврзат. Погледнете ја документацијата доставена со безжичниот насочувач за да направите поставки.

Поврзани информации

➡ „Поврзување на компјутер“ на страница 22

E-8

Решенија:

❏ Оспособете DHCP на безжичниот насочувач ако поставката „Добиј IP адреса“ на печатачот е поставена на **Автоматски**.

❏ Ако поставката „Добиј IP адреса“ на печатачот е поставена на Рачно, IP адресата што рачно сте ја поставиле е неважечка поради тоа што е надвор од опсег (на пример: 0.0.0.0). Поставете важечка IP адреса од контролната табла на печатачот или со употреба на Web Config.

Поврзани информации

➡ „Печатење на листа за статус на мрежа“ на страница 43

E-9

Решенија:

Проверете го следново.

❏ Уредите се вклучени.

❏ Можете да пристапите до интернет и други компјутери или мрежни уреди на истата мрежа од уредите што сакате да ги поврзете со печатачот.

Ако сè уште не се поврзува вашиот печатач и мрежните уреди откако ќе ги потврдите нештата погоре, исклучете го безжичниот насочувач. Почекајте околу 10 секунди, па потоа вклучете го. Потоа ресетирајте ги вашите мрежни поставки со преземање и извршување на инсталаторот од следната веб-страница.

http://epson.sn > **Поставување**

Поврзани информации

➡ „Поврзување на компјутер“ на страница 22

E-10

Решенија:

Проверете го следново.

❏ Другите уреди на мрежата се вклучени.

❏ Мрежните адреси (IP адреса, подмрежна маска и стандардна капија) се точни ако сте ја поставиле „Добиј IP адреса" на печатачот на Рачно.

Ресетирајте ја мрежната адреса ако тие се неточни. Може да ги проверите IP адресата, подмрежната маска и стандардната капија од делот **Network Status** на извештајот за мрежна врска.

Ако DHCP е оспособено, сменете ја поставката „Добиј IP адреса" на печатачот на **Автоматски**. Ако сакате рачно да ја поставите IP адресата, проверете ја IP адресата на печатачот од делот **Network Status** на извештајот за мрежна врска, па потоа изберете Рачно на екранот за мрежни поставки. Поставете ја подмрежната маска на [255.255.255.0].

Ако сè уште не се поврзува вашиот печатач и мрежните уреди, исклучете го безжичниот насочувач. Почекајте околу 10 секунди, па потоа вклучете го.

Поврзани информации

➡ „Печатење на листа за статус на мрежа" на страница 43

E-11

Решенија:

Проверете го следново.

❏ Адресата на стандардната капија е точна ако ја поставите поставката на TCP/IP поставувањето на печатачот на Рачно.

❏ Уредот што е поставен како стандардна капија е вклучен.

Поставете ја точната адреса на стандардната капија. Може да ја проверите адресата на стандардната капија од делот **Network Status** на извештајот за мрежна врска.

Поврзани информации

➡ „Печатење на листа за статус на мрежа" на страница 43

E-12

Решенија:

Проверете го следново.

❏ Другите уреди на мрежата се вклучени.

❏ Мрежните адреси (IP адресата, подмрежната маска и стандардната капија) се точни ако истите ги внесувате рачно.

❏ Мрежните адреси за другите уреди (подмрежна маска и стандардна капија) се исти.

❏ IP адресата не доаѓа во судир со други уреди.

Ако сè уште не се поврзува вашиот печатач и мрежните уреди откако ќе ги потврдите нештата погоре, обидете се со следново.

❏ Исклучете го безжичниот насочувач. Почекајте околу 10 секунди, па потоа вклучете го.

❏ Повторно направете мрежни поставки користејќи го инсталаторот. Може да го извршите од следната веб-страница.

http://epson.sn > **Поставување**

❏ Можете да регистрирате неколку лозинки на безжичен насочувач што користи WEP безбедносен тип. Ако се регистрирани неколку лозинки, проверете дали првата регистрирана лозинка е поставена на печатачот.

Поврзани информации

➡ „Печатење на листа за статус на мрежа“ на страница 43

➡ „Поврзување на компјутер“ на страница 22

E-13

Решенија:

Проверете го следново.

❏ Мрежните уреди, како што се безжичниот насочувач, средиштето и насочувачот, се вклучени.

❏ TCP/IP поставувањето за мрежни уреди не е поставено рачно. (Ако TCP/IP поставувањето на печатачот е поставено автоматски додека TCP/IP поставувањето за други мрежни уреди е направено рачно, мрежата на печатачот може да се разликува од мрежата за други уреди.)

Ако сè уште не функционира по проверката на нештата погоре, обидете се со следново.

❏ Исклучете го безжичниот насочувач. Почекајте околу 10 секунди, па потоа вклучете го.

❏ Направете мрежни поставки на компјутерот кој е на истата мрежа како и печатачот користејќи го инсталаторот. Може да го извршите од следната веб-страница.

http://epson.sn > **Поставување**

❏ Можете да регистрирате неколку лозинки на безжичен насочувач што користи WEP безбедносен тип. Ако се регистрирани неколку лозинки, проверете дали првата регистрирана лозинка е поставена на печатачот.

Поврзани информации

➡ „Печатење на листа за статус на мрежа“ на страница 43

➡ „Поврзување на компјутер“ на страница 22

Порака на мрежна околина

Порака	Решение
*Multiple network names (SSID) that match your entered network name (SSID) have been detected. Confirm network name (SSID).	Истата SSID може да биде поставена на неколку безжични насочувачи. Проверете ги поставките на безжичниот насочувач и сменете ја SSID.

Порака	Решение
The Wi-Fi environment needs to be improved. Turn the wireless router off and then turn it on. If the connection does not improve, see the documentation for the wireless router.	По приближувањето на печатачот поблиску до безжичниот насочувач и отстранувањето на секакви пречки помеѓу нив, исклучете го безжичниот насочувач. Почекајте околу 10 секунди и вклучете го. Ако сѐ уште не се поврзува, погледнете ја документацијата доставена со безжичниот насочувач.
*No more devices can be connected. Disconnect one of the connected devices if you want to add another one.	Компјутерот и паметните уреди што може да се поврзат истовремено, поврзани се целосно во врската Wi-Fi Direct (едноставна AP). За да додадете друг компјутер или паметен уред, најпрво прекинете ја врската со еден од поврзаните уреди или поврзете го со другата мрежа. Може да го потврдите бројот на безжични уреди коишто може да бидат поврзани истовремено, како и бројот на поврзани уреди проверувајќи ги листот за статусот на мрежата или контролната табла на печатачот.
The same SSID as Wi-Fi Direct exists in the environment. Change the Wi-Fi Direct SSID if you cannot connect a smart device to the printer.	На контролната табла на печатачот, одете на екранот Wi-Fi Direct Setup и изберете го менито за менување на поставката. Може да го смените името на мрежата што следува по DIRECT-XX-. Внесете до 32 знаци.

Печатење на листа за статус на мрежа

Може да ги проверите деталните информации за мрежа ако ги испечатите.

1. Вметнете хартија.
2. Изберете **Поставки** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.
3. Изберете **Мрежни поставки** > **Лист за состојба на печатење**.
4. Притиснете го копчето ⊙.

   Се печати листата за статус на мрежа.

Заменување или додавање нови безжични пренасочувачи

Ако SSID се промени поради замена на безжичниот пренасочувач или ако се додаде безжичен пренасочувач и се воспостави нова мрежна околина, ресетирајте ги поставките за Wi-Fi.

Поврзани информации

➡ „Менување на начинот на поврзување на компјутер“ на страница 44

Менување на начинот на поврзување на компјутер

Со користење на датотека за инсталација и повторно поставување на различен начин на поврзување.

❏ Поставување од интернет страница

Посетете ја следната интернет страница и внесете го името на производот. Одете во **Поставување** и започнете со поставување.

http://epson.sn

❏ Поставување со користење на дискот со софтвер (само за моделите коишто доаѓаат со диск со софтвер и за корисници со компјутери со Windows со погони за диск.)

Внесете го дискот со софтвер во компјутерот и следете ги упатствата на екранот.

Избирање на промена на начини на поврзување

Следете ги упатствата на екранот додека не се прикаже следниов екран.

Изберете **Повторно постави поврзување на Печатач (за нов мрежен рутер или за менување на USB во мрежа, итн.)** на екранот Инсталирај Софтвер и кликнете на **Следно**.



Менување на поставките за Wi-Fi Direct (едноставна AP)

Кога е овозможена Wi-Fi Direct (едноставна AP) врска, може да ги менувате поставките за Wi-Fi Direct, како што се името на мрежата и лозинката.

1. Изберете **Поставување Wi-Fi** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

2. Изберете **Wi-Fi Direct**.

3. Притиснете го копчето OK за да продолжите.

4. Притиснете го копчето OK за да продолжите.

5. Притиснете го копчето ▼ за да се прикаже екранот со поставки.

6. Изберете ја ставката од менито што сакате да ја измените.

   Може да ги изберете следниве ставки од менито.

   - ❏ **Промени име на мрежа**

     Сменете го името на мрежата (SSID) на Wi-Fi Direct (едноставна AP) што се користи за поврзување со печатачот, со име по ваш избор. Може да го поставите името на мрежата (SSID) во знаци ASCII што се прикажуваат на софтверската тастатура на контролната табла.

     Кога го менувате името на мрежата (SSID), се прекинува врската со сите поврзани уреди. Користете го новото име на мрежата (SSID) ако сакате повторно да го поврзете уредот.

   - ❏ **Промени лозинка**

     Сменете ја лозинката за Wi-Fi Direct (едноставна AP) со сопствена лозинка за поврзување со печатачот. Може да ја поставите лозинката во знаци ASCII што се прикажуваат на софтверската тастатура на контролната табла.

     Кога ја менувате лозинката, се прекинува врската со сите поврзани уреди. Користете ја новата лозинка ако сакате повторно да го поврзете уредот.

   - ❏ **Онеспособи Wi-Fi Direct**

     Оневозможете ги поставките за Wi-Fi Direct (едноставна AP) за печатачот. Кога ја оневозможувате врската Wi-Fi Direct (едноставна AP), се прекинува врската со сите уреди поврзани со печатачот.

   - ❏ **Врати стандардни поставки**

     Вратете ги сите поставки за Wi-Fi Direct (едноставна AP) на нивните стандардни вредности.

     Информациите за врската Wi-Fi Direct (едноставна AP) на паметниот уред зачувани во печатачот се бришат.

7. Следете ги инструкциите на екранот.

Исклучување Wi-Fi од контролната табла

Кога е исклучено Wi-Fi, Wi-Fi врската е исклучена.

1. Изберете **Поставување Wi-Fi** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

2. Изберете **Wi-Fi (Препорачано)**.
3. Притиснете го копчето OK за да продолжите.
4. Изберете **Други**.
5. Изберете **Оневозможете Wi-Fi**.
6. Проверете ја пораката, а потоа притиснете го копчето OK.

Исклучување Wi-Fi Direct (едноставна AP) врска од контролната табла

Има два метода за оневозможување Wi-Fi Direct (едноставна AP) врска; може да ги оневозможите сите врски користејќи ја контролната табла на печатачот или да ја оневозможите секоја врска од компјутерот или од паметниот уред. Во овој дел е објаснето како да ги оневозможите сите врски.

> ***Важно:***
>
> *Кога е оневозможена Wi-Fi Direct (едноставна AP) врска, се прекинува врската со сите компјутери и паметни уреди поврзани со печатачот во Wi-Fi Direct (едноставна AP) врска.*

Белешка:
Ако сакате да ја прекинете врската со одреден уред, прекинете ја од уредот наместо од печатачот. Користете еден од следниве методи за да прекинете Wi-Fi Direct (едноставна AP) врска од уредот.

- ❏ *Прекинете ја Wi-Fi врската со името на мрежата на печатачот (SSID).*
- ❏ *Поврзете се со друго име на мрежа (SSID).*

1. Изберете **Поставување Wi-Fi** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

2. Изберете **Wi-Fi Direct**.
3. Притиснете го копчето OK за да продолжите.
4. Притиснете го копчето OK за да продолжите.
5. Притиснете го копчето ▼ за да се прикаже екранот со поставки.
6. Изберете **Онеспособи Wi-Fi Direct**.
7. Проверете ја пораката, а потоа притиснете го копчето OK.

Обновување на мрежните поставки од контролната табла на печатачот

Може да ги вратите сите мрежни поставки на нивните почетни вредности.

1. Изберете **Поставки** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

2. Изберете **Обнови стандардни поставки** > **Мрежни поставки**.

3. Проверете ја пораката и притиснете на копчето OK.

Подготовка на печатачот

Ставање на хартија

Достапни хартии и капацитети

Белешка:
Прикажаната големина на хартијата зависи од двигателот.

Оригинална хартија Epson

Epson препорачува да се користи оригинална хартија Epson за да се обезбеди висок квалитет на отпечатениот материјал.

Белешка:
Достапноста на хартијата зависи од локацијата. За најнови информации за хартијата достапна во вашето подрачје, контактирајте со сервисот за поддршка на Epson.

Хартија соодветна за печатење документи

Име на медиумот	Големина	Капацитет за ставање (листови)	Рачно двострано печатење	Печатење без рамка
Epson Bright White Ink Jet Paper	A4	До линијата покажана со триаголникот на граничникот. *1	✓	-

*1 За рачното двострано печатење, може да ставите најмногу 30 листа хартија со веќе испечатена една страна.

Хартија соодветна за печатење документи и фотографии

Име на медиумот	Големина	Капацитет за ставање (листови)	Рачно двострано печатење	Печатење без рамка
Epson Matte Paper-Heavyweight	A4	20	-	-
Epson Photo Quality Ink Jet Paper	A4	80	-	-
Epson Double-Sided Matte Paper	A4	1	✓	-

Хартија соодветна за печатење фотографии

Име на медиумот	Големина	Капацитет за ставање (листови)	Рачно двострано печатење	Печатење без рамка
Epson Ultra Glossy Photo Paper	A4, 13×18 cm (5×7 in.)	20*1	-	-
	10×15 cm (4×6 in.)			✓
Epson Premium Glossy Photo Paper	A4, 13×18 cm (5×7 in.)	20*1	-	-
	16:9 широка (102×181 mm), 10×15 cm (4×6 in.)			✓
Epson Premium Semigloss Photo Paper	A4	20*1	-	-
	10×15 cm (4×6 in.)			✓
Epson Photo Paper Glossy	A4, 13×18 cm (5×7 in.)	20*1	-	-
	10×15 cm (4×6 in.)			✓

*1 Ставајте еден по друг лист хартија ако хартијата не влегува правилно или ако отпечатениот материјал има неизедначени бои или дамки.

Комерцијално достапна хартија

Обични хартии

Име на медиумот	Големина	Капацитет за ставање (листови)	Рачно двострано печатење	Печатење без рамка
Обична хартија Хартија за копирање	Letter, A4, B5, 16K (195×270 mm), A5, A6, B6	До линијата покажана со триаголникот на граничникот.*1, *2	✓	-
	Legal, 8,5×13 in., Indian-Legal	1	✓	-
	Приспособена големина (mm)*3 54×86 на 215,9×1200	1	✓	-

*1 Ставајте еден по друг лист хартија ако хартијата не влегува правилно или ако отпечатениот материјал има неизедначени бои или дамки.

*2 За рачното двострано печатење, може да ставите најмногу 30 листа хартија со веќе испечатена една страна.

*3 Достапно е само печатење од компјутер.

Пликови

Име на медиумот	Големина	Капацитет за ставање (пликови)	Рачно двострано печатење	Печатење без рамка
Плик	Плик #10, Плик DL, Плик C6	10	-	-

Претпазливости при ракување со хартија

❏ Прочитајте ги листовите со упатства испорачани со хартијата.

❏ За да достигнете висококвалитетни исписи со оригинална хартија на Epson, користете хартија во околината наведена на листовите испорачани со хартијата.

❏ Издувајте ја и порамнете ги рабовите на хартијата пред да ја ставите. Не дувајте и не виткајте фотографска хартија. Така може да се оштети страната за печатење.



❏ Ако хартијата е извиткана, исправете ја или свиткајте ја малку во спротивната насока пред да ја ставите. Печатењето на извиткана хартија може да предизвика заглавување на хартијата и замачкување на исписот.

❏ Не користете хартија што е брановидна, искината, исечена, превиткана, влажна, предебела, претенка или хартија со налепници на неа. Користењето таква хартија предизвикува заглавување на хартијата и замачкување на исписот.

❏ Уверете се дека користите хартија со долга гранулација. Доколку не сте сигурни каков вид хартија користите, проверете на амбалажата од хартијата или контактирајте со производителот за да ги потврдите спецификациите на хартијата.

Поврзани информации

➡ „Спецификации на печатачот“ на страница 164

Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна

1. Отворете го штитникот на внесувачот и извлечете ја потпората за хартија.



2. Лизнете ги граничниците.



3. Ставете хартија на средината на поддршката за печатење со страната за печатење свртена нагоре.



Важно:

- *Не ставајте повеќе од максимално назначениот број листови хартија. За обична хартија, не ставајте хартија над линијата веднаш под знакот ▼ во граничникот.*
- *Прво ставете го пократкиот раб на хартијата. Меѓутоа, ако сте го поставиле подолгиот раб како ширина за кориснички приспособена големина, прво ставете го подолгиот раб на хартијата.*

❏ Претходно издупчена хартија



Белешка:

❏ *Ставете еден лист обична хартија со дефинирана големина со отвори за повез на левата или десната страна.*

❏ *Прилагодете ја положбата за печатење на вашата датотека за да избегнете печатење над отворите.*

4. Повлечете ги граничниците до рабовите на хартијата, а потоа затворете го заштитникот на внесувачот.



Важно:

Не ставајте предмети врз заштитникот на внесувачот. На тој начин може да спречите додавање на хартија.

5. На контролната табла, поставете ги големината и типот на хартијата што ја ставивте во додавање хартија од задна страна.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

   Белешка:
   Екранот со поставки за големината и типот на хартијата ќе се прикаже ако изберете ***Поставки*** *>* ***Постав. на печатачот*** *>* ***Пост. за изв. хар.*** *>* ***Поставка на хартија****.*

6. Извлечете ја излезната фиока.



Белешка:
Вратете ја преостанатата хартија во пакувањето. Ако ја оставите во печатачот, хартијата може да се извитка или може да се намали квалитетот на печатењето.

Поврзани информации

➡ „Претпазливости при ракување со хартија“ на страница 50
➡ „Достапни хартии и капацитети“ на страница 48
➡ „Ставање пликови и предупредувања“ на страница 53
➡ „Ставање долга хартија“ на страница 54

Ставање пликови и предупредувања

Ставете ги пликовите така што прво ќе го ставите пократкиот раб во центарот со преклопот надолу, а потоа лизнете ги граничниците до рабовите од пликовите.



❑ Издувајте ги и порамнете ги рабовите на пликовите пред да ги ставите.Кога купчињата пликови се надуени, притиснете ги да се сплескаат пред да ги ставите.



❑ Не користете пликови што се извиткани или превиткани.Користењето такви пликови предизвикува заглавување на хартијата и замачкување на исписот.

❑ Не користете пликови со лепливи површини на преклопувањето или пликови со прозорец.

❑ Избегнувајте користење пликови што се претенки бидејќи можат да се извиткаат при печатењето.

Поврзани информации

➡ „Достапни хартии и капацитети“ на страница 48
➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51

Ставање долга хартија

Кога ставате хартија подолга од големината Legal, складирајте ја потпората за хартија, а потоа израмнете го предниот раб на хартијата.



Поврзани информации

➡ „Достапни хартии и капацитети“ на страница 48

➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51

Список со типови хартија

За да добиете најдобри резултати при печатењето, изберете го типот хартија што е соодветен за хартијата.

Име на медиумот	**Тип медиум**	
	Контролна табла	**Двигател за печатач**
Epson Bright White Ink Jet Paper	обична хартија	Обична хартија
Epson Ultra Glossy Photo Paper	Ultra Glossy	Epson ултрасјајна
Epson Premium Glossy Photo Paper	Prem. Glossy	Epson првокласна сјајна
Epson Premium Semigloss Photo Paper	Премија полусјајна	Epson првокласна полусјајна
Epson Photo Paper Glossy	Glossy	Photo Paper Glossy
Epson Matte Paper-Heavyweight Epson Double-Sided Matte Paper	Matte	Epson Матирана
Epson Photo Quality Ink Jet Paper	Photo Quality Ink Jet	Epson за мастило со фотографски квалитет

Ставање оригинали

Ставање оригинали на Стакло на скенерот

> ***Важно:***
> *Кога ставате кабасти оригинали како книги, спречете надворешна светлина да свети директно на стакло на скенерот.*

1. Отворете го капакот за документи.



2. Отстранувајте прашина или дамки од површината на стакло на скенерот користејќи мека, сува, чиста крпа.

   Белешка:
   Ако има отпадоци или нечистотија на стакло на скенерот, опсегот на скенирање може да се прошири и да ги опфати, па сликата од оригиналот може да се измести или да се намали.



3. Ставете го оригиналот со лицето надолу и лизнете го до ознаката во аголот.



   Белешка:
   Не се скенира опсег од 1,5 mm од работ на стакло на скенерот.

4. Полека затворете го капакот.

> ***Важно:***
> *Не применувајте прекумерна сила на стакло на скенерот или на капакот за документи. Во спротивно, може да се оштетат.*

5. Извадете ги оригиналите по скенирањето.

> ***Белешка:***
> *Ако ги оставите оригиналите на стакло на скенерот долго време, може да се залепат за површината од стаклото.*

Ставање на картичка за идентификација за копирање

Ставете картичка за идентификација на растојание од 5 мм од ознаката за агол на стакло на скенерот.



Опции на менито за Поставки

Изберете **Поставки** на почетниот екран на печатачот за да направите различни поставки.

Опции на менито за Одржување

Изберете ги менијата на контролната табла како што е опишано подолу.

Поставки > **Одржување**

Проверка на прскалките:

Изберете ја оваа функција за да проверите дали прскалките на главата за печатење се затнати. Печатачот печати образец за проверка на прскалки.

Чистење на главата:

Изберете ја оваа функција за да ги исчистите затнатите прскалки во главата за печатење.

Интензивно чистење:

Изберете ја оваа функција за да го замените сето мастило во цевките за мастило. Се троши повеќе мастило отколку при вообичаеното чистење. Видете „Поврзани информации" за повеќе детали во врска со користењето на оваа функција.

Порамнување на главата за печатење:

Изберете ја оваа функција за да ја приспособите главата за печатење и за да го подобрите квалитетот на печатењето.

❏ Верт. порамн.

Изберете ја оваа функција ако исписите изгледаат матно или текстот и линиите не се порамнети.

❏ Хориз. порамн.

Изберете ја оваа функција ако редовно се појавуваат хоризонтални ленти на исписите.

Ресетирај ниво на мастило:

Изберете ја оваа функција за да ги ресетирате нивоата на мастило до 100 % кога ќе го дополните резервоарот со мастило.

Чист. на вод. за харт.:

Изберете ја оваа функција ако има дамки од мастило на внатрешните валјаци. Печатачот внесува хартија за да ги исчисти внатрешните валјаци.

Поврзани информации

➡ „Проверка и чистење на главата за печатење" на страница 115

➡ „Активирање на Интензивно чистење" на страница 117

➡ „Порамнување на главата за печатење" на страница 119

➡ „Дополнување на резервоарите за мастило" на страница 111

➡ „Чистење на патеката на движење на хартијата од дамки од мастило" на страница 120

Опции на менито за Поставување на печатачот

Изберете ги менијата на контролната табла како што е опишано подолу.

Поставки > **Поставување на печатачот**

Пост. за изв. хар.:

Поставка на хартија:

Изберете ги големината и видот на хартијата што сте ги ставиле во изворот на хартија.

A4/Писмо авто. менув.:

Изберете **Вклучено** за да внесете хартија од изворот на хартија поставен на големина со формат A4 кога нема извор на хартија поставен на формат Писмо (Letter) или внесете ја од изворот на хартија поставен на формат Писмо кога нема извор на хартија поставен на формат A4.

Извест. за грешка:

Изберете **Вклучено** за да се прикаже пораката за грешка кога избраните големина или тип на хартија не одговараат на внесената хартија.

Ав. при. на пос. хар.:

Изберете **Вклучено** за да се прикаже екранот **Поставка на хартија** кога внесувате хартија во изворот за хартија. Ако ја деактивирате оваа функција, не може да печатите од iPhone или iPad со користење на AirPrint.

Тивок режим:

Вашиот производ може да ја нема оваа функција во зависност од местото на купување.

Изберете **Вклучено** за да ја намалите бучавата за време на печатење, меѓутоа, ова може да ја намали брзината на печатење.Во зависност од типот на хартија и избраните поставки за квалитет на печатење, можно е да нема разлика во нивото на бучава на печатачот.

Тајмер за исклучување:

Производот може да ја има оваа функција или функцијата **Поставки за искл.**, во зависност од местото на продажба.

Изберете ја ова поставка за автоматски да го исклучите печатачот кога не го користите за одреден временски период. Можете да го прилагодите времето пред да се примени управувањето со енергија. Секое зголемување ќе влијае врз енергетската ефикасност на производот. Размислувајте еколошки пред да извршите каква било промена.

Поставки за искл.:

Производот може да ја има оваа функција или функцијата **Тајмер за исклучување**, во зависност од местото на продажба.

❏ Исклучи напојување ако е неактивно

Изберете ја ова поставка за автоматски да го исклучите печатачот ако не го користите за одреден временски период. Секое зголемување ќе влијае врз енергетската ефикасност на производот. Размислувајте еколошки пред да извршите каква било промена.

❏ Искл. напој. ако е исклуч. од приклучок

Изберете ја оваа поставка за печатачот да се исклучи по 30 минути откако сите порти (вклучително и USB-портата) ќе бидат исклучени. Оваа функција може да не биде достапна во зависност од регионот.

Јазик/Language:

Изберете јазик употребен на LCD екранот.

Тајмер за спиење:

Приспособете го временскиот период за да влезете во режимот за спиење (режим за зачувување на енергија) кога печатачот не извршува никакви задачи. LCD екранот ќе потемни кога ќе измине одреденото време.

Врска со компјутер преку USB:

Изберете **Оспособи** за компјутерот да може да добие пристап до печатачот кога е поврзан со USB. Кога е избрано **Онеспособи**, печатењето и скенирањето коишто не се испратени преку мрежна конекција се ограничени.

Поврзани информации

➡ „Штедење енергија — контролна табла“ на страница 62

Опции на менито за сите Wi-Fi/ пост. за мрежа

Изберете ги менијата на контролната табла како што е опишано подолу.

Поставки > **сите Wi-Fi/ пост. за мрежа**

Лист за состојба на печатење

Печати листа за статус на мрежа.

Поставување Wi-Fi:

Поставете ги или променете ги поставките за бежична мрежа. Изберете го методот на поврзување од следниве и следете ги упатствата на контролната табла.

❏ Wi-Fi (Препорачано):

❏ Wi-Fi Direct

Проверка на врската

Го проверува статусот на мрежната врска и го печати извештајот од мрежната конекција. Доколку има некакви проблеми со врската, видете во извештајот од проверката за да го решите проблемот.

Поврзани информации

➡ „Одредување поставки за Wi-Fi со внесување SSID и лозинка“ на страница 33
➡ „Одредување поставки за Wi-Fi со поставување копче за притискање“ на страница 34
➡ „Одредување поставки за Wi-Fi со поставување PIN-код (WPS)“ на страница 35
➡ „Wi-Fi Direct (Едноставен AP) конекција“ на страница 21
➡ „Печатење на листа за статус на мрежа“ на страница 43
➡ „Проверување на статусот на конекција на мрежа“ на страница 36

Опции на менито за Услуги Epson Connect

Изберете ги менијата на контролната табла како што е опишано подолу.

Поставки > **Услуги Epson Connect**

Регистрирај/ Избриши:

Регистрирајте го или избришете го печатачот од Epson Connect услугите.

За упатства за користење, погледнете го порталот на следнава интернет страница.

https://www.epsonconnect.com/

http://www.epsonconnect.eu (само Европа)

Паузирај/Продолжи:

Изберете дали сакате да запрете или да продолжите со Epson Connect услугите.

Адреса за е-пошта:

Проверете ја адресата на е-пошта на печатачот којашто е регистрирана за Epson Connect услугите.

Статус:

Проверете дали печатачот е или не е регистриран и поврзан на Epson Connect услуги.

Поврзани информации

➡ „Печатење со користење на мрежна услуга“ на страница 133

Опции на менито за Услуги за печатење со Google Cloud

Изберете ги менијата на контролната табла како што е опишано подолу.

Поставки > **Услуги за печатење со Google Cloud**

Паузирај/Продолжи:

Изберете дали сакате да запрете или да продолжите со Google Cloud Print услугите.

Одрегистрирај:

Поништете ја регистрацијата за Google Cloud Print услугите.

Статус:

Проверете дали печатачот е или не е регистриран и поврзан на Google Cloud Print услуги.

За регистрација и упатства за користење, погледнете го порталот на следнава интернет страница.

https://www.epsonconnect.com/

http://www.epsonconnect.eu (само Европа)

Опции на менито за Лист за стат. на печат

Изберете ги менијата на контролната табла како што е опишано подолу.

Поставки > **Лист за стат. на печат**

Лист за конфигурација:

Печати информативни листови на кои се прикажуваат моменталниот статус на печатачот и поставките.

Лист за потр. материјали:

Печати информативни листови на коишто се прикажува статусот на потрошниот материјал.

Лист за ист. на корист.:

Печати информативни листови на кои се прикажува историјата на користење на печатачот.

Опции на менито за Бројач на отп. прим.

Изберете ги менијата на контролната табла како што е опишано подолу.

Поставки > **Бројач на отп. прим.**

Го прикажува вкупниот број на печатења, печатења во црно-бело и печатења во боја, вклучително и ставки како на пр. листот за статус од моментот кога сте го купиле печатачот.

Опции на менито за Врати стандардни поставки

Изберете ги менијата на контролната табла како што е опишано подолу.

Поставки > **Врати стандардни поставки**

Ги ресетира следниве менија и ги заменува со нивните стандардни вредности.

❏ Мрежни поставки

❏ Поставки за копирање

❏ Поставки за скен.

❏ Избриши ги сите податоци и поставки

Опции на менито за Ажурир. фирмвер

Изберете ги менијата на контролната табла како што е опишано подолу.

Поставки > **Ажурир. фирмвер**

Ажурирај:

Проверува дали е ажурирана најновата верзија на фирмвер на мрежниот сервер.Ако е достапно ажурирање, може да изберете дали сакате или не да започнете со ажурирање.

Тековна верзија:

Ја прикажува тековната верзија на печатачот.

Известување:

Повремено проверува ажурирања за фирмверот и ве известува ако ажурирањето е достапно.

Штедење енергија

Печатачот влегува во режим на спиење или се исклучува автоматски ако не се вршат дејства одреден период. Можете да го прилагодите времето пред да се примени управувањето со енергија. Секое зголемување ќе влијае врз енергетската ефикасност на производот. Имајте ја предвид животната средина пред да извршите каква било промена.

Во зависност од местото на купување, печатачот може да има функција која автоматски го исклучува ако не е поврзан на мрежата 30 минути.

Штедење енергија — контролна табла

1. Изберете **Поставки** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

2. Изберете **Поставување на печатачот**.

3. Направете едно од следново.

   Белешка:
   *Вашиот производ може да ја има карактеристиката **Поставки за искл.** или **Тајмер за исклучување** во зависност од местото на купување.*

   - ❑ Изберете **Тајмер за спиење** или **Поставки за искл.** > **Исклучи напојување ако е неактивно** или **Искл. напој. ако е исклуч. од приклучок**, а потоа направете поставки.
   - ❑ Изберете **Тајмер за спиење** или **Тајмер за исклучување**, а потоа направете поставки.

Печатење

Печатење од двигател за печатач на Windows

Печатење на двигател на печатач

Кога пристапувате до двигател на печатач од контролната табла на печатачот, поставите се применуваа за сите апликации.

Пристап до двигателот на печатачот преку контролната табла

❏ Windows 10/Windows Server 2016

Кликнете на копчето за стартување, а потоа изберете **Систем на Windows** > **Контролна табла** > **Преглед на уреди и печатачи** во **Хардвер и звук**. Кликнете со десното копче на печатачот или притиснете го и држете го, а потоа изберете **Поставувања за печатење**.

❏ Windows 8.1/Windows 8/Windows Server 2012 R2/Windows Server 2012

Изберете **Работна површина** > **Поставувања** > **Контролна табла** > **Види уреди и печатачи** во **Хардвер и звук**. Кликнете со десното копче на печатачот или притиснете го и држете го, а потоа изберете **Поставувања за печатење**.

❏ Windows 7/Windows Server 2008 R2

Кликнете на копчето за стартување, изберете **Контролна табла** > **Види уреди и печатачи** во **Хардвер и звук**. Кликнете со десното копче на печатачот и изберете **Претпочитани вредности за печатење**.

❏ Windows Vista/Windows Server 2008

Кликнете на копчето за стартување и изберете **Контролна табла** > **Печатачи** во **Хардвер и звук**. Кликнете со десното копче на печатачот и изберете **Претпочитани вредности за печатење**.

❏ Windows XP/Windows Server 2003 R2/Windows Server 2003

Кликнете на копчето за стартување и изберете **Контролна табла** > **Печатачи и друг хардвер** > **Печатачи и факсови**. Кликнете со десното копче на печатачот и изберете **Претпочитани вредности за печатење**.

Пристап до двигателот на печатачот од иконата на печатачот на лентата со задачи

Иконата на печатачот на лентата со задачи на работната површина е икона на кратенка што овозможува брз пристап до двигателот на печатачот.

Ако ја кликнете иконата на печатачот и изберете **Поставки на печатачот**, можете да пристапите до истиот прозорец за поставување на печатачот како оној што се прикажува од контролата табла. Ако кликнете двапати на иконата, можете да ја проверите состојбата на печатачот.

Белешка:
*Ако иконата на печатачот не е прикажана на лентата со задачи, отворете го прозорецот на двигателот на печатачот, кликнете **Преференци за следење** на картичката **Одржување**, па изберете **Регистрирајте ја иконата за брз пристап на лентата за задачи**.*

Основни информации за печатење

Белешка:
Операциите може да се разликуваат, зависно од апликацијата. Погледнете во помошта на апликацијата за детали.

1. Отворете ја датотеката што сакате да ја печатите.

   Внесете хартија во печатачот ако не сте ја внеле.

2. Изберете **Печатење** или **Поставување на страница** од менито **Датотека**.

3. Изберете го својот печатач.

4. Изберете **Претпочитани вредности** или **Својства** за да пристапите до прозорецот од двигателот за печатачот.



5. Променете ги поставките ако е потребно.

   Погледнете ги опциите за мени за двигателот на печатач за детали.

   Белешка:
   - ❏ *Видете и во електронската помош за објаснување на ставките за поставување. Со кликнување на десното копче на ставката се прикажува **Помош**.*
   - ❏ *Кога ќе изберете **Преглед за печатење**, може да видите преглед на документот пред печатење.*

6. Кликнете **OK** за да го затворите прозорецот на двигателот на печатачот.

7. Кликнете на **Печати**.

   Белешка:
   *Кога ќе изберете **Преглед за печатење**, се прикажува прозорец за преглед. За да ги промените поставките, кликнете на **Откажи** и повторете ја постапката од чекор 2.*

Поврзани информации

➡ „Достапни хартии и капацитети“ на страница 48

➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51

➡ „Јазиче Главна“ на страница 79

Двострано печатење

Може да печатите на двете страни на хартијата. Превртете ја хартијата за да печатите на другата страна кога печатачот ќе заврши со печатење на првата страница. Може да печатите и брошура што може да се направи со повторна нарачка на страници и со преклопување на исписот.



Белешка:

- ❏ *Оваа опција не е достапна за печатење без рамки.*
- ❏ *Ако не користите хартија што е соодветна за двострано печатење, квалитетот на печатењето може да биде послаб и може да дојде до заглавување хартија.*
- ❏ *Зависно од хартијата и податоците, може да пробие мастило на другата страна на хартијата.*

Поврзани информации

➡ „Достапни хартии и капацитети“ на страница 48

Поставки за печатење

Двостраното печатење е достапно кога е овозможено EPSON Status Monitor 3. Меѓутоа, може да не е достапно кога на печатачот му се пристапува преку мрежа или се користи како делен печатач.

Белешка:
За да го овозможите EPSON Status Monitor 3, кликнете ***Проширени поставки*** *на јазичето* ***Одржување*** *и изберете* ***Вклучи EPSON Status Monitor 3****.*

1. Од јазичето **Главна** на двигателот на печатач, изберете ја опцијата од **Двострано печатење**.

2. Кликнете **Settings**, одредете ги соодветните поставки, а потоа кликнете **OK**.

   Белешка:
   *За да печатите преклопена брошура, изберете **Книшка**.*

3. Кликнете на **Печати**.

   Откако ќе заврши печатењето на првата страница, на компјутерот прикажува појавен прозорец. Следете ги упатствата на екранот.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 64

➡ „Јазиче Главна“ на страница 79

Печатење неколку страници на еден лист

Можете да печатите две или четири страници со податоци на еден лист хартија.



Поставки за печатење

На јазичето на двигателот за печатач **Главна**, изберете **2-нагоре** или **Четиристрано** како поставка за **Повеќе страници**.

Белешка:
Оваа опција не е достапна за печатење без рамки.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 64

➡ „Јазиче Главна“ на страница 79

Печатење и редење според редослед на страниците (Печатење во обратен редослед)

Може да печатите од последната страница така што документите се наредени според редоследот на страниците.



Поставки за печатење

На јазичето на двигателот за печатачот **Главна**, изберете **Обратен редослед**.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 64

➡ „Јазиче Главна“ на страница 79

Печатење на намален или зголемен документ

Може да ја намалите или да ја зголемите големината на документот за одреден процент или да ја приспособите големината на хартијата што сте ја ставиле во печатачот.



Поставки за печатење

На јазичето **Повеќе опции** на двигателот за печатач, изберете ја големината на документот од поставката **Голем. на документ**.Изберете ја големината на хартијата на којашто сакате да печатите од поставката **Излезна хартија**.Изберете **Намали/Зголеми документ**, а потоа

изберете **Да собере на страница** или **Зумирај на**.Кога ќе изберете **Зумирај на**, внесете процент.

Изберете **Централно** за да печатите слики во центарот на страницата.

Белешка:
Оваа опција не е достапна за печатење без рамки.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 64

➡ „Јазиче Повеќе опции“ на страница 80

Печатење на една слика на повеќе листови за зголемување (Креирање на постер)

Оваа карактеристика ви овозможува да печатите една слика на повеќе листови хартија.Може да направите поголем постер така што ќе ги споите еден со друг.



Белешка:
Оваа опција не е достапна за печатење без рамки.

Поставки за печатење

На јазичето на двигателот за печатач **Главна**, изберете **Постер 2x1**, **Постер 2x2**, **Постер 3x3** или **Постер 4x4** како поставка за **Повеќе страници**. Ако кликнете на **Поставки**, може да ги изберете панелите коишто сакате да ги отпечатите. Може и да ги изберете опциите за водич за сечење.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 64

➡ „Јазиче Главна“ на страница 79

Правење постери со користење Преклопувачки ознаки за порамнување

Еве пример како да направите постер кога е избрано **Постер 2x2**, а **Преклопувачки ознаки за порамнување** е избрано во **Печати ознаки за сечење**.



1. Подгответе ги Sheet 1 и Sheet 2. Отсечете ги маргините од Sheet 1 според вертикалната сина линија преку центарот од горните и долните ознаки.



2. Ставете го работ од Sheet 1 врз Sheet 2 и порамнете ги ознаките, а потоа привремено залепете ги двата листа заедно од задната страна.



3. Отсечете ги преклопените листови на два според вертикалната црвена линија преку ознаките за подредување (овој пат, линијата од левата страна на ознаките).



4. Залепете ги листовите заедно од задната страна.



5. Повторете ги чекорите од 1 до 4 за да ги залепите заедно Sheet 3 и Sheet 4.

6. Отсечете ги маргините од Sheet 1 и Sheet 2 според хоризонталната сина линија преку центарот од ознаките на левата и десната страна.



Печатење

7. Ставете ги рабовите од Sheet 1 и Sheet 2 врз Sheet 3 и Sheet 4 и порамнете ги ознаките, а потоа привремено залепете ги заедно од задната страна.



8. Отсечете ги преклопените листови на два според хоризонталната црвена линија преку ознаките за подредување (овој пат, линијата над ознаките).



9. Залепете ги листовите заедно од задната страна.



10. Отсечете ги преостанатите маргини според надворешната водилка.



Печатење со заглавие и подножје

Можете да печатите информации, како што се корисничко име и датум на печатење во заглавие или подножје.



Поставки за печатење

На картичката **Повеќе опции** на двигателот за печатачот, кликнете **Функции на воден жиг**, а потоа изберете **Заглавје/Подножје**. Кликнете на **Поставки**, а потоа изберете ги ставките коишто сакате да ги печатите.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 64

➡ „Јазиче Повеќе опции“ на страница 80

Печатење на воден жиг

Можете да отпечатите воден жиг како „Доверливо“ на своитеисписи. Можете да додадете и свој воден жиг.



Белешка:
Оваа опција не е достапна кај печатењето без граници.

Поставки за печатење

Од јазичето **Повеќе опции** на двигателот на печатач, кликнете на **Функции на воден жиг** и изберете Воден жиг.Кликнете на **Поставки** за да ги смените деталите како што се: големината, густината и положбата на водениот жиг.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 64

➡ „Јазиче Повеќе опции“ на страница 80

Печатење на повеќе датотеки заедно

Аранжер на налози Лајт ви овозможува да комбинирате неколку датотеки создадени од различни апликации и да ги печатите како една.Можете да ги одредите поставките за печатење за комбинирани датотеки, како што се изглед на повеќе страници и двострано печатење.



Поставки за печатење

На јазичето на двигателот за печатачот **Главна**, изберете **Аранжер на налози Лајт**.Кога ќе започнете со печатење, се прикажува прозорецот Аранжер на налози Лајт.Додека е отворен прозорецот Аранжер на налози Лајт, отворете ја датотеката што сакате да ја комбинирате со тековната датотека, а потоа повторете ги горенаведените чекорит.

Кога избирате задача за печатење додадена на Проект за печатење во прозорецот Аранжер на налози Лајт, може да го уредите изгледот на страницата.

Кликнете на **Печати** од менито **Фајл** за да започнете со печатење.

Белешка:
*Ако го затворите прозорецот Аранжер на налози Лајт пред да ги додадете сите податоци за печатење на Проект за печатење, задачата за печатење на којашто тековно работите се откажува.Кликнете на **Зачувај** од **Фајл** за да ја зачувате тековната задача.Наставката на зачуваната датотека е „ecl".*

*За да отворите Проект за печатење, кликнете на **Аранжер на налози Лајт** на јазичето за двигателот за печатач **Одржување** за да го отворите прозорецот Аранжер на налози Лајт.Потоа, изберете **Отвори** од менито **Фајл** за да ја изберете датотеката.*

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење" на страница 64

➡ „Јазиче Главна" на страница 79

Печатење со користење на функцијата за универзално печатење во боја

Може да ја подобрите видливоста на текстовите и сликите во исписите.



Печатење со универзална боја е можна само ако се избрани следниве поставки.

- ❏ Тип на хартија: Обична хартија
- ❏ Квалитет: **Стандардно** или подобар квалитет
- ❏ Печатење во боја: **Боја**
- ❏ Апликации: Microsoft® Office 2007 или понова верзија
- ❏ Големина на текст: 96 pts или помала

Поставки за печатење

На јазичето на двигателот за печатач **Повеќе опции**, кликнете на **Опции за слика** во поставката **Корекција на боите**.Изберете опција од поставката за **Печатење со универзална боја**.Кликнете на **Опции за подобрување** за да направите понатамошни поставки.

Белешка:

- ❏ *Може да менувате одредени знаци според образци, како на пример „+" се прикажува како „±".*
- ❏ *Обрасците специфични за апликацијата и потцртаните делови може да ја изменат содржината отпечатена со овие поставки.*
- ❏ *Квалитетот на печатење може да се намали во фотографиите и другите слики кога ги користите поставките за Печатење со универзална боја.*
- ❏ *Печатењето е побавно кога ги користите поставките за Печатење со универзална боја.*

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење" на страница 64

➡ „Јазиче Повеќе опции" на страница 80

Прилагодување на бојата за печатење

Можете да ги прилагодувате боите што се користат во налогот за печатење. Овие приспособувања не се применуваат на првобитните податоци.



Поставки за печатење

Во картичката на двигателот за печатач **Повеќе опции**, изберете **Прилагодено** како поставка за **Корекција на боите**. Кликнете **Напредно** за да го отворите прозорецот **Корекција на боите**, а потоа изберете го методот за коригирање боја.

Белешка:

- ***Автоматски*** *е избрано како стандардно на јазичето* ***Повеќе опции****. Со оваа поставка, боите автоматски се приспособуваат за да одговараат на типот на хартија и поставките за квалитетот на печатењето.*
- ***PhotoEnhance*** *на прозорецот* ***Корекција на боите*** *ја приспособува бојата преку анализирање на локацијата на субјектот. Затоа, ако сте ја промениле локацијата на субјектот со намалување, зголемување, отсекување или ротирање на сликата, бојата може да се промени неочекувано. Изборот на поставувањето без рамки ја променува локацијата на субјектот што предизвикува промени во бојата. Ако сликата не е добро фокусирана, тонот може да биде неприроден. Ако бојата се смени или стане неприродна, печатете во некој друг режим, различен од* ***PhotoEnhance****.*

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 64

➡ „Јазиче Повеќе опции“ на страница 80

Печатење за потенцирање на тенки линии

Може да ги здебелите тенките линии коишто се премногу тенки за печатење.



Поставки за печатење

На јазичето на двигателот за печатач **Повеќе опции**, кликнете на **Опции за слика** во поставката **Корекција на боите**.Изберете **Нагласување тенки линии**.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 64

➡ „Јазиче Повеќе опции“ на страница 80

Печатење на јасни линиски кодови

Може јасно да печатите линиски кодови и лесно да ги скенирате. Едноставно овозможете ја оваа функција ако линискиот код којшто сте го отпечатиле не може да го скенирате.



Можете да ја користите оваа функција во следниве услови.

❏ Хартија: обична хартија, хартија за копирање или коверт

❏ Квалитет: **Стандардно**

Квалитетот на печатење може да се промени при печатењето. Брзината на печатење може да се намали, а густината на печатењето може да се зголеми.

Белешка:
Отстранувањето на замаглувања не е секогаш можно и зависи од околностите.

Поставки за печатење

На јазичето на двигателот за печатач **Одржување**, кликнете на **Проширени поставки** и изберете **Режим на баркод**.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 64

➡ „Јазиче Одржување“ на страница 81

Откажување на печатењето

Може да ја откажете задачата за печатење од компјутерот.Меѓутоа, не може да откажете задача за печатење од компјутерот откако е веќе целосно испратена на печатачот.Во овој случај, откажете го печатењето преку контролната табла на печатачот.

Откажување

На компјутерот, кликнете со десното копче на печатчот во **Уреди и печатачи**, **Печатач** или во **Печатачи и факсови**.Кликнете на **Погледни што се печати**, кликнете со десното копче на задачата којашто сакате да ја откажете и потоа изберете **Откажи**.

Опции на менито за двигателот за печатач

Отворете го прозорецот за печатење во апликацијата, изберете го печатачот и пристапете до прозорецот за двигател на печатач.

Белешка:
Менијата се разликуваат во зависност од опцијата којашто сте ја избрале.

Јазиче Главна

Пред-поставки за печатење	Додај/Отстрани пред-поставки	Може да додавате или да отстранувате претходно поставени вредности за често користени поставки за печатење. Изберете ја претходно поставената вредност којашто сакате да ја користите од листата.
Покажи поставки	Се прикажува листа на тековно поставени ставки во јазичињата **Главна** и **Повеќе опции**.	

Ресетирај на основно	Вратете ги сите поставки на нивните фабрички, стандардни вредности. И поставките на јазичето **Повеќе опции** се ресетираат на нивните стандардни вредности.	
Нивоа на мастилото	Ги означува приближните нивоа на мастило.	
Извор на хартија	Изберете го изорот на хартија од којшто ќе ја ставите хартијата. Изберете **Автоматски избор** за автоматски да го изберете изворот на хартија којшто е избран во поставките за печатачот на контролната табла на печатачот. Ако печатачот има само еден извор на хартија, оваа ставка не се прикажува.	
Голем. на документ	Изберете ја големината на хартија на којашто сакате да печатите. Ако изберете **Кориснички дефинирано**, внесете ги ширината и висината на хартијата.	
Без рамки	Податоците за печатење се зголемуваат малку повеќе од големината на хартијата така што не се печатат маргини долж рабовите на хартијата. Кликнете **Поставки** за да изберете колку ќе се зголеми.	
Ориентација	Изберете ја ориентацијата којашто сакате да ја користите за печатење.	
Вид хартија	Изберете го типот хартија на којашто сакате да печатите.	
Квалитет	Изберете го квалитетот на хартија којшто сакате да го користите за печатење. Достапните поставки зависат од типот на хартијата којашто ќе ја изберете. Кликнете на **Повеќе поставки** за да ги направите останатите поставки.	
Боја	Изберете ја бојата на задачата за печатење.	
Двострано печатење	Може двострано да печатите.	
	Settings	Може да го одредите работ на врзување и маргините на врзување.
Повеќе страници	Може да печатите неколку страници на еден лист или да извршите печатење на постери. Кликнете на **Редослед на стр** за да го одредите редоследот на печатење на страниците.	
Copies	Одредете го бројот на страници за печатење.	
	Сортирај	Печати оригинали на повеќе страници залепени по редослед и сортирани во комплети.
	Обратен редослед	Може да печатите од последната страница така што страниците се наредени според точен редослед по печатење.
Тивок режим	Се намалува шумот којшто го прави печатачот. Меѓутоа, ако го овозможите ова, може да се намали брзината на печатење.	
Преглед за печатење	Се прикажува преглед на документот пред печатење.	
Аранжер на налози Лајт	Изберете да печатите со користење на функцијата Аранжер на налози Лајт.	

Јазиче Повеќе опции

Пред-поставки за печатење	Додај/Отстрани пред-поставки	Може да додавате или да отстранувате сопствени претходно поставени вредности за често користените поставки за печатење.Изберете ја претходно поставената вредност којшто сакате да ја користите од листата.

Покажи поставки	Се прикажува листа на тековно поставени ставки на **Главна** и јазичињата **Повеќе опции**.	
Ресетирај на основно	Вратете ги сите поставки на нивните фабрички стандардни вредности.Поставките за јазичињата **Главна** се ресетирани на нивните стандардни вредности.	
Голем. на документ	Изберете ја големината на документот.	
Излезна хартија	Изберете ја големината на хартијата на којашто сакате да печатите.Ако **Излезна хартија** се разликува од **Голем. на документ**, **Намали/Зголеми документ** е автоматски избрана.Не мора да ја изберете кога печатите без намалување или зголемување на големината на документот.	
Намали/Зголеми документ	Може да ја намалите или да ја зголемите големината на документот.	
	Да собере на страница	Автоматски намалете го или зголемете го документот за да ја приспособите големината на хартијата избрана во **Излезна хартија**.
	Зумирај на	Се печати со специфичен процент.
	Централно	Се печатат слики во центарот на хартијата.
Корекција на боите	Автоматски	Автоматски се приспособуваат боите на сликите.
	Прилагодено	Може рачно да направите корекција на бојата.Кликнете на **Напредно** за да направите понатамошни поставки.
	Опции за слика	Се овозможуваат опции за квалитет за печатење како Печатење со универзална боја или Поправи црвени очи.Може да ги задебелите тенките линии за да ги направите видливи на исписите.
Функции на воден жиг	Може да направите поставки за образецот против копирање или водените жигови.	
Дополнителни поставки	Сврти 180°	Ги ротира страниците за 180 степени пред печатењето.Оваа функција е корисна кога печатите на хартија како на пример пликови коишто се внесени во фиксна насока во печатачот.
	Голема брзина	Печати кога главата за печатење се движи во двете насоки.Брзината на печатење е поголема, но квалитетот може да биде послаб.
	Огледална слика	Ја превртува страницата за печатење како што би изгледала во огледало.

Јазиче Одржување

Проверка на прскалките	Печати образец за проверка на прскалките за да проверите дали прскалките се затнати.
Чистење на главата	Ги чисти затнатите прскалки во главата за печатење.Од причина што оваа функција користи мастило, исчистете ја главата за печатење само ако прскалките се затнати.
Интензивно чистење	Го заменува мастилото во цевките за мастило за да се подобри квалитетот на печатење.
Аранжер на налози Лајт	Се отвора прозорецот Аранжер на налози Лајт.Овде може да ги отворате и да ги уредувате претходно зачуваните податоци.

EPSON Status Monitor 3	Се отвора прозорецот EPSON Status Monitor 3.Овде може да го проверите статусот на печатачот и на потрошните материјали.
Преференци за следење	Може да направите поставки за ставките во прозорецот EPSON Status Monitor 3.
Проширени поставки	Може да направите различни поставки.Кликнете со десното копче на секоја ставка за да прегледате Помош за повеќе детали.
Ред. за печатење	Се прикажуваат задачите коишто треба да бидат отпечатени.Може да ги проверите, да ги паузирате или да продолжите со задачите за печатење.
Информаци за печатач и опции	Се прикажува бројот на листови на хартија внесени во печатачот.
Јазик	Се менува јазикот употребен во прозорецот за двигател на печатач.За да ги примените поставките, затворете го двигателот на печатачот и повторно отворете го.
Ажурирање софтвер	Го активира EPSON Software Updater за проверка на најновата верзија на аплиакции на интернет.
Техничка поддршка	Може да пристапите до интернет страницата за тешничка поддршка на Epson.

Печатење од двигател за печатач на Mac OS

Основни информации за печатење

Белешка:
Операциите се разликуваат, зависно од апликацијата.Погледнете во помошта на апликацијата за детали.

1. Отворете ја датотеката што сакате да ја печатите.

   Внесете хартија во печатачот ако не сте ја ставиле.

2. Изберете **Печати** од менито **Датотека** или друга команда за да влезете во полето за печатење.

   Ако е потребно, кликнете на **Прикажи ги деталите** или ▼ за да го проширите прозорецот за печатење.

3. Изберете го својот печатач.

4. Изберете **Поставки за печатење** од појавното мени.



Белешка:
*Kaj OS X Mountain Lion или понов, ако не се прикаже менито **Поставки за печатење**, двигателот за печатачот Epson не бил инсталиран правилно.*

*Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), отстранете го печатачот, па додадете го печатачот повторно.Видете го следното за да додадете печатач.*

http://epson.sn

5. Променете ги поставките според потребите.

   Погледнете ги опциите на менито за двигателот за печатач за детали.

6. Кликнете на **Печати**.

Поврзани информации

➡ „Достапни хартии и капацитети“ на страница 48
➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51
➡ „Опции на менито за Поставки за печатење“ на страница 88

Печатење неколку страници на еден лист

Можете да печатите две или четири страници со податоци на еден лист хартија.



Поставки за печатење

Изберете **Распоред** од скок-менито.Поставете го бројот на страници во **Страници на лист**, **Насока на распоред** (распоред на страницата) и **Рамка**.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 82

➡ „Опции за мени за изглед“ на страница 87

Печатење и редење според редослед на страниците (Печатење во обратен редослед)

Може да печатите од последната страница така што документите се наредени според редоследот на страниците.



Поставки за печатење

Изберете **Работа со хартија** од скок-менито.Изберете **Обратно** како поставка за **Редослед на страници**.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 82

➡ „Опции на менито за ракување со хартија“ на страница 87

Печатење на намален или зголемен документ

Може да ја намалите или да ја зголемите големината на документот за одреден процент или да ја приспособите големината на хартијата што сте ја ставиле во печатачот.



Поставки за печатење

Кога печатите така што ја приспособувате големината на оригиналот, изберете **Ракување со хартија** од појавното мени и изберете **Приспособи според големината на хартијата**.Изберете ја големината на хартијата којашто е ставена во печатачот во **Големина на излезната хартија**.Кога ја намалувате големината на документот, изберете **Приспособи само надолу**.

Кога печатите со специфичен процент, направете едно од следново.

❏ Изберете **Печатење** од менито **Датотека** на апликацијата.Изберете **Печатач**, внесете процент во **Приспособи**,и кликнете на **Печати**.

❏ Изберете **Поставка за страница** од менито **Датотека** на апликацијата.Изберете **Формат за**, внесете процент во **Приспособи**,и кликнете на **Во ред**.

Белешка:
*Изберете ја големината на хартијата којашто сте ја поставиле како поставка за **Големина на хартија**.*

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 82

➡ „Опции на менито за ракување со хартија“ на страница 87

Прилагодување на бојата за печатење

Можете да ги прилагодувате боите што се користат во налогот за печатење. Овие приспособувања не се применуваат на првобитните податоци.



Поставки за печатење

Изберете **Совпаѓање на боите** од појавното мени, па изберете **EPSON Color Controls**.Изберете **Color Options** од појавното мени, па изберете една од достапните опции.Кликнете на стрелката до **Напредни поставки** и одредете подетални поставки.

Поврзани информации

➡ „Основни информации за печатење“ на страница 82

➡ „Опции на менито за спојување на бои“ на страница 87

➡ „Опции на менито за Color Options“ на страница 88

Откажување на печатењето

Може да ја откажете задачата за печатење од компјутерот.Меѓутоа, не може да откажете задача за печатење од компјутерот откако е веќе целосно испратена на печатачот.Во овој случај, откажете го печатењето преку контролната табла на печатачот.

Откажување

Кликнете на иконата за печатачот во **Док**.Изберете ја задачата којашто сакате да ја откажете и потоа направете едно од следново.

❏ OS X Mountain Lion или понов

Кликнете на веднаш до мерачот за напредок.

❏ Mac OS X v10.6.8 од v10.7.x

Кликнете **Избриши**.

Опции на менито за двигателот за печатач

Отворете го прозорецот за печатење во апликацијата, изберете го печатачот и пристапете до прозорецот за двигател на печатач.

Белешка:
Менијата се разликуваат во зависност од опцијата којашто сте ја избрале.

Опции за мени за изглед

Страници од лист	Го избереа бројот страници за печатење на еден лист.
Насока на изглед	Го одредува редоследот според којшто сакате да ги печатите страниците.
Раб	Печати раб околу страниците.
Обратна ориентација на страница	Ги ротира страниците за 180 степени пред печатењето.Изберете ја оваа ставка кога печатите на хартија како на пример пликови коишто се внесени во фиксна насока во печатачот.
Превртi хоризонтално	Ја превртува страницата за печатење како што би изгледала во огледало.

Опции на менито за спојување на бои

ColorSync	Изберете го методот за приспособување на боја.Со овие опции се приспособуваат боите помеѓу печатачот и екранот на компјутерот за да се намали разликата во бои.
EPSON Color Controls	

Опции на менито за ракување со хартија

Подредување на страници	Се печатат документи со повеќе страници залепени по редослед и сортирани во комплети.	
Страници за печатење	Изберете за да печатите само непарни страници или парни страници.	
Редослед на страници	Изберете да печатите од почетната или последната страница.	
Приспособете според големината на хартијата	Се печати така што одговара на големината на хартијата којашто сте ја ставиле.	
	Дестинација на големина на хартија	Изберете ја големината на хартијата на којашто ќе печатите.
	Приспособете само надолу	Изберете кога да ја намалите големината на документот.

Опции на менито за насловна страница

Печатење на насловна страница	Изберете дали сакате да печатите или да не печатите насловна страница.Кога сакате да додадете задна страница, изберете **По документ**.
Тип на насловна страница	Изберете ја содржината на насловната страница.

Опции на менито за Поставки за печатење

Paper Source	Изберете го изорот на хартија од којшто ќе ја ставите хартијата.Ако печатачот има само еден извор на хартија, оваа ставка не се прикажува.Со избирање на **Автоматски избор** се избира изворот на хартијата којшто автоматски се совпаѓа со поставката за хартија на печатачот.	
Media Type	Изберете го типот хартија на којашто сакате да печатите.	
Print Quality	Изберете го квалитетот на хартија којшто сакате да го користите за печатење.Опциите се разликуваат во зависност од типот на хартијата.	
Без рамки	Ова квадратче е избрано кога ќе изберете големина на хартија без рамки.	
	Проширување	Во печатењето без рамки податоците за печатење се зголемуваат малку повеќе од големината на хартијата, така што не се печатат маргини долж рабовите на хартијата.Изберете колку да се зголеми.
Сива палета	Изберете кога сакате да печатите црно-бело или во сиви нијанси.	
Mirror Image	Ја превртува страницата за печатење како што би изгледала во огледало.	

Опции на менито за Color Options

Рачни поставки	Рачно приспособете ја бојата.Во **Напредни поставки**, може да ги изберете деталните поставки.
PhotoEnhance	Произведува поостри слики и поживи бои со автоматско приспособување на контрастот, заситувањето и осветленоста на податоците на изворната слика.
Off (No Color Adjustment)	Печатете без засилување или приспособување на бојата на каков било начин.

Оперативни поставувања за двигателот за печатачот за Mac OS

Пристапување до прозорецот за оперативни поставувања на Mac OS двигателот за печатач

Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот.Кликнете **Опции и производи** > **Опции** (или **Двигател**).

Оперативни поставувања на двигателот за печатачот за Mac OS

- ❏ Прескокни празна страница: Избегнува печатење празни страници.
- ❏ Тивок режим: Печати тивко.Меѓутоа, брзината на печатење може да биде помала.
- ❏ High Speed Printing: Печати кога главата за печатење се движи во двете насоки.Брзината на печатење е поголема, но квалитетот може да биде послаб.

❏ Отстрани бели граници: Ги отстранува непотребните маргини при печатењето без граници.

❏ Warning Notifications: Му овозможува на двигателот за печатачот да прикажува известувања за предупредувања.

❏ Establish bidirectional communication: Обично, ова треба да биде поставено на **On**.Избирањето **Off** кога ги собирате информациите за печатачот е невозможно бидејќи печатачот се дели со компјутери со Windows на мрежа или од друга причина.

Печатење од паметни уреди

Користење Epson iPrint

Epson iPrint е апликација што овозможува печатење фотографии, документи и веб-страници од паметен уред, како што е паметен телефон или таблет. Може да користите локално печатење, печатење од паметен уред што е поврзан со истата безжична мрежа како и печатачот, или далечинско печатење, печатење од далечинска локација преку интернет. За да користите далечинско печатење, регистрирајте го печатачот во услугата Epson Connect.

Ако ја стартувате Epson iPrint кога печатачот не е поврзан со мрежата, се прикажува порака што ве упатува да се поврзете со печатачот. Следете ги инструкциите за да го завршите поврзувањето. За повеќе информации околу работните услови, посетете ја URL-адресата подолу.

http://epson.sn

Поврзани информации

➡ „Печатење со користење на мрежна услуга“ на страница 133

Инсталирање на Epson iPrint

Можете да го инсталирате Epson iPrint на својот паметен уред од следниот URL или QR-код.

http://ipr.to/c

Печатење со Epson iPrint

Активирајте го Epson iPrint од паметниот уред и изберете го записот што сакате да го користите од почетниот екран.

Следниве екрани може да се менуваат без претходно известување. Содржината може да варира во зависност од производот.

❶	Прикажаниот почетен екран кога ќе се активира апликацијата.
❷	Прикажува информации како да го поставите печатачот и ЧПП.
❸	Го прикажува екранот каде што можете да го изберете печатачот и да одредите поставки за печатачот. Кога ќе го изберете печатачот, не треба да го бирате следниот пат.
❹	Изберете што сакате да печатите, на пр. фотографии и документи.
❺	Екранот за печатење фотографии се прикажува кога ќе го изберете менито за фотографии.
❻	Го прикажува екранот за одредување поставки за печатење, на пр. големината и типот на хартијата.
❼	Ја прикажува големината на хартијата. Кога ова се прикажува како копче, допрете го за да се прикажат поставките за хартија кои се моментално поставени на печатачот.
❽	Ги прикажува избраните фотографии и документи.
❾	Почнува печатење.

Белешка:
За да печатите од менито за документи со iPhone, iPad и iPod touch со iOS, активирајте го Epson iPrint откако ќе го пренесете документот што сакате да го испечатите со функцијата за споделување датотеки во iTunes.

Користење Epson Print Enabler

Може безжично да печатите документи, е-пораки, фотографии и веб-страници од вашиот телефон со Android или таблет (Android v4.4 или понова верзија). Со неколку допирања, вашиот уред со Android ќе го открие печатачот Epson којшто е поврзан на истата безжична мрежа.

Белешка:
Операциите може да се разликуваат зависно од уредот.

1. Ставете хартија во печатачот.
2. Поставете го печатачот за безжично печатење.
3. На вашиот уред со Android, инсталирајте го приклучокот Epson Print Enabler од Google Play.
4. Поврзете го уредот со Android на истата безжична мрежа на којашто е поврзан печатачот.
5. Одете на **Поставки** на вашиот уред со Android, изберете **Поврзани уреди** > **Печатење** и овозможете го Epson Print Enabler.
6. Од апликација за Android, како на пример Chrome, допрете на иконата за менито и отпечатете го она што го гледате на екранот.

   Белешка:
   *Ако не го гледате печатачот, допрете **Сите печатачи** и изберете го печатачот.*

Поврзани информации

➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51
➡ „Поврзување на паметен уред“ на страница 23

Користење на AirPrint

AirPrint овозможува моментално бежично печатење од iPhone, iPad и iPod на допир со најновите верзии на iOS и Mac со најновите верзии на OS X или macOS.

Белешка:
Ако сте ги деактивирале пораките за конфигурација на хартија на контролниот панел на производот, не може да го користите AirPrint.Погледнете го линкот подолу за да ги активирате пораките, ако е потребно.

1. Ставете хартија во производот.
2. Поставете го производот за бежично печатење.Погледнете го линкот подолу.

   http://epson.sn
3. Поврзете го Apple уредот на истата бежична мрежа којашто ја користи производот.

4. Печатете од уредот на производот.

Белешка:
За детали, погледнете ја AirPrint страницата на интернет страницата на Apple.

Откажување на тековна задача

Допрете на копчето ⛛ на контролната табла на печатачот за да ја откажете тековната задача за печатење.

Копирање

Копирање

1. Ставете хартија во печатачот.
2. Поставете ги оригиналите.
3. Изберете **Копирај** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.



4. Поставете го бројот на копии.
5. Изберете копирање во боја или копирање во црно-бело.
6. Притиснете го копчето OK за да се прикажат и за да ги проверите поставките за печатење. За да ги промените поставките, притиснете го копчето ▼, изберете ги ставките за поставување и променете ги поставките. Кога ќе завршите, притиснете го копчето OK.

   Белешка:
   *Ако сакате да копирате намалувајќи ја или зголемувајќи ја големината на документот за одреден процент, изберете ја која било друга ставка освен **Автоматско приспособување** како поставка за **Намали/Зголеми**. Наведете процент во **Приспособ. големина**.*

7. Притиснете го копчето ⦶.

Поврзани информации

➡ „Ставање оригинали“ на страница 55
➡ „Опции на мени за копирање“ на страница 94

Копирање повеќе оригинали на еден лист

1. Изберете **Копирај** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

2. Притиснете го копчето OK за да се прикажат поставките за печатење, а потоа притиснете го копчето ▼.

3. Изберете **2 наго.** како поставка за **По. стр.**, а потоа притиснете го копчето OK.

4. Изберете го редоследот на распоредот во поставката за **Редосл.на расп.**, а потоа притиснете го копчето OK.

5. Изберете ја ориентацијата на оригиналот во поставката за **Ориент. на ориг.**, а потоа притиснете го копчето OK.

6. Проверете ги другите поставки за печатење, сменете ги ако е потребно, а потоа притиснете го копчето OK.

7. Притиснете го копчето ◇.

Опции на мени за копирање

Белешка:
Расположливите менија се разликуваат во зависност од изгледот што се го избрале.

Бројот на копии:

Внесете го бројот на копии.

Ц-Б:

Копира оригинал во црно и бело (монохроматски).

Во боја:

Копира оригинал во боја.

Густина:

Зголемете го нивото на густина кога резултатите од копирањето се бледи. Намалете го нивото на густина кога мастилото се размачкува.

Големина на хартија:

Изберете ја големината на хартијата што сте ја ставиле.

Тип хартија:

Изберете ја хартијата што сте ја ставиле.

Намали/Зголеми:

Ги зголемува или ги намалува оригиналите.

❏ Реална големина

Копира со зголемување од 100 %.

❏ Автоматско приспособување

Ја детектира областа за скенирање и автоматски го зголемува или го намалува оригиналот за да одговара на големината на избраната хартија. Кога има бели маргини околу оригиналот, белите маргини од ознаката на аголот на стакло на скенерот се забележани како област за скенирање, но маргините на спротивната страна може да се отсечат.



❏ Приспособено

Изберете за да го назначите зголемувањето за да го зголемите или за да го намалите оригиналот.

Приспособ. големина:

Го означува употребеното зголемување за да го зголемите или за да го намалите оригиналот во рамки на опсег од 25 до 400 %.

Г. на о.:

Изберете ја големината на оригиналот. Кога копирате оригинали со нестандардна големина, изберете ја големината којашто најмногу одговара на оригиналот.

По. стр.:

❏ Ед. ст.

Копира едностран оригинал на еден лист.

❏ 2 наго.

Копира два едностранн оригинали на еден лист со двостран изглед. Изберете го редоследот на изгледот и ориентацијата на оригиналот.

Квалитет:

Изберете го квалитетот на печатење. **Нацрт** овозможува побрзо печатење, но отпечатениот материјал може да биде блед. **Најдобар** овозможува печатење со повисок квалитет, но брзината на печатење може да биде помала.

Копирање

Копирај ID картичка:

Ги скенира двете страни од личната карта и копира едностранo на хартија со големина A4.

Копија Без рабови:

Копира без маргини околу рабовите. Сликата се зголемува малку за да се отстранат маргините од рабовите на хартијата. Изберете колку да се зголеми сликата во поставката **Проширување**.

Скенирање

Скенирање преку контролната табла

Може да испраќате скенирани слики од контролната табла на печатачот на следниве дестинации.

Со компјутер (JPEG)/Со компјутер (PDF)/Со компјутер (е-пошта)/Со компјутер (прилагодено)

Можете да ја зачувате скенираната слика на компјутер поврзан на печатач. Пред скенирањето, инсталирајте Epson Scan 2 и Epson Event Manager на компјутерот.

Во WSD

Можете да ја зачувате скенираната слика на компјутер поврзан на печатач, со користење на WSD функција. Ако користите Windows 7/Windows Vista, треба да правите WSD поставки на компјутерот пред скенирање.

Поврзани информации

➡ „Скенирање на компјутер“ на страница 97

➡ „Скенирање со помош на WSD“ на страница 101

Скенирање на компјутер

Белешка:
Пред скенирањето, инсталирајте Epson Scan 2 и Epson Event Manager на компјутерот.

1. Поставете ги оригиналите.
2. Изберете **Скенирај** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.



3. Изберете како да ја зачувате скенираната слика на компјутер од следните менија, а потоа притиснете на копчето OK.

   ❑ **Со компјутер (JPEG)**: Ја зачувува скенираната слика во JPEG-формат.

- ❏ **Со компјутер (PDF)**: Ја зачувува скенираната слика во PDF-формат.
- ❏ **Со компјутер (е-пошта)**: Го вклучува клиентот за е-пошта на вашиот компјутер, а потоа автоматски ја прикачува сликата на е-порака.
- ❏ **Со компјутер (прилагодено)**: Ја зачувува скенираната слика користејќи ги поставките на Epson Event Manager. Може да ги менувате поставките за скенирање, како што се големината на скенирање, папката за зачувување датотеки или форматот на зачувување.

4. Изберете го компјутерот на којшто сакате да ги зачувате скенираните слики.

Белешка:

- ❏ *Можете да смените поставките за скенирање како на пример големина на скенирање, папка за зачувување или формат на зачувување со Epson Event Manager.*
- ❏ *Кога печатачот е поврзан на мрежа, може да изберете на кој компјутер сакате да ја зачувате скенираната слика. Може да прикажете најмногу 20 компјутери на контролната табла на печатачот. Ако одредите **Network Scan Name (Alphanumeric)** на Epson Event Manager, се прикажува на контролниот панел.*

5. Притиснете го копчето ⦶.

Поврзани информации

➡ „Ставање оригинали“ на страница 55

Правење приспособени поставки во Epson Event Manager

Може да ги поставите поставките за скенирање за **Со компјутер (прилагодено)** во Epson Event Manager.

За повеќе информации погледнете во Epson Event Manager.

1. Активирајте го Epson Event Manager.

Скенирање

2. Проверете дали скенерот е избран како **Scanner** на јазичето **Button Settings** на главниот екран.



3. Кликнете на **Make Job Settings**.



4. Направете ги поставките за скенирање на екранот **Job Settings**.



- ❏ Edit Job Settings: Изберете **Custom Action**.
- ❏ Setting: Скенирајте со користење на најдобрите поставки за избраниот тип на оригиналот. Кликнете на **Detailed Settings for Scanning** за да ги поставите ставките како што се резолуцијата или бојата за зачувување на скенираната слика.
- ❏ Target Folder: Изберете ја папката за зачувување за скенираната слика.
- ❏ Filename (Prefix + Start Number): Променете ги поставките за името на датотеката што сакате да ја зачувате.
- ❏ File Format: Изберете го форматот за зачувување.
- ❏ Launch Action: Изберете го дејството кога скенирате.
- ❏ Test Settings: Започнува со тест скенирање користејќи ги тековните поставки.

5. Кликнете на **OK** за да се вратите на главниот екран.

6. Погрижете се дека е избрано **Custom Action** на листата **Custom Action**.



7. Кликнете на **Close** за затворање на Epson Event Manager.

Скенирање со помош на WSD

Белешка:

- *Оваа функција е достапна само за компјутери што работат со Windows 10/Windows 8.1/Windows 8/ Windows 7/Windows Vista.*
- *Ако користите Windows 7/Windows Vista, треба однапред да го поставите вашиот компјутер за користење на оваа функција.*

1. Поставете ги оригиналите.
2. Изберете **Скенирај** на почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲▼◀▶, а потоа притиснете го копчето OK.



3. Изберете **Во WSD**.
4. Изберете компјутер.
5. Притиснете го копчето ⓘ.

Поставување на WSD порта

Во овој дел се објаснува како да се постави WSD портот за Windows 7/Windows Vista.

Белешка:
За Windows 10/Windows 8.1/Windows 8, WSD портот се поставува автоматски.

Потребно е следново за поставување на WSD порт.

❏ Печатачот и компјутерот се поврзани на мрежата.

❏ Драјверот на печатачот е инсталиран на компјутерот.

1. Вклучете го печатачот.
2. Кликнете на почетното копче и кликнете на **Мрежа** на компјутерот.
3. Кликнете со десното копче на иконата за печатач и кликнете на **Инсталирај**.

   Кликнете на **Продолжи** кога ќе се прикаже екранот **Контрола на корисничка сметка**.

   Кликнете на **Поништи инсталација** и започнете повторно ако се прикаже екранот **Поништи инсталација**.



Белешка:
Името на печатачот којшто сте го поставиле на мрежата и името на моделот (EPSON XXXXXX (XX-XXXX)) се прикажуваат на екранот за мрежа. Може да го проверите името на печатчот на мрежата од контролниот панел на печатачот или со печатење на листа за статус на мрежа.

4. Кликнете на **Вашиот уред е подговтвен за употреба**.



5. Проверете ја пораката и кликнете на **Затвори**.



6. Отворете го екранот **Уреди и печатачи**.
   - ❏ Windows 7

     Кликнете на почетното копче > **Контролен панел** > **Хардвер и звук** (или **Хардвер**) > **Уреди и печатачи**.
   - ❏ Windows Vista

     Кликнете на почетното копче > **Контролен панел** > **Хардвер и звук** > **Печатачи**.

7. Проверете дали се прикажува икона со името на печатачот на мрежата.

   Изберете име на печатач кога користите со WSD.

Скенирање од компјутер

Скенирање со користење на Epson Scan 2

Може да скенирате користејќи го двигателот за скенирање „Epson Scan 2". Може да скенирате оригинали користејќи детални поставки што се соодветни за текст документи.

Видете во помошта на Epson Scan 2 за објаснување за секоја од ставките за поставување.

1. Поставете го оригиналот.
2. Активирајте го Epson Scan 2.

3. Одредете ги следниве поставки на картичката **Главни поставки**.



❏ Големина на документ: Изберете ја големината на ставениот оригинал.

❏ / Копчиња за првобитна ориентација: изберете ја поставената ориентација на ставениот оригинал. Во зависност од големината на оригиналот, оваа ставка може да биде поставена автоматски и не може да се менува.

❏ Тип слика: Изберете ја бојата за зачувување на скенираната слика.

❏ Резолуција: Изберете ја резолуцијата.

Белешка:
*Поставката **Извор на документ** е фиксна како **Стакло на скенерот**. Не може да ја промените оваа поставка.*

4. Направете ги и другите поставки за скенирање ако е потребно.

❏ Може да ја прегледате скенираната слика со кликнување на копчето **Преглед**. Се отвора прозорецот за прегледување и се прикажува прегледаната слика.

❏ На јазичето **Напредни поставки**, може да правите поставки за детално приспособување на слика коишто се соодветни за текстуалните документи, како следниве.

❏ Отстрани позадина: Отстранете ја заднината на оригиналите.

❏ Подобрување текст: Може да ги разјасните и изострите заматените букви во оригиналот.

❏ Автом. сегментација на област: Може да ги разјасните буквите и да ги измазните сликите при скенирање во црно-бело за документ којшто содржи слики.

❏ Подобрување боја: Може да ја засилите бојата назначена за скенираната слика и да ја зачувате во сиви тонови или во црно-бело.

❏ Праг: Може да ја приспособите работ за монохроматските бинарни слики (црно-бело).

❏ Маска за изострување: Може да ги подобрите и да ги изострите главните црти на сликата.

❏ Отстранување екран: Може да ги отстраните ефектите на контраст (мрежестите сенки) коишто се појавуваат при скенирање печатена хартија, како на пример списание.

❏ Пополнување рабови: Може да ја отстраните сенката околу скенираната слика.

❏ Излез за две слики (само за Windows): Може да скенирате еднаш и да зачувате две слики со различни поставки за излез.

Белешка:
Ставките може да не бидат достапни во зависност од другите направени поставки.

5. Направете ги поставките за зачувување на датотека.



- ❏ Формат на слика: Изберете го форматот за зачувување од списокот.

  Може да направите детални поставки за секој формат на зачувување освен за BITMAP и PNG. Изберете **Опции** од листата откатко ќе го изберете форматот на зачувување.
- ❏ Име на датотека: Потврдете го прикажаното име на зачуваната датотека.

  Може да ги промените поставките за името на датотеката ако изберете **Поставки** од листата.
- ❏ Папка: Изберете ја папката за зачувување за скенираната слика од списокот.

  Може да изберете друга папка или да креирате нова папка ако изберете **Избери** од листата.

6. Кликнете на **Скенирај**.

Поврзани информации

➡ „Ставање оригинали“ на страница 55

Скенирање од паметни уреди

Epson iPrint е апликација што овозможува да скенирате фотографии и документи од паметен уред, како паметен телефон или таблет, поврзан со истата безжична мрежа како и печатачот. Може да ги зачувате скенираните податоци на паметен уред или на интернет-услуга, да ги испратите по е-пошта или да ги отпечатите.

Ако ја стартувате Epson iPrint кога печатачот не е поврзан со мрежата, се прикажува порака што ве упатува да се поврзете со печатачот. Следете ги инструкциите за да го завршите поврзувањето. За повеќе информации околу работните услови, посетете ја URL-адресата подолу.

http://epson.sn

Инсталирање на Epson iPrint

Можете да го инсталирате Epson iPrint на својот паметен уред од следниот URL или QR-код.

http://ipr.to/c

Скенирање со користење на Epson iPrint

Активирајте го Epson iPrint од паметниот уред и изберете го записот што сакате да го користите од почетниот екран.

Следниве екрани може да се менуваат без претходно известување.



❶	Прикажаниот почетен екран кога ќе се активира апликацијата.
❷	Прикажува информации како да го поставите печатачот и ЧПП.
❸	Го прикажува екранот каде што можете да го изберете печатачот и да одредите поставки за печатачот. Кога ќе го изберете печатачот, не треба да го бирате следниот пат.
❹	Го прикажува екранот за скенирање.
❺	Екранот за скенирање се прикажува кога ќе го изберете менито за скенирање.
❻	Го прикажува екранот каде што можете да одредите поставки за скенирање, како резолуцијата.
❼	Ги прикажува скенираните слики.
❽	Го почнува скенирањето.
❾	Прикажува екран каде што можете да ги сочувате скенираните податоци на паметен уред или во услуга во облак.
❿	Прикажува екран каде што можете да ги испратите скенираните податоци по е-пошта.
⓫	Прикажува екран каде што можете да ги испечатите скенираните податоци.

Дополнување мастило

Проверување на нивоата на мастилото

За да потврдите колку мастило е преостанато, визуелно проверувајте ги нивоата на мастило на сите резервоари.

Можете да ги проверите приближните нивоа на мастилото од компјутерот.

Важно:

Продолженото користење на печатачот кога нивото на мастилото е под долната линија може да го оштети печатачот.



Проверување на нивоата на мастилото - Windows

1. Отворете го прозорецот на двигателот за печатачот.
2. Кликнете **EPSON Status Monitor 3** на картичката **Одржување**.

   Белешка:
   *Ако **EPSON Status Monitor 3** е исклучено, кликнете **Проширени поставки** на картичката **Одржување**, а потоа изберете **Вклучи EPSON Status Monitor 3**.*

Проверување на нивоата на мастило — Mac OS

1. Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот.
2. Кликнете **Опции и производи** > **Услужна програма** > **Отвори ја Алатката за печатење**.
3. Кликнете на **EPSON Status Monitor**.

Шифри на шишињата со мастило

Epson препорачува користење на оригинални шишиња со мастило Epson.

Ова се шифрите на оригиналните шишиња со мастило Epson.

Дополнување мастило

Важно:

- ❏ *Гаранцијата на Epson не ја покрива штетата предизвикана од мастила кои се поинакви од оние што се наведени, вклучувајќи и секакво оригинално мастило Epson кое не е наменето за овој печатач или кое било мастило од трета страна.*
- ❏ *Други производи непроизведени од Epson може да предизвикаат оштетувања што не се покриени со гаранциите на Epson, а во одредени услови може да предизвикаат неправилно однесување на печатачот.*

Белешка:

- ❏ *Шифрите на шишињата со мастило може да се разликуваат според локацијата. За точните кодови достапни во вашето подрачје, контактирајте го сервисот за поддршка на Epson.*
- ❏ *Иако шишињата со мастило може да содржат рециклирани материјали, тоа не влијае на функционирањето или работата на печатачот.*
- ❏ *Спецификациите и изгледот на шишето со мастило може да се сменат без претходно известување за да бидат подобри.*

За Европа

Производ	BK: Black (Црна)	C: Cyan (Тиркизна)	M: Magenta (Розова)	Y: Yellow (Жолта)
ET-2720 Series	104	104	104	104
L3160 Series	103	103	103	103

Белешка:
Посетете ја следнава веб-локација за информации околу капацитетите на касетите со мастило на Epson.

http://www.epson.eu/pageyield

За Австралија и Нов Зеланд

BK: Black (Црна)	C: Cyan (Тиркизна)	M: Magenta (Розова)	Y: Yellow (Жолта)
522	522	522	522

Поврзани информации

➡ „Веб-локација за техничка поддршка“ на страница 175

Претпазливости при ракување со шишињата со мастило

Прочитајте ги следниве упатства пред да дополните мастило.

Мерки на претпазливост при складирање мастило

❏ Не изложувајте ги шишињата со мастило на директна сончева светлина.

Дополнување мастило

- ❏ Не чувајте ги шишињата со мастило на високи или екстремно ниски температури.
- ❏ Откако ќе донесете шише со мастило внатре од студен магацин, оставете да се стопли до собна температура барем три часа пред да го употребите.
- ❏ Откако ќе го отворите шишето со мастило, ви препорачуваме да го користите што е можно побргу.
- ❏ Epson препорачува користење на шишето со мастило пред датумот испечатен на пакувањето.
- ❏ Не отворајте го пакувањето на шишето додека не ви треба за да го наполните резервоарот за мастило.Шишето со мастило е спакувано вакуумски за да се одржи сигурноста.Ако оставите шише со мастило распакувано подолго време пред да го употребите, може да не биде возможно нормално печатење.
- ❏ Кога складирате или превезувате шише со мастило, не навалувајте го шишето и не подложувајте го на удари или промени на температурата.Инаку може да протече мастило дури и кога капачето на шишето со мастило е цврсто затворено.Внимавајте шишето со мастило да биде исправено кога го затворате капачето и преземете мерки да не протекува мастило кога го превезувате шишето, на пример кога го ставате шишето во торба.

Мерки на претпазливост при дополнување мастило

- ❏ За печатење со првокласен квалитет и за да ја заштитите главата за печатење, во касетите останува различна безбедносна резерва мастило кога печатачот покажува дека треба да се дополни мастило.Наведените страници што може да се испечатат не ја вклучуваат резервата.
- ❏ Со мастилото за овој печатач мора да се ракува внимателно. Мастилото може да испрска кога резервоарите за мастило се полнат или се дополнуваат. Ако ви капне мастило на облеката или некој предмет, може да не се извади.
- ❏ Користете шишиња со мастило со правилна шифра на дел за печатачот.
- ❏ Не тресете премногу силно и не притискајте ги шишињата со мастило.
- ❏ За најдобри резултати на печатење, не одржувајте ниски нивоа на мастило за продолжени временски периоди.
- ❏ За да се добијат оптимални резултати од печатењето, дополнувајте ги резервоарите за мастило до горната линија најмалку еднаш годишно.
- ❏ Продолженото користење на печатачот кога нивото на мастилото е под долната линија може да го оштети печатачот.Epson препорачува дополнување на резервоарот за мастило до горната линија кога не се работи со печатачот за да се ресетира нивото на мастило.

Трошење мастило

- ❏ За да се одржат оптимални перформанси на главата за печатење, дел од мастилото се троши од сите резервоари за мастило при постапките за одржување, како на пр. чистењето на главата за печатење. Исто така, може да се троши мастило и кога го вклучувате печатачот.
- ❏ Кога печатите еднобојно или во сиви тонови, може да се користат мастилата во боја наместо црното мастило во зависност од видот хартија или поставките за квалитет на печатењето. Причината е што се користи мешавина на мастилата во боја за да се добие црна боја.
- ❏ Мастилото во шишињата со мастило испорачани со печатачот се користи делумно при првичното поставување.За да се произведат висококвалитетни отпечатоци, главата за печатење на печатачот се полни целосно со мастило.Овој еднократен процес троши извесно количество мастило и затоа тие шишиња може да испечатат помалку страници во споредба со следните.

❏ Наведените количини може да се разликуваат во зависност од сликите што ги печатите, типот хартија што го користите, зачестеноста на печатење и надворешните услови, како што е температурата.

Дополнување на резервоарите за мастило

Мастилото може да се дополнува во секое време.

Важно:

Epson препорачува користење на оригинални шишиња со мастило Epson.

1. Изберете **Одржување** на почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

2. Изберете **Ресетирај ниво на мастило**, а потоа притиснете го копчето ⓕ.

3. Потврдете ја пораката, притиснете го копчето OK.

4. Отворете го капакот за резервоарот за мастило.



5. Отворете го капачето на резервоарот за мастило.



Важно:

Внимавајте бојата на резервоарот за мастило да одговара на бојата на мастилото што сакате да го дополните.

Дополнување мастило

6. Додека го држите исправено шишето со мастило, полека вртете го капачето за да го отстраните.



> ***Важно:***
>
> ❏ *Внимавајте да не истурите мастило.*
>
> ❏ *Не допирајте го горниот дел на шишето со мастило откако ќе го остраните капачето; во спротивно, може да се размачка со мастило.*

7. Порамнете го горниот дел на шишето со отворот за полнење, а потоа бавно исправете го шишето за да го вметнете во отворот за полнење.



Дополнување мастило

> ***Важно:***
>
> *Не дозволувајте горниот дел од шишето со мастило да дојде во допир со предмети откако ќе го отстраните капачето; во спротивно, мастилото може да се истури.*

Белешка:

- ❏ *Ако мастилото не започне да тече во резервоарот, отстранте го шишето мастило и повторно обидете се да го вметнете.*
- ❏ *Можете да ги ресетирате нивоата на мастилото дури и ако не сте наполниле мастило до горната линија.Меѓутоа, печатачот не може да дава известувања и да сопира работа пред нивоата на мастилото да паднат под долната линија.*

8. Кога мастилото ќе ја достигне горната линија, извадете го шишето.

   Мастилото тече во резервоарот само ако го држите шишет нормално без стискање. Протокот на мастило автоматски запира кога мастилото е наполнето до горната линија.



> ***Важно:***
>
> *Не оставајте го вметнато шишето со мастило; во спротивно, шишето може да се оштети или мастилото да протече.*

9. Затворете го капачето на шишето со мастило.



Дополнување мастило

Белешка:
Ако остане мастило во шишето со мастило, затегнете го капачето и зачувајте го шишето во исправна положба за подоцнежна употреба.

10. Добро затворете го капачето за резервоарот за мастило.



11. Затворете го капакот за резервоарот за мастило, па притиснете го копчето ⓘ.



12. Изберете ја бојата на мастило којашто сте ја дополниле до горната линија.

13. Притиснете го копчето ⓘ за да го ресетирате нивото на мастило.

14. Потврдете ја пораката, а потоа притиснете го копчето OK.

Важно:
Ако продолжите да го користите печатачот откако ќе ги ресетирате нивата на мастило без да го дополните резервоарот за мастило до горната линија, може да се изврши печатење без мастило и тоа може да го оштети печатачот. Пред да започнете со печатење, визуелно проверете ги нивоата на мастило во сите резервоари за мастило.

Поврзани информации

➡ „Шифри на шишињата со мастило“ на страница 108
➡ „Претпазливости при ракување со шишињата со мастило“ на страница 109
➡ „Истурено мастило“ на страница 163

Одржување на печатачот

Спречување сушење на главата за печатење

Секогаш користете го копчето за вклучување кога го вклучувате и исклучувате печатачот.

Проверете дали светлото за напојување е исклучено пред да го откачите кабелот за напојување.

И самото мастило може да се исуши ако не е покриено. Исто како што ставате капаче на хемиско или мастилно пенкало за да не се исуши, уверете се дека главата за печатење е соодветно покриена за да спречите сушење на мастилото.

Кога кабелот за напојување ќе се откачи или кога ќе дојде до прекин на електричното напојување додека печатачот работи, главата за печатење може да не се покрие соодветно. Ако се остави во таква положба, главата за печатење ќе се исуши и прскалките (излезите за мастило) ќе се затнат.

Во тој случај, вклучете го и исклучете го печатачот што е можно побрзо, за да се покрие главата за печатење.

Проверка и чистење на главата за печатење

Ако прскалките се затнати, отпечатените примероци се бледи, има забележителни пруги или се појавуваат неочекувани бои. Кога ќе се намали квалитетот на печатењето, употребете ја функцијата за проверка на прскалките и проверете дали прскалките се затнати. Ако прскалките се затнати, исчистете ја главата за печатење.

Важно:

- *Не отворајте го внатрешен капак и не исклучувајте го печатачот за време на чистење на главата за печатење. Ако чистењето на главата е нецелосно, може да не биде можно печатење.*
- *Бидејќи за чистењето на главата за печатење е потребно малку мастило, чистете ја главата само ако се намали квалитетот.*
- *Кога мастилото е потрошено, може нема да можете да ја исчистите главата за печатење.*
- *Ако квалитетот на печатењето не се подобрува откако три пати ќе се повтори проверка на прскалките и ќе се исчисти главата, почекајте барем 12 часа без печатење, а потоа повторно извршете проверка на прскалките. Препорачуваме да го исклучите печатачот. Ако квалитетот на печатењето не се подобрува, активирајте Интензивно чистење. Ако и понатаму не се подобрува, контактирајте со службата за поддршка на Epson.*
- *За да спречите сушење на главата за печатење, не откачувајте го печатачот додека е вклучен.*

Проверка и чистење на главата за печатење — Контролна табла

1. Ставете обична хартија A4 во печатачот.

2. Изберете **Одржување** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

3. Изберете **Проверка на прскалките**.

4. Следете ги инструкциите на екранот за да го отпечатите шаблонот за проверка на прскалките.

5. Проверете го отпечатениот шаблон.

   ❏ Ако не забележувате испрекинати линии или сегменти што недостасуваат, како на следниот шаблон „OK", прскалките не се затнати. Изберете **Не** за да ја затворите функцијата за проверка на прскалките. Не се потребни натамошни чекори.

   ❏ Ако има испрекинати линии или сегменти што недостасуваат, како што е покажано на шаблонот „NG", прскалките на главата за печатење можеби се затнати. Одете на следниот чекор.



6. Изберете **Да**, а потоа следете ги инструкциите на екранот за да ја исчистите главата за печатење.

7. Кога ќе заврши чистењето, отпечатете го шаблонот за проверка на прскалките уште еднаш. Повторувајте го чистењето и печатењето на шаблонот додека линиите да се отпечатат целосно.

Поврзани информации

➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна" на страница 51

Проверка и чистење на главата за печатење - Windows

1. Ставете обична хартија A4 во печатачот.

2. Пристапете до прозорецот на двигателот за печатачот.

3. Кликнете **Проверка на прскалките** на картичката **Одржување**.

4. Следете ги упатствата на екранот.

Поврзани информации

➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна" на страница 51

➡ „Печатење на двигател на печатач" на страница 63

Проверка и чистење на главата за печатење — Mac OS

1. Ставете обична хартија A4 во печатачот.
2. Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот.
3. Кликнете **Опции и производи** > **Услужна програма** > **Отвори ја Алатката за печатење**.
4. Кликнете на **Проверка на прскалките**.
5. Следете ги упатствата на екранот.

Поврзани информации

➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51

Активирање на Интензивно чистење

Алатката **Интензивно чистење** овозможува замена на сето мастило во цевките за мастило.Во следниве ситуации, можно е да треба да ја користите оваа функција за да го подобрите квалитетот на печатење.

❏ Сте печатиле или извршиле чистење на главата кога нивоата на мастило биле премногу ниски за да бидат видливи во прозорците на резервоарот за мастило.

❏ Сте извршиле проверка на прскалките и чистење на главата неколку пати и сте почекале најмалку 12 часа без печатење, но квалитетот на печатење и понатаму не се подобрил.

Пред да ја акивирате оваа функција, прочитајте ги следниве упатства.

Важно:

Погрижете се дека има доволно мастило во резервоарите за мастило.

Визуелно проверете дали сите резервоари за мастило се полни барем една третина.Ниските нивоа на мастило за време на Интензивно чистење може да доведат до оштетување на производот.

Важно:

Потребен е интервал од 12 часа помеѓу секое Интензивно чистење.

Норамлно, едно Интензивно чистење треба да го отстрани проблемот со квалитетот на печатење во рок од 12 часа.Од таа причина, за да избегнете непоребно користење на мастило, мора да почекате 12 часа пред да се обидете повторно.

> ***Важно:***
> *Оваа функција влијае на траењето на перничињата за мастило.Перничињата за мастило го достигнуваат нивниот капацитет порано ако ја користите оваа функција.Ако перничињата за мастило го достигнат крајот од рокот на траење, контактирајте со службата за поддршка на Epson за замена.*

Белешка:
Кога нивоата на мастило се недоволни за Интензивно чистење, не може да ја активирате оваа функција.Дури и во овој случај, нивоата за печатење може да останат.

Активирање Интензивно чистење - Контролна табла

Прочитајте ги инструкциите за Интензивно чистење пред да ја активирате оваа функција.

1. Исклучете го печатачот.
2. Држејќи го притиснато копчето ⑦, притиснете го копчето ⏻ додека да затрепка светлото за напојување, за да се прикаже екранот за потврда.
3. Следете ги инструкциите на екранот за да ја активирате функцијата Интензивно чистење.

   Белешка:
   Ако не може да ја активирате оваа функција, отстранете ги проблемите коишто се прикажани на екранот. Следно, следете ја процедурата од чекор 1 за повторно да ја активирате функцијата.
4. Откако ќе ја активирате оваа функција, извршете проверка на прскалките за да се погрижите дека прскалките не се затнати.

   За детали околу тоа како да ја извршите проверката на прскалките, видете ги поврзаните информации подолу.

Поврзани информации

➡ „Проверка и чистење на главата за печатење“ на страница 115

Активирање на Интензивно чистење — Windows

1. Отворете го прозорецот на двигателот за печатачот.
2. Кликнете на **Интензивно чистење** од јазичето **Одржување**.
3. Следете ги упатствата на екранот.

   Белешка:
   Ако не може да ја активирате оваа функција, отстранете ги проблемите коишто се прикажани на контролната табла на печатачот.Следно, следете ја процедурата од чекор 1 за повторно да ја активирате функцијата.

Поврзани информации

➡ „Печатење на двигател на печатач“ на страница 63

Активирање на Интензивно чистење — Mac OS

1. Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот.
2. Кликнете **Опции и производи** > **Услужна програма** > **Отвори ја Алатката за печатење**.
3. Кликнете на **Интензивно чистење**.
4. Следете ги упатствата на екранот.

   Белешка:
   Ако не може да ја активирате оваа функција, отстранете ги проблемите коишто се прикажани на контролната табла на печатачот.Следно, следете ја процедурата од чекор 1 за повторно да ја активирате функцијата.

Порамнување на главата за печатење

Ако отпечатениот материјал ги содржи следниве проблеми, извршете порамнување на главата за печатење за да го подобрите отпечатениот материјал.

❏ Вертикалните линии не се порамнети или отпечатениот материјал изгледа заматено

❏ Се јавуваат хоризонтални пруги во редовни интервали

Порамнување на главата за печатење — Контролна табла

1. Изберете **Одржување** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.
2. Изберете **Порамнување на главата за печатење**.
3. Изберете го менито за приспособување што сакате да го приспособите, за да го подобрите отпечатениот материјал според статусот на резултатите од печатењето.

   ❏ Вертикалните линии не се порамнети или отпечатениот материјал изгледа заматено: изберете **Верт. порамн.**.

   ❏ Се јавуваат хоризонтални пруги во редовни интервали: изберете **Хориз. порамн.**.
4. Следете ги инструкциите на екранот.

Поврзани информации

➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51

Чистење на патеката на движење на хартијата од дамки од мастило

Кога исписите се замачкани или изгужвани, исчистете го ваљакот внатре.

> **Важно:**
> *Не користете хартиени салфети за да ја чистите внатрешноста на печатачот. Прскалките на главата за печатење можат да се затнат со влакненца.*

1. Ставете обична хартија со големина A4 во заден отвор за додавање хартија.
2. Изберете **Одржување** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.
3. Изберете **Чист. на вод. за харт.**.
4. Следете ги упатствата на екранот за да ја исчистите патеката на хартијата.

   Повторувајте ја оваа постапка додека хартијата не се замачка со мастило.

Поврзани информации

➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51

Чистење на Стакло на скенерот

Кога копиите или скенираните слики се замачкани, исчистете го стакло на скенерот.

> **Важно:**
> *Никогаш не употребувајте алкохол или разредувач за чистење на печатачот. Тие хемикалии може да го оштетат печатачот.*

1. Отворете го капакот за документи.



2. Користете мека и сува крпа за чистење за да ја исчистите површината на стакло на скенерот.

> ***Важно:***
>
> - *Ако стаклената површина е измачкана со маст или некој друг материјал што тешко се отстранува, земете мала количина на средство за чистење на стакло и мека крпа и отстранете ја нечистотијата. Избришете ја сета преостаната течност.*
> - *Не притискајте ја стаклената површина пресилно.*
> - *Внимавајте да не ја изгребете или оштетите површината на стаклото. Оштетена стаклена површина може да го намали квалитетот на скенирањето.*

Проверка на вкупниот број страници внесени низ печатачот

Можете да го проверите вкупниот број страници внесени низ печатачот.

Проверка на вкупниот број страници внесени низ печатачот — Контролна табла

Информациите се печатат со шарата за проверка на прскалките.

1. Ставете обична хартија A4 во печатачот.
2. Изберете **Одржување** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.
3. Изберете **Проверка на прскалките**.
4. Следете ги упатствата на екранот за да го отпечатите образецот за проверка на прскалките.

Поврзани информации

➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51

Проверка на вкупниот број страници внесени низ печатачот - Windows

1. Отворете го прозорецот на двигателот за печатачот.
2. Кликнете **Информаци за печатач и опции** на картичката **Одржување**.

Поврзани информации

➡ „Печатење на двигател на печатач“ на страница 63

Проверка на вкупниот број страници внесени низ печатачот — Mac OS

1. Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот.

2. Кликнете **Опции и производи** > **Услужна програма** > **Отвори ја Алатката за печатење**.

3. Кликнете на **Printer and Option Information**.

Мрежна услуга и информации за софтвер

Овој дел ги претставува мрежните услуги и софтверските производи достапни за вашиот печатач од интернет страницата на Epson или на доставениот диск со софтвер.

Апликација за конфигурирање на работата на печатачот (Web Config)

Web Config е апликација што работи во интернет-прегледник како Internet Explorer и Safari на компјутер или паметен уред. Можете да ја потврдите состојбата на печатачот или да ги менувате мрежната услуга и поставките на печатачот. За да ја користите Web Config, поврзете ги печатачот и компјутерот или уредот со иста мрежа.

Следниве прегледници се поддржани.

ОС	Прегледник
Windows XP SP3 или понов	Microsoft Edge, Internet Explorer 8 или понова верзија, Firefox*, Chrome*
Mac OS X v10.6.8 или понов	Safari*, Firefox*, Chrome*
iOS*	Safari*
Android 2.3 или понов	Основен прегледник
Chrome OS*	Основен прегледник

* Користете ја најновата верзија.

Работа со Web Config во интернет-прегледник

1. Проверете ја IP-адресата на печатачот.

   За да ја започнете проверката на врската, изберете **Поставки** > **сите Wi-Fi/ пост. за мрежа** > **Проверка на врската** од контролната табла. Притиснете го копчето ⓘ или копчето OK за да го отпечатите извештајот за мрежната врска. Проверете ја IP-адресата на печатачот во отпечатениот извештај за мрежната врска.

2. Вклучете веб-прелистувач од компјутерот или паметниот уред, а потоа внесете ја IP-адресата на печатачот.

   Формат:

   IPv4: http://IP-адресата на печатачот/

   IPv6: http://[IP-адресата на печатачот]/

   Примери:

   IPv4: http://192.168.100.201/

IPv6: http://[2001:db8::1000:1]/

Белешка:
Користејќи го паметниот уред, можете да го активирате Web Config од екранот за одржување на Epson iPrint.

Поврзани информации

➡ „Користење Epson iPrint“ на страница 89

Работа со Web Config на Windows

При поврзување компјутер со печатачот користејќи WSD, следете ги чекорите подолу за да ја активирате Web Config.

1. Отворете го списокот со печатачи на компјутерот.
   - ❏ Windows 10/Windows Server 2016

     Кликнете на копчето за стартување, а потоа изберете **Систем на Windows** > **Контролна табла** > **Преглед на уреди и печатачи** во **Хардвер и звук**.
   - ❏ Windows 8.1/Windows 8/Windows Server 2012 R2/Windows Server 2012

     Изберете **Работна површина** > **Поставки** > **Контролна табла** > **Преглед на уреди и печатачи** во **Хардвер и звук** (или **Хардвер**).
   - ❏ Windows 7/Windows Server 2008 R2

     Кликнете на копчето за стартување, изберете **Контролна табла** > **Преглед на уреди и печатачи** во **Хардвер и звук**.
   - ❏ Windows Vista/Windows Server 2008

     Кликнете на копчето за стартување и изберете **Контролна табла** > **Печатачи** во **Хардвер и звук**.
2. Кликнете со десното копче на печатачот и изберете **Својства**.
3. Изберете ја картичката **Веб-услуга**, а потоа кликнете на URL-адресата.

Работа со Web Config на Mac OS

1. Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот.
2. Кликнете **Опции и производи**> **Прикажи интернет страница на печатач**.

Апликација за скенирање на документи и слики (Epson Scan 2)

Epson Scan 2 е апликација за контрола на скенирањето.Можете да ја приспособите големината, резолуцијата, осветленоста, контрастот и квалитетот на скенираната слика.Исто така, можете да

го стартувате Epson Scan 2 и од апликација за скенирање соодветна со TWAIN.Погледнете во помошта на апликацијата за детали.

Активирање во Windows

Белешка:
*За оперативните системи Windows Server, треба да ја инсталирате функцијата **Искуство на работната површина**.*

- ❏ Windows 10/Windows Server 2016

  Кликнете на копчето за стартување, па изберете **EPSON** > **Epson Scan 2**.

- ❏ Windows 8.1/Windows 8/Windows Server 2012 R2/Windows Server 2012

  Внесете го името на апликацијата во полето за пребарување, а потоа изберете ја прикажаната икона.

- ❏ Windows 7/Windows Vista/Windows XP/Windows Server 2008 R2/Windows Server 2008/Windows Server 2003 R2/Windows Server 2003

  Кликнете на копчето за стартување, па изберете **Сите програми** или **Програми** > **EPSON** > **Epson Scan 2**> **Epson Scan 2**.

Активирање во Mac OS

Белешка:
Epson Scan 2 не ја поддржува функцијата за брзо променување на корисникот на Mac OS.Исклучете го брзото променување на корисникот.

Изберете **Започни** > **Апликации** > **Epson Software** > **Epson Scan 2**.

Поврзани информации

➡ „Скенирање со користење на Epson Scan 2“ на страница 103

➡ „Инсталирање на најнови апликации“ на страница 129

Додавање на скенер на мрежа

Пред да го користите Epson Scan 2, треба да го додадете скенерот на мрежата.

1. Активирајте го софтверот и кликнете на **Додај** на **Поставки на скенерот** екранот.

   Белешка:
   - ❏ *Ако **Додај** е засивено, кликнете на **Овозможи уредување**.*
   - ❏ *Ако се прикаже главниот екран на Epson Scan 2, веќе е поврзан на скенерот.Ако сакате да се поврзете на друга мрежа, изберете **Скенер** > **Поставки** за да го отворите **Поставки на скенерот** екранот.*

2. Додадете го скенерот на мрежа.Внесете ги следните ставки и кликнете на **Додај**.

   - ❏ **Модел**: Изберете го скенерот којшто сакате да го поврзете.
   - ❏ **Име**: Внесете го името на скенерот со најмногу 32 знаци.
   - ❏ **Барај мрежа**: Кога компјутерот и скенерот се на иста мрежа, се прикажува IP адресата.Ако не се прикаже, кликнете на копчето .Ако IP адрестата и понатаму не се прикажува, кликнете на **Внесете адреса** и директно внесете ја IP адресата.

3. Изберете го скенерот на екранот **Поставки на скенерот** и кликнете на **Добро**.

Апликација за конфигурирање на режими за скенирање од контролната табла (Epson Event Manager)

Epson Event Manager е апликација што овозможува управување со скенирањето од контролната табла и сочувување слики на компјутер.Можете да додавате свои поставки како меморирани вредности, како тип документ, локацијата на папката за сочувување и форматот на сликата.Погледнете во помошта на апликацијата за детали.

Белешка:
Оперативните системи Windows Server не се поддржани.

Активирање во Windows

❏ Windows 10

Кликнете на копчето за стартување, па изберете **Epson Software** > **Event Manager**.

❏ Windows 8.1/Windows 8

Внесете го името на апликацијата во полето за пребарување, а потоа изберете ја прикажаната икона.

❏ Windows 7/Windows Vista/Windows XP

Кликнете на копчето за стартување, па изберете **Сите програми** или **Програми** > **Epson Software** > **Event Manager**.

Активирање во Mac OS

Започни > **Апликации** > **Epson Software** > **Event Manager**.

Поврзани информации

➡ „Инсталирање на најнови апликации“ на страница 129

Апликација за печатење слики (Epson Photo +)

Epson Photo+ е апликација што овозможува едноставно печатење слики со разни распореди. Исто така, може да вршите корекција на слики и да ја приспособувате положбата додека го прегледувате документот. Може и да ги осветлите сликите додавајќи текст и печати каде сакате. Кога печатите на оригинална хартија Epson за слики, доаѓаат до израз перформансите на мастилото, создавајќи убав резултат со одлични бои.

Погледнете во помошта на апликацијата за детали.

Мрежна услуга и информации за софтвер

Белешка:
- ❏ *Оперативните системи Windows Server не се поддржани.*
- ❏ *За да ја користите апликацијава, мора да биде инсталиран двигателот за овој печатач.*
- ❏ *Може да печатите слики и со користење на Epson Easy Photo Print. Погледнете во помошта на апликацијата за детали.*

Започнување

- ❏ Windows 10/Windows Server 2016

  Кликнете на копчето за стартување, па изберете **Epson Software** > **Epson Photo+**.
- ❏ Windows 8.1/Windows 8/Windows Server 2012 R2/Windows Server 2012

  Внесете го името на апликацијата во полето за пребарување, а потоа изберете ја прикажаната икона.
- ❏ Windows 7/Windows Vista/Windows XP/Windows Server 2008 R2/Windows Server 2008/Windows Server 2003 R2/Windows Server 2003

  Кликнете на копчето за стартување и изберете **Сите програми** или **Програми** > **Epson Software** > **Epson Photo+**.

Активирање во Mac OS

Изберете **Започни** > **Апликации** > **Epson Software** > **Epson Photo+**.

Поврзани информации

➡ „Инсталирање на најнови апликации“ на страница 129

Апликација за печатење на интернет страници (E-Web Print)

E-Web Print е апликација што овозможува едноставно печатење интернет-страници со разни распореди. Погледнете во помошта на апликацијата за детали. Можете да пристапите до помошта од менито **E-Web Print** во алатникот на **E-Web Print**.

Белешка:
- ❏ *Оперативните системи Windows Server не се поддржани.*
- ❏ *Mac OS не е поддржан.*
- ❏ *Проверете дали има поддржани пребарувачи и најнова верзија од сајтот за преземање.*

Започнување

Откако ќе го инсталирате E-Web Print, се прикажува на веб-прегледувачот. Кликнете на **Print** или **Clip**.

Поврзани информации

➡ „Инсталирање на најнови апликации“ на страница 129

Апликација за скенирање и префрлање на слики (Easy Photo Scan)

Easy Photo Scan е апликација со којашто може да скенирате фотографии и лесно да ја испраќате скенираната слика на компјутери или на услугата во облак. Може лесно да ја приспособите скенираната слика. Погледнете во помошта на апликацијата за детали.

Белешка:

❏ Оперативните системи Windows Server не се поддржани.

❏ За да ја користите апликацијата, треба да е инсталиран двигателот на скенерот Epson Scan 2.

Активирање во Windows

❏ Windows 10

Кликнете на копчето за стартување, па изберете **Epson софтвер** > **Лесно скенирање на фотографии**.

❏ Windows 8.1/Windows 8

Внесете го името на апликацијата во полето за пребарување, а потоа изберете ја прикажаната икона.

❏ Windows 7/Windows Vista/Windows XP

Кликнете на копчето за стартување, а потоа изберете **Сите програми** или **Програми** > **Epson Software** > **Easy Photo Scan**.

Активирање во Mac OS

Изберете **Започни** > **Апликации** > **Epson Software** > **Easy Photo Scan**.

Алатки за ажурирање на софтвер (EPSON Software Updater)

EPSON Software Updater е апликација што проверува за нов или ажуриран софтвер на интернет и го инсталира. Исто така, фирмверот на печатачот можете да го ажурирате и рачно.

Белешка:
Оперативните системи Windows Server не се поддржани.

Метод на инсталирање

Преземете го EPSON Software Updater од интернет страницата на Epson.

Ако користите компјутер со Windows и не може да го преземете од интернет страницата, може да го инсталирате од испорачаното CD со софтвер.

http://www.epson.com

Активирање во Windows

❏ Windows 10

Кликнете на копчето за стартување, па изберете **Epson Software** > **EPSON Software Updater**.

❏ Windows 8.1/Windows 8

Внесете го името на апликацијата во полето за пребарување, а потоа изберете ја прикажаната икона.

❏ Windows 7/Windows Vista/Windows XP

Кликнете на копчето за стартување, па изберете **Сите програми** или **Програми** > **Epson Software** > **EPSON Software Updater**.

Белешка:
*Можете да го активирате EPSON Software Updater и со кликање на иконата на печатачот во лентата со задачи на работната површина, па изберете **Ажурирање софтвер**.*

Активирање во Mac OS

Изберете **Започни** > **Апликации** > **Epson Software** > **EPSON Software Updater**.

Апликација за конфигурирање на повеќе уреди (EpsonNet Config)

EpsonNet Config е апликација која ви овозможува да поставите адреси и протоколи на мрежен интерфејс.Видете го водичот за ракување за EpsonNet Config или помошта на апликацијата за повеќе детали.

Активирање во Windows

❏ Windows 10/Windows Server 2016

Кликнете на копчето за стартување, па изберете **EpsonNet** > **EpsonNet Config**.

❏ Windows 8.1/Windows 8/Windows Server 2012 R2/Windows Server 2012

Внесете го името на апликацијата во полето за пребарување, а потоа изберете ја прикажаната икона.

❏ Windows 7/Windows Vista/Windows XP/Windows Server 2008 R2/Windows Server 2008/Windows Server 2003 R2/Windows Server 2003

Кликнете на копчето за стартување и изберете **Сите програми** или **Програми** > **EpsonNet** > **EpsonNet Config SE** > **EpsonNet Config**.

Активирање во Mac OS

Започни > **Апликации** > **Epson Software** > **EpsonNet** > **EpsonNet Config SE** > **EpsonNet Config**.

Инсталирање на најнови апликации

Белешка:
Кога повторно инсталирате апликација, прво треба да ја деинсталирате.

1. Уверете се дека печатачот и компјутерот се достапни за комуникација и дека печатачот е поврзан на интернет.

2. Активирајте го EPSON Software Updater.

   Кадрот на екранот е пример во Windows.



3. За Windows, изберете печатач и кликнете на за да ги пребарате најновите достапни апликации.

4. Изберете ги ставките коишто сакате да ги инсталирате или да ги ажурирате и кликнете на копчето за инсталирање.

> ***Важно:***
>
> *Не исклучувајте го или не извлекувајте го струјниот приклучок на печатачот додека ажурирањето не заврши; во спротивно, печатачот може да не работи правилно.*

Белешка:

- *Може да ги преземете најновите апликации од интернет страницата на Epson.*

  http://www.epson.com

- *Ако ги користите Windows Server оперативни системи, не може да го користите EPSON Software Updater. Преземете ги најновите апликации од интернет страницата на Epson.*

Поврзани информации

➡ „Алатки за ажурирање на софтвер (EPSON Software Updater)“ на страница 128

➡ „Деинсталирање апликации“ на страница 131

Ажурирање на фирмверот на печатачот со користење на контролниот панел

Ако печатачот е поврзан на интернет, може да го ажурирате фирмверот на печатачот со користење на контролниот панел. Може да го поставите печатачот редовно да проверува за ажурирања на фирмверот и да ве извести ако се достапни.

1. Изберете **Поставки** од почетниот екран.

   За да изберете ставка, користете ги копчињата ▲ ▼ ◀ ▶, а потоа притиснете го копчето OK.

2. Изберете **Ажурир. фирмвер** > **Ажурирај**.

   Белешка:
   *Овозможете **Известување** > да го нагодите печатачот редовно да проверува за достапни ажурирања за фирмвер.*

3. Проверете ја пораката прикажана на екранот и притиснете го копчето OK за да започнете да пребарувате достапни ажурирања.

4. Ако пораката се прикаже на LCD екранот и ве извести дека е достапно ажурирање за фирмвер, следете ги упатствата на екранот за да започнете со ажурирање.

   Важно:
   - *Не исклучувајте го или не извлекувајте го струјниот приклучок на печатачот додека ажурирањето не заврши; во спротивно, печатачот може да не работи правилно.*
   - *Ако ажурирањето на фирмверот не е завршено или е неуспешно, печатачот не се вклучува нормално и „Recovery Mode" се прикажува на LCD екранот следниот пат кога ќе го вклучите печатачот. Во оваа ситуација, потребно е повторно да го ажурирате фирмверот со користење на компјутер. Поврзете го печатачот на компјутер со USB кабел. Додека се прикажува „Recovery Mode" на печатачот, не може да го ажурирате фирмверот на мрежна конекција. На компјутерот, отворете ја локалната интернет страница на Epson и преземете ја најновата верзија на фирмвер за печатачот. Погледнете ги упатствата на интернет страницата за следни чекори.*

Деинсталирање апликации

Најавете се на компјутерот како администратор. Внесете ја администраторската лозинка ако компјутерот ви ја побара.

Деинсталирање апликации — Windows

1. Притиснете го копчето ⏻ за да го исклучите печатачот.

2. Затворете ги сите активни апликации.

3. Отворете ја **Контролната табла**:
   - ❏ Windows 10/Windows Server 2016

     Кликнете на копчето за стартување, а потоа изберете **Систем на Windows** > **Контролна табла**.
   - ❏ Windows 8.1/Windows 8/Windows Server 2012 R2/Windows Server 2012

     Изберете **Работна површина** > **Поставки** > **Контролна табла**.
   - ❏ Windows 7/Windows Vista/Windows XP/Windows Server 2008 R2/Windows Server 2008/ Windows Server 2003 R2/Windows Server 2003

     Кликнете на копчето за стартување и изберете **Контролна табла**.
4. Отворете **Деинсталирање програма** (или **Додавање или отстранување програми**):
   - ❏ Windows 10/Windows 8.1/Windows 8/Windows 7/Windows Vista/Windows Server 2016/Windows Server 2012 R2/Windows Server 2012/Windows Server 2008 R2/Windows Server 2008

     Изберете **Деинсталирање програма** во **Програми**.
   - ❏ Windows XP/Windows Server 2003 R2/Windows Server 2003

     Кликнете на **Додавање или отстранување програми**.
5. Изберете ја апликацијата што сакате да ја деинсталирате.

   Не може да го деинсталирате двигателот за печатач ако има задачи за печатење. Избришете ги или почекајте задачите да бидат отпечатени пред деинсталирањето.
6. Деинсталирајте ги апликациите:
   - ❏ Windows 10/Windows 8.1/Windows 8/Windows 7/Windows Vista/Windows Server 2016/Windows Server 2012 R2/Windows Server 2012/Windows Server 2008 R2/Windows Server 2008

     Кликнете на **Деинсталирај/Измени** или **Деинсталирај**.
   - ❏ Windows XP/Windows Server 2003 R2/Windows Server 2003

     Кликнете на **Измени/Отстрани** или **Отстрани**.

   Белешка:
   *Ако се прикаже прозорецот **Контрола на кориснички сметки**, кликнете **Продолжи**.*
7. Следете ги упатствата на екранот.

Деинсталирање на апликации — Mac OS

1. Преземете го Uninstaller преку EPSON Software Updater.

   Откако ќе го преземете Uninstaller, не треба да го преземате повторно секогаш кога ќе ја деинсталирате апликацијата.
2. Притиснете го копчето ⏻ за да го исклучите печатачот.
3. За да го деинсталирате двигателот на печатачот, изберете **Системски претпочитани вредности** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**) па отстранете го печатачот од листата овозможени печатачи.
4. Затворете ги сите активни апликации.

5. Изберете **Започни** > **Апликации** > **Epson Software** > **Uninstaller**.
6. Изберете ја апликацијата што сакате да ја деинсталирате, а потоа кликнете **Uninstall**.

> ***Важно:***
> *Uninstaller ги отстранува сите двигатели за млазните печатачи на Epson од компјутерот.Ако користите повеќе млазни печатачи на Epson и сакате да избришете некои двигатели, прво избришете ги сите, а потоа инсталирајте го потребниот двигател уште еднаш.*

Белешка:
*Ако не можете да ја најдете апликацијата што сакате да ја деинсталирате во списокот со апликации, тогаш нема да можете да ја деинсталирате со користење на Uninstaller.Во оваа ситуација, изберете **Оди** > **Апликации** > **Epson Software**, изберете ја апликацијата што сакате да ја деинсталирате, а потоа повлечете ја до иконата за отпадоци.*

Поврзани информации

➡ „Алатки за ажурирање на софтвер (EPSON Software Updater)“ на страница 128

Печатење со користење на мрежна услуга

Користејќи ја услугата Epson Connect достапна на интернет можете да печатите од својот паметен телефон, таблет или лаптоп во секое време и практично секаде.За да ја користите оваа услуга, мора да ги регистрирате корисникот и печатачот во Epson Connect.

Функциите достапни на интернет се следниве.

- Email Print

  Кога ќе испратите е-порака со прикачувања како на пример документи или слики на адреса на е-пошта назначена на печатачот, може да ја отпечатите е-пораката и прикачувањата од далечински локации како на пример домашен печатач или печатач во канцеларија.

- Epson iPrint

  Оваа апликација е за iOS и Android и може да печатите од паметен телефон или таблет.Може да печатите документи, слики и интернет страници така што ќе ги испратите директно на печатач на истата бежична LAN.

- Remote Print Driver

  Ова е споделен двигател поддржан од далечински двигател за печатач.Кога печатите со користење на печатач од далечинска локација, може да печатите така што ќе го промените печатачот на вообичаениот прозорец на апликации.

За повеќе информации погледнете ја веб-локацијата Epson Connect.

https://www.epsonconnect.com/

http://www.epsonconnect.eu (само Европа)

Решавање проблеми

Проверување на состојбата на печатачот

Проверка на кодовите за грешка на LCD-екранот

Се прикажува код на LCD-екранот ако има грешка или информација за којашто треба да обрнете внимание. Ако се прикажува код, следете ги решенијата подолу за да го решите проблемот.

Код	Ситуација	Решенија
E-01	Има грешка со печатачот.	Отворете го внатрешниот капак и извадете ги хартијата или заштитниот материјал од внатрешноста на печатачот. Исклучете го, па вклучете го печатачот.
E-02	Има грешка со скенерот.	Исклучете го, па вклучете го печатачот.
E-11	Треба да го замените перничето за мастило.	Контактирајте со Epson или овластена сервисна служба на Epson за да го замените перничето за мастило*. Не е дел што може да го замени корисникот. Меѓутоа, достапни се функции освен печатење, како што е скенирање.
E-12	Треба да се замени перниче за мастило за печатење без рамки.	Контактирајте со Epson или со овластена сервисна служба на Epson за да го замените перничето за мастило за печатење без рамка*. Не е дел што може да го замени корисникот. Не е достапно печатење без рамки, но достапно е печатење со рамки.
W-01	Хартијата е заглавена.	За да ја отстраните грешката, извадете ја хартијата од печатачот и притиснете го копчето прикажано на дното на LCD-екранот. Во некои случаи, треба да го исклучите напојувањето и повторно да го вклучите.
W-11	Перничето за мастило се приближува до крајот на работниот век.	Контактирајте со Epson или овластена сервисна служба на Epson за да го замените перничето за мастило*. Не е дел што може да го замени корисникот. Пораката ќе се прикажува додека не се замени перничето за мастило. Притиснете го копчето ◇ за да продолжи печатењето.
W-14	Перничето за мастило за печатење без рамки се приближува до крајот на работниот век.	Контактирајте со Epson или со овластена сервисна служба на Epson за да го замените перничето за мастило за печатење без рамка*. Не е дел што може да го замени корисникот. Пораката ќе се прикажува додека не се замени перничето за мастило. Притиснете го копчето ◇ за да продолжи печатењето.
I-22	Поставете Wi-Fi од **Копче за притискање (WPS)**.	Притиснете го копчето на точката за пристап. Ако нема копче на точката за пристап, отворете го прозорецот за поставки на точката за пристап и кликнете го копчето прикажано во софтверот.

Код	Ситуација	Решенија
I-23	Поставете Wi-Fi од **PIN-код (WPS)**.	Внесете го PIN-кодот прикажан на LCD-екранот во точката на пристап или компјутерот во рок од две минути.
I-31	Поставете Wi-Fi од **Wi-Fi авто. поврз.**.	Инсталирајте го софтверот на компјутерот и притиснете го копчето OK кога ќе започне поставувањето на Wi-Fi.
I-41	**Ав. при. на пос. хар.** е оневозможено. Не може да користите одредени функции.	Ако **Ав. при. на пос. хар.** е деактивирана, не може да користите AirPrint. За користење на AirPrint, активирајте **Ав. при. на пос. хар.**.
I-60	Компјутерот може да не поддржува WSD (веб-услуги за уреди).	Функцијата за скенирање на компјутер (WSD) е достапна само за компјутерите на коишто се инсталирани англиски верзии на Windows 10, Windows 8.1, Windows 8, Windows 7 или Windows Vista. Уверете се дека печатачот е правилно поврзан со компјутерот.
Recovery Mode	Печатачот стартуваше во режим за поправање затоа што ажурирањето на фирмверот не беше успешно.	Следете ги чекорите подолу за да се обидете да го ажурирате фирмверот повторно. 1. Поврзете ги компјутерот и печатачот со USB-кабел. (Во режимот за поправање, не можете да го ажурирате фирмверот преку мрежна врска.) 2. Посетете ја локалната интернет-страница на Epson за понатамошни упатства.

* Во некои циклуси од печатењето може да се собере многу мало количество вишок мастило на перничето за мастило. За да се спречи протекување мастило од перничето, печатачот е конструиран да го прекине печатењето кога перничето ќе ја достигне својата граница. Дали и колку често ова ќе треба да се направи зависи од бројот на отпечатени страници на печатачот, видот на материјалот за печатење и бројот на циклуси на чистење на печатачот. Потребата да се замени перничето не значи дека печатачот ќе престане да работи во согласност со неговите спецификации. Печатачот ќе ве извести кога треба да се замени перничето и тоа треба да го направи овластена сервисна служба на Epson. Со гаранцијата на Epson не се покриваат трошоците за оваа замена.

Поврзани информации

➡ „Отстранување заглавена хартија“ на страница 136

➡ „Контактирање со поддршката на Epson“ на страница 175

➡ „Инсталирање на најнови апликации“ на страница 129

Проверка на состојбата на печатачот - Windows

1. Отворете го прозорецот на двигателот за печатачот.
2. Кликнете **EPSON Status Monitor 3** на картичката **Одржување**.

Белешка:

- *Можете да ја проверите состојбата на печатачот и со двојно кликање на иконата на печатачот на лентата за задачи. Ако иконата на печатачот не е додадена на лентата за задачи, кликнете **Преференци за следење** на картичката **Одржување**, па изберете **Регистрирајте ја иконата за брз пристап на лентата за задачи**.*
- *Ако **EPSON Status Monitor 3** е исклучен, кликнете **Проширени поставки** на картичката **Одржување**, а потоа изберете **Вклучи EPSON Status Monitor 3**.*

Поврзани информации

➡ „Печатење на двигател на печатач“ на страница 63

Проверување на состојбата на печатачот — Mac OS

1. Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот.
2. Кликнете **Опции и производи** > **Услужна програма** > **Отвори ја Алатката за печатење**.
3. Кликнете на **EPSON Status Monitor**.

   Може да ги проверите статусот на печатачот, нивоата на мастило и статусот за грешка.

Проверување на состојбата на софтверот

Можно е да го отстраните проблемот така што ќе го ажурирате софтверот на најновата верзија. За да го проверите статусот на софтверот, користете ја алатката за ажурирање на софтвер.

Поврзани информации

➡ „Алатки за ажурирање на софтвер (EPSON Software Updater)“ на страница 128

➡ „Инсталирање на најнови апликации“ на страница 129

Отстранување заглавена хартија

Проверете ја грешката прикажана на контролната табла и следете ги упатствата за отстранување на заглавената хартија вклучувајќи и искинати парчиња.Потоа избришете ја грешката.

Важно:

- *Отстранете ја заглавената хартија внимателно.Насилно отстранување на хартијата може да го оштети печатачот.*
- *При отстранување на заглавена хартија не навалувајте го, не ставајте го вертикално и не превртувајте го наопаку; во спротивно, мастилото може да протече.*

Отстранување заглавена хартија од Додавање хартија од задна страна

Отстранете ја заглавената хартија.



Отстранување заглавена хартија од внатрешноста на печатачот

> ⚠ ***Внимание:***
>
> *Не допирајте ги копчињата на контролната табла кога рацете ви се во печатачот. Ако печатачот почне да работи, може да предизвика повреда. Внимавајте да не ги допрете деловите што штрчат за да не се повредите.*

1. Подигнете ја контролната табла.



2. Отворете го внатрешниот капак.



3. Извадете ја заглавената хартија.



Важно:

Не допирајте ги деловите во печатачот прикажани во илустрацијата. Така може да предизвикате дефект.



4. Затворете го внатрешниот капак.



5. Затворете ја контролната табла.



Хартијата не се внесува правилно

Проверете ги следниве точки, а потоа преземете ги соодветните дејствија за да го решите проблемот.

- ❏ Ставете го печатачот на рамна површина и ракувајте во препорачаните услови на околината.
- ❏ Користете хартија поддржана од печатачот.
- ❏ Следете ги претпазливостите за ракување со хартија.
- ❏ Не ставајте повеќе од максимално назначениот број листови хартија.За обична хартија, не ставајте хартија над линијата покажана со триаголникот на граничникот.
- ❏ Осигурете се дека поставките за големина на хартија и тип на хартија одговараат на конкретната големина на хартијата и на типот на хартија ставена во печатачот.
- ❏ Не ставајте предмети на штитникот на додавачот.

Поврзани информации

➡ „Спецификации за животната средина“ на страница 168
➡ „Претпазливости при ракување со хартија“ на страница 50
➡ „Достапни хартии и капацитети“ на страница 48
➡ „Список со типови хартија“ на страница 54

Заглавување на хартија

- ❏ Ставете хартија во правилна насока и лизнете ги граничниците кон работ на хартијата.
- ❏ Ставајте лист по лист ако сте ставиле неколку листови хартија.

Поврзани информации

➡ „Отстранување заглавена хартија“ на страница 136
➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51

Хартијата е поставена накосо

Ставете хартија во правилна насока и лизнете ги граничниците кон работ на хартијата.

Поврзани информации

➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51

Неколку листови хартија се внесуваат во исто време

❏ Ставајте еден по еден лист хартија.

❏ Кога се внесуваат неколку листови хартија истовремено при рачно двострано печатење, отстранете ја сета хартија што е ставена во печатачот пред да ставите нова.

Појавување на грешка за снемување хартија

Кога ќе се појави грешка дека нема хартија иако е внесена во додавање хартија од задна страна, повторно внесете ја хартијата во центарот на додавање хартија од задна страна.

Проблеми со напојувањето и контролната табла

Печатачот не се вклучува

❏ Проверете дали струјниот кабел е правилно вклучен.

❏ Држете го подолго копчето ⏻.

Печатачот не се исклучува

Држете го подолго копчето ⏻. Ако сè уште не можете да го исклучите печатачот, исклучете го кабелот за напојување. За да спречите сушење на главата за печатење, вклучете го и исклучете го печатачот со притискање на копчето ⏻.

Напојувањето се исклучува автоматски

❏ Изберете **Поставки за искл.** во **Поставки**, а потоа онеспособете ги поставките **Исклучи напојување ако е неактивно** и **Искл. напој. ако е исклуч. од приклучок**.

❏ Онеспособете ја поставката **Тајмер за исклучување** во **Поставки**.

Белешка:
*Вашиот производ може да ја има карактеристиката **Поставки за искл.** или **Тајмер за исклучување** во зависност од местото на купување.*

ЛЦД-екранот се затемнува

Печатачот е во режим на функција. Притиснете некое копче на контролната табла за да го вратите ЛЦД-екранот во претходната состојба.

Не можам да печатам од компјутер

Проверување на поврзувањето (USB)

❏ Цврсто поврзете го USB кабелот со печатачот и компјутерот.

❏ Ако користите USB-разделник, обидете се да го поврзете печатачот директно со компјутерот.

❏ Ако USB кабелот не се препознава, променете ја портата или променете го USB кабелот.

❏ Ако печатачот не може да печати со користење на USB поврзување, обидете се со следново.

Исклучете го USB кабелот од компјутерот. Кликнете на десното копче на иконата на печатачот прикажана на компјутерот и изберете **Отстрани уред**. Потоа, поврзете го USB кабелот на компјутерот и обидете се со пробно печатење.

Ресетирајте го USB поврзувањето со следниве чекори во овој прирачник за менување на методот на поврзување на компјутер. Видете го линкот со поврзани информации подолу за повеќе информации.



Поврзани информации

➡ „Менување на начинот на поврзување на компјутер“ на страница 44

Проверување на поврзувањето (мрежа)

❏ Кога ќе ги промените безжичниот насочувач или давателот на услуги, обидете се повторно да ги одредите мрежните поставки за печатачот. Поврзете го компјутерот или паметниот уред на истата SSID на којашто е поврзан и печатачот.

- ❏ Исклучете ги уредите коишто сакате да ги поврзете на мрежата. Почекајте околу 10 секунди, а потоа вклучете ги уредите во следниов редослед: безжичен насочувач, компјутер или паметен уред и потоа печатачот. Поместете ги печатачот и компјутерот или паметниот уред поблиску до безжичниот пренасочувач за да ја олесните комуникацијата со радиобранови, а потоа обидете се повторно да ги одредите мрежните поставки.
- ❏ Отпечатете го извештајот за мрежната врска. Видете го линкот со поврзани информации подолу за повеќе информации. Ако извештајот покаже дека мрежната врска е неуспешна, проверете го извештајот за мрежна врска и следете ги отпечатените решенија.
- ❏ Ако IP-адресата одредена за печатачот е 169.254.XXX.XXX и маската на подмрежа е 255.255.0.0, IP-адресата може да не биде правилно одредена. Рестартирајте го безжичниот насочувач или ресетирајте ги мрежните поставки за печатачот. Ако со ова не се решава проблемот, погледнете ја документацијата за безжичниот насочувач.
- ❏ Обидете се да ја отворите која било веб-локација од вашиот компјутер за да се уверите дека мрежните поставки на компјутерот се точни. Ако не може да отворите веб-локација, има проблем со компјутерот. Проверете ја мрежната врска на компјутерот.

Поврзани информации

➡ „Поврзување на компјутер“ на страница 22

➡ „Печатење извештај за мрежна врска“ на страница 36

Проверување на софтверот и податоците

- ❏ Погрижете се дека е инсталиран оригинален двигател за печатач на Epson.Ако не е инсталиран оригинален двигател за печатач на Epson, функциите се ограничени.Ви препорачуваме да го користите оригиналниот двигател за печатач на Epson.Видете го линкот со поврзани информации подолу за повеќе информации.
- ❏ Ако печатите голема слика со многу податоци, компјутерот може да нема доволно меморија.Испечатете ја сликата со помала резолуција или со помала големина.

Поврзани информации

➡ „Проверување на оригиналните двигатели за печатач на Epson“ на страница 142

➡ „Инсталирање на најнови апликации“ на страница 129

Проверување на оригиналните двигатели за печатач на Epson

Може да проверите дали оригинален двигател за печатач на Epson е инсталиран на компјутерот со користење на еден од следниве методи.

Windows

Изберете **Контролна табла** > **Види уреди и печатачи** (**Печатачи**, **Печатачи и факсови**) и направете го следново за да го отворите прозорецот за својствата на серверто за печатење.

- ❏ Windows 10/Windows 8.1/Windows 8/Windows 7/Windows Server 2016/Windows Server 2012 R2/ Windows Server 2012/Windows Server 2008 R2

  Кликнете на иконата за печатач па кликнете на **Отпечати својства на сервер** на горниот дел од прозорецот.

❏ Windows Vista/Windows Server 2008

Кликнете со десното копче на папката **Печатачи** и кликнете на **Активирај како администратор** > **Својства на сервер**.

❏ Windows XP/Windows Server 2003 R2/Windows Server 2003

Од менито **Датотека**, изберете **Својства на сервер**.

Кликнете на јазичето **Двигател**.Ако името на печатачот е прикажано на листата, оригинален двигател за печатачот на Epson е инсталиран на компјутерот.



Mac OS

Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот.Кликнете на **Опции и производи** и ако јазичето **Опции** и јазичето **Услужна алатка** се прикажани во прозорецот, оригиналниот двигател за печатач на Epson е инсталиран на компјутерот.

Поврзани информации

➡ „Инсталирање на најнови апликации“ на страница 129

Проверете го статусот на печатачот од компјутерот (Windows)

Кликнете **Ред. за печатење** на јазичето за двигател на печатач **Одржување** и проверете го следново.



❏ Проверете дали има паузирани печатења.

Ако останат непотребни податоци, изберете **Откажи ги сите документи** од менито **Печатач**.

❏ Проверете печатачот да не е исклучен или чека наредба.

Ако е исклучен или чека наредба, променете го поставувањето за исклучен или чека наредба во менито **Печатач**.



❏ Уверете се дека печатачот е избран како стандарден печатач во менито **Печатач** (во менито треба да има знак за избор).

Ако печатачот не е избран за стандарден печатач, поставете го како стандарден. Ако има повеќе икони во **Контролна табла** > **Види уреди и печатачи** (**Печатачи**, **Печатачи и факсови**), видете го следново за да изберете икона.

Пример)

USB поврзување: EPSON XXXX серија

Мрежно поврзување: EPSON XXXX серија (мрежа)

Ако го инсталирате двигателот за печатач неколку пати, може да се креираат копии на двигателот за печатач. Ако се креираат копии како на пример „EPSON XXXX серија (копија 1)“, кликнете со десното копче на иконата на двигателот и кликнете на **Далечински уред**.

❏ Погрижете се отворот на печатачот да биде правилно избран во **Својства** > **Отвор** од менито **Печатач** на следниов начин.

Изберете „**USBXXX**" за поврзување преку USB „**EpsonNet Print Port**" за мрежно поврзување.

Проверете го статусот на печатачот од компјутерот (Mac OS)

Погрижете се статусот на печатачот да не е **Пауза**.

Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па кликнете двапати на печатачот.Ако печатачот е паузиран, кликнете, кликнете на **Продолжи** (или **Продолжи со печатење**).

Не може да правите мрежни поставки

❏ Исклучете ги уредите коишто сакате да ги поврзете на мрежата. Почекајте околу 10 секунди, а потоа вклучете ги уредите во следниов редослед: безжичен насочувач, компјутер или паметен уред и потоа печатачот. Поместете ги печатачот и компјутерот или паметниот уред поблиску до безжичниот насочувач за да ја олесните комуникацијата со радиобранови, а потоа обидете се повторно да ги одредите мрежните поставки.

❏ Изберете **Поставки** > **Мрежни поставки** > **Проверка на врската** и отпечатете го извештајот за мрежна врска. Ако настанала грешка, проверете го извештајот за мрежна врска и следете ги отпечатените решенија.

Поврзани информации

➡ „Печатење извештај за мрежна врска" на страница 36

➡ „Пораки и решенија на извештајот за мрежна конекција" на страница 37

Не може да се поврзам на уреди и кога мрежните поставки не се проблем

Ако не може да се поврзете од компјутер или паметен уред на печатач и кога извештајот за мрежно поврзување на прикажува проблеми, погледнете го следново.

Решавање проблеми

❏ Кога истовремено користите неколку безжични пренасочувачи, можеби нема да може да го користите печатачот преку компјутерот или преку паметниот уред, во зависност од поставките на безжичните пренасочувачи. Поврзете ги компјутерот или паметниот уред на истиот безжичен пренасочувач како и печатачот.

Оневозможете ја функцијата за врзување на паметниот уред ако е овозможена.



❏ Можеби нема да може да се поврзете на безжичниот пренасочувач кога безжичниот пренасочувач има повеќе SSID и уредите се поврзани на различни SSID на истиот безжичен пренасочувач. Поврзете ги компјутерот или паметниот уред на истата SSID како и печатачот.



❏ Безжичниот пренасочувач којшто е во согласност со IEEE 802.11a и IEEE 802.11g има SSID од 2,4 GHz и 5 GHz. Ако ги поврзете компјутерот или паметниот уред на 5 GHz SSID, не може да се поврзете со печатачот затоа што печатачот поддржува комуникација само над 2,4 GHz. Поврзете ги компјутерот или паметниот уред на истата SSID како и печатачот.



❏ Повеќето безжични пренасочувачи имаат функција за одделување за приватност којашто ја блокира комуникацијата меѓу поврзаните уреди. Ако не може да се воспостави комуникација меѓу печатачот и компјутерот или паметниот уред дури и кога се поврзани на истата мрежа, оневозможете ја функцијата за одделување за приватност на безжичниот пренасочувач. За детали, погледнете во прирачникот испорачан со безжичниот пренасочувач.



Поврзани информации

➡ „Проверување на SSID поврзана за печатачот“ на страница 147

➡ „Проверување на SSID за компјутерот“ на страница 148

Проверување на SSID поврзана за печатачот

Може да ја проверите SSID ако отпечатите извештај за мрежно поврзување, лист за статус на мрежа итн. Web Config.

Поврзани информации

➡ „Печатење извештај за мрежна врска“ на страница 36

➡ „Печатење на листа за статус на мрежа“ на страница 43

Проверување на SSID за компјутерот

Windows

Кликнете на во фиоката со задачи на работната површина. Проверете го името на поврзаната SSID од прикажаната листа.

Mac OS

Кликнете на иконата за Wi-Fi на горниот дел од екранот на компјутерот. Се прикажува листа на SSID и поврзаната SSID се означува со ознака за штиклирање.

Не можам да печатам од iPhone или iPad

❏ Поврзете го iPhone or iPad на истата мрежа (SSID) на којашто е поврзан печатачот.

❏ Активирајте **Ав. при. на пос. хар.** во следниве менија.

Поставки > **Поставување на печатачот** > **Пост. за изв. на хар.** > **Ав. при. на пос. хар.**

❏ Активирајте ја поставката за AirPrint од Web Config.

Поврзани информации

➡ „Поврзување на паметен уред“ на страница 23

➡ „Апликација за конфигурирање на работата на печатачот (Web Config)“ на страница 123

Проблеми со отпечатеното

Исписот е истуткан или недостасува бојата

❏ Ако не сте го користеле печатачот долго време, прскалките на главата за печатење може да бидат затнати и капки мастило може да не се испуштаат.Извршете проверка на прскалките, па исчистете ја главата за печатење ако некоја од прскалките е затната.

❏ Ако сте печателе кога нивото на мастило било премногу ниско за да се види во прозорците на резервоарите за мастило, дополнете ги резервоарите за мастило до горните линии, а потоа користете ја услужната програма **Интензивно чистење** (Засилено миење на мастилото) за да го замените мастилото во цевките за мастило.По користењето на услужната програма, извршете проверка на прскалките за да видите дали е подобрен квалитетот на печатење.

Поврзани информации

➡ „Проверка и чистење на главата за печатење“ на страница 115

➡ „Дополнување на резервоарите за мастило“ на страница 111

➡ „Активирање на Интензивно чистење“ на страница 117

Појавување на пруги или неочекувани бои



Прскалките на главата за печатење можеби се затнати. Направете проверка на прскалките за да проверите дали прскалките на главата за печатење се затнати. Исчистете ја главата за печатење ако некоја од прскалките е затната.

Поврзани информации

➡ „Проверка и чистење на главата за печатење“ на страница 115

Појавување на пруги во боја на интервали од приближно 2.5 см



❑ Изберете соодветна поставка за тип на хартија за типот на хартија ставена во печатачот.

❑ Порамнете ја главата за печатење.

❑ Кога печатите на обична хартија, печатете со користење на поставка за повисок квалитет.

Поврзани информации

➡ „Порамнување на главата за печатење“ на страница 119

Матни отпечатоци, вертикални пруги или непорамнетост



Порамнете ја главата за печатење користејќи ја функцијата **Верт. порамн.**.

Поврзани информации

➡ „Порамнување на главата за печатење“ на страница 119

Квалитетот на печатење не се подобрува дури и по порамнувањето на главата за печатење

Во текот на двонасочното печатење (или печатење со голема брзина), главата за печатење печати додека се движи во двете насоки, така што е можно вертикалните линии да не се порамнети.Ако квалитетот на печатење не се подобрува, онеспособете ја поставката за двонасочно печатење (или печатење со голема брзина).Онеспособувањето на оваа поставка може да ја забави брзината на печатење.

❏ Windows

Отштиклирајте го **Голема брзина** од јазичето **Повеќе опции** на двигателот на печатачот.

❏ Mac OS

Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот.Кликнете **Опции и производи** > **Опции** (или **Двигател**).Изберете **Off** како поставка за **High Speed Printing**.

Квалитетот на печатење е слаб

Проверете го следново ако квалитетот на печатењето е слаб поради матни отпечатоци, ленти, бои што недостигаат, избледени бои, непорамнетост на отпечатоците.

Проверување на печатачот

❏ Проверете дали почетното полнење мастило е целосно.

❏ Дополнете го резервоарот за мастило ако нивото на мастилото е под подолната линија.

❏ Извршете проверка на прскалките, па исчистете ја главата за печатење ако некоја од прскалките е затната.

❏ Порамнете ја главата за печатење.

Проверување на хартија

❏ Користете хартија поддржана од печатачот.

❏ Не печатете на влажна, оштетена или стара хартија.

❏ Ако хартијата е извиткана или пликовите се надуени, исправете ги.

❏ Не ставајте ја хартијата на купче веднаш по печатењето.

❏ Исушете ги отпечатоците целосно пред да ги архивирате или прикажете.Кога ги сушите отпечатоците, избегнувајте директна сончева светлина, не користете фен и не допирајте ја испечатената страна на хартијата.

❏ Кога печатите слики или фотографии, Epson препорачува користење на оригинална хартија Epson наместо обична хартија.Печатете на страната за печатење на оригиналната хартија Epson.

Проверување на поставките за печатење

❏ Изберете соодветна поставка за тип на хартија за типот на хартија ставена во печатачот.

❏ Печатете користејќи поставка за подобар квалитет.

Проверка на шишето со мастило

- ❏ Користете шишиња со мастило со правилна шифра на дел за печатачот.
- ❏ Epson препорачува користење на шишето со мастило пред датумот испечатен на пакувањето.
- ❏ Обидете се да користите оригинални шишиња со мастило Epson.Производот е конструиран да ги прилагодува боите врз основа на користењето оригинални шишиња со мастило Epson.Користењето неоригинални шишиња мастило може да предизвика послаб квалитет на печатењето.

Поврзани информации

- ➡ „Проверка и чистење на главата за печатење“ на страница 115
- ➡ „Порамнување на главата за печатење“ на страница 119
- ➡ „Достапни хартии и капацитети“ на страница 48
- ➡ „Список со типови хартија“ на страница 54
- ➡ „Претпазливости при ракување со хартија“ на страница 50

Хартијата е замачкана или истуткана

- ❏ Кога ќе се појави хоризонтална лента или горниот или долниот дел од хартијата се замачкани, ставете хартија во правилната насока и лизгајте ги граничниците до рабовите на хартијата.



- ❏ Кога на хартијата ќе се појави вертикална лента или хартијата е замачката, исчистете ја патеката за хартија.

- ❏ Поставете ја хартијата на рамна површина за да проверите дали е искривена. Ако е, израмнете ја.
- ❏ Кога печатите двострано рачно, внимавајте мастилото да е сосема суво пред да ставите хартија повторно.

Поврзани информации

- ➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51
- ➡ „Чистење на патеката на движење на хартијата од дамки од мастило“ на страница 120

Отпечатените фотографии се лепливи

Можеби печатите на погрешната страна од фотографската хартија. Погрижете се да печатите на страната за печатење.

Кога печатите на погрешната страна од фотографската хартија, треба да ја исчистите патеката на хартијата.

Поврзани информации

➡ „Чистење на патеката на движење на хартијата од дамки од мастило“ на страница 120

Слики или фотографии се печатат во неочекувани бои

Кога печатите од драјверот на печатачот на Windows, поставката за приспособување на фотографии на Epson стандардно се применува на тип на хартија. Обидете се да ја промените поставката.

На јазичето **Повеќе опции**, изберете **Прилагодено** во **Корекција на боите** и потоа кликнете на **Напредно**. Променете ја поставката за **Корекција на сцена** од **Автоматска корекција** за која било друга опција. Ако менувањето на поставката не функционира, користете кој било метод за коригирање на боја различен од **PhotoEnhance** во **Управување со бои**.

Поврзани информации

➡ „Прилагодување на бојата за печатење“ на страница 77

Не можам да печатам без маргини

Во поставките за печатење направете поставка за печатење без рамки. Ако изберете тип хартија што не поддржува печатење без рамки, не може да изберете **Без рамки**. Изберете тип хартија што поддржува печатење без рамки.

Рабовите на сликата се пресечени при печатење без рамки

За време на печатењето без рамки, сликата се зголемува малку и испакнатото подрачје се отсекува.Изберете поставка на помало зголемување.

❏ Контролна табла

Променете ја поставката **Проширување**.

❏ Windows

Кликнете на **Поставки** до полето за избор **Без рамки** на јазичето **Главна** од двигателот за печатачот, а потоа променете ги поставките.

❏ Mac OS

Променете ја поставката **Проширување** од менито **Поставки за печатење** на полето за печатење.

Позицијата, големината или маргините на исписот се неточни

❏ Ставете хартија во правилна насока и лизнете ги граничниците кон работ на хартијата.

❏ Кога ги ставате оригиналите на стакло на скенерот, порамнете го аголот на оригиналот со аголот означен со симбол на рамката од стакло на скенерот. Ако рабовите на копијата се исечени, поместете го оригиналот малку подалеку од аголот.

❏ При ставање на оригиналите на стакло на скенерот, исчистете ги стакло на скенерот и капакот за документи. Ако на стаклото има прашина или дамки, областа за копирање може да се прошири за да ги опфати прашината или дамките со што може да создаде погрешна позиција за копирање или мали слики.

❏ Изберете ја соодветната **Г. на о.** во поставките за копирање.

❏ Изберете го соодветното поставување за димензии на хартијата.

❏ Приспособете ја поставката за маргини во апликацијата така што ќе биде во подрачјето за печатење.

Поврзани информации

➡ „Ставање хартија во Додавање хартија од задна страна“ на страница 51

➡ „Ставање оригинали на Стакло на скенерот“ на страница 55

➡ „Чистење на Стакло на скенерот“ на страница 120

➡ „Област за печатење“ на страница 164

Неточни или погрешно отпечатени знаци

❏ Цврсто поврзете го USB кабелот со печатачот и компјутерот.

❏ Откажете ги паузираните задачи за печатење.

❏ Не ставајте го рачно компјутерот во режим на **Хибернација** или **Спиење** додека печатите. Страниците со искривен текст ќе се испечатат следниот пат кога ќе го стартувате компјутерот.

❏ Ако користите двигател за печатач којшто претходно сте го користеле, отпечатените знаци може да бидат неразбирливи. Погрижете се дека двигателот на печатачот којшто го користите е за овој печатач. Проверете го името на печатачот на горниот дел од прозорецот на двигателот на печатач.

Отпечатената слика е превртена

Исклучете ги сите поставувања за огледална слика во двигателот за печатачот или во апликацијата.

❏ Windows

Откажете го **Огледална слика** во картичката **Повеќе опции** на двигателот на печатачот.

❏ Mac OS

Отстранете го **Mirror Image** од изборникот **Поставки за печатење** на полето за печатење.

Мозаични ефекти на исписите

Кога печатите слики или фотографии, печатете со податоци со голема резолуција. Сликите на интернет-страниците често се со мала резолуција иако изгледаат доволно добро на екранот, така што квалитетот на печатењето може да се намали.

Се појавуваат нерамномерни бои, замачкувања, точки или прави линии на копираната слика

❏ Исчистете ја патеката за хартија.

❏ Исчистете го стакло на скенерот.

❏ Не притискајте пресилно на оригиналот или на капакот за документи кога ставате оригинали на стакло на скенерот.

❏ Кога хартијата се замачкува, намалете ја поставката за густина на копирањето.

Поврзани информации

➡ „Чистење на патеката на движење на хартијата од дамки од мастило“ на страница 120

➡ „Чистење на Стакло на скенерот“ на страница 120

На скенираната слика се појавуваат ефекти на контраст (мрежести ефекти)

Променете ја поставката за намалување и зголемување или ставете го оригиналот под малку поразличен агол.

Сликата од задната страна на оригиналот се појавува на копираната слика

❏ Ако имате тенок оригинал, ставете го на стакло на скенерот, а потоа ставете парче црна хартија врз него.

❏ Намалете го поставувањето за густината на копијата во контролната табла.

Проблемот со исписот не може да се избрише

Ако сте се обиделе со сите решенија и не сте го решиле проблемот, обидете се да го деинсталирате и повторно да го инсталирате двигателот за печатачот.

Поврзани информации

➡ „Деинсталирање апликации“ на страница 131

➡ „Инсталирање на најнови апликации“ на страница 129

Други проблеми со печатењето

Печатењето е премногу бавно

❏ Затворете ги непотребните апликации.

❏ Намалете ја поставката за квалитет. Печатење со висок квалитет ја намалува брзината на печатењето.

❏ Исклучете ја поставката за двонасочно (или високобрзинско) печатење. Кога е вклучена оваа поставка, главата за печатење печати додека се движи во двете насоки, така што брзината на печатењето се намалува.

❏ Windows

Изберете **Голема брзина** во картичката **Повеќе опции** на двигателот на печатачот.

❏ Mac OS

Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот. Кликнете **Опции и производи** > **Опции** (или **Двигател**). Изберете **On** како поставка за **High Speed Printing**.

❏ Исклучете го тивкиот режим. Оваа опција ја намалува брзината на печатење.

❏ Контролна табла

Изберете на почетниот екран и оневозможете го **Тивок режим**.

❏ Windows

Изберете **Исклучено** како поставување за **Тивок режим** на картичката за двигателот за печатачот **Главна**.

❏ Mac OS

Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот. Кликнете **Опции и производи** > **Опции** (или **Двигател**). Изберете **Off** како поставка за **Тивок режим**.

Печатењето или копирањето драстично забавува при непрекинато печатење

Печатењето или копирањето забавува за да се спречи прегревање и оштетување на механизмот на печатачот. Сепак, можете да продолжите со печатење. За да се вратите на нормална брзина на печатењето, оставете го печатачот да мирува барем 30 минути. Брзината на печатењето не се враќа на нормалната брзина ако напојувањето е исклучено.

Не може да почне скенирање

❏ Цврсто поврзете го USB кабелот со печатачот и компјутерот. Ако користите USB-разделник, обидете се да го поврзете печатачот директно со компјутерот.

- ❏ Ако скенирате со висока резолуција преку мрежа, може да се појави комуникациска грешка. Намалете ја резолуцијата.
- ❏ Проверете дали сте го избрале правилниот печатач (скенер) во Epson Scan 2.

Проверете дали уредот го препознава печатачот или не кога користите Windows

Во Windows, проверете дали печатачот (скенерот) е прикажан во **Скенер и фотоапарат**. Печатачот (скенерот) треба да биде прикажан како „EPSON XXXXX (име на печатачот)". Ако печатачот (скенерот) не е прикажан, деинсталирајте го и повторно инсталирајте го Epson Scan 2. Погледнете го следново за да пристапите до **Скенер и фотоапарат**.

- ❏ Windows 10

  Кликнете на копчето за стартување и изберете **Систем на Windows** > **Контролна табла**, внесете „Скенер и фотоапарат" во полето за пребарување, кликнете **Погледни ги скенерите и фотоапаратите**, а потоа проверете дали е прикажан печатачот.

- ❏ Windows 8.1/Windows 8/Windows Server 2012 R2/Windows Server 2012

  Изберете **Работна површина** > **Поставувања** > **Контролна табла**, внесете „Скенер и фотоапарат" во полето за пребарување, кликнете **Прикажи го скенерот и фотоапаратот**, а потоа проверете дали е прикажан печатачот.

- ❏ Windows 7/Windows Server 2008 R2

  Кликнете на копчето за стартување и изберете **Контролна табла**, внесете „Скенер и фотоапарат" во полето за пребарување, кликнете **Погледни ги скенерите и фотоапаратите**, а потоа проверете дали е прикажан печатачот.

- ❏ Windows Vista/Windows Server 2008

  Кликнете на копчето за стартување, изберете **Контролна табла** > **Хардвер и звук** > **Скенери и фотоапарати**, а потоа проверете дали е прикажан печатачот.

- ❏ Windows XP/Windows Server 2003 R2/Windows Server 2003

  Кликнете на копчето за стартување, изберете **Контролна табла** > **Печатачи и друг хардвер** > **Скенери и фотоапарати**, а потоа проверете дали е прикажан печатачот.

Поврзани информации

➡ „Деинсталирање апликации" на страница 131

➡ „Инсталирање на најнови апликации" на страница 129

Не може да се стартува со скенирање кога се користи контролната табла

- ❏ Уверете се дека Epson Scan 2 и Epson Event Manager се инсталирани правилно.
- ❏ Проверете го поставувањето за скенирање поставено во Epson Event Manager.

Поврзани информации

➡ „Апликација за скенирање на документи и слики (Epson Scan 2)" на страница 124

➡ „Апликација за конфигурирање на режими за скенирање од контролната табла (Epson Event Manager)" на страница 126

Проблеми со скенирани слики

Неизедначени бои, нечистотија, точки и слично се појавуваат кога скенирате од стаклото на скенерот

❏ Исчистете го стаклото на скенерот.

❏ Отстранете секаква нечистотија или отпадоци што се прилепуваат на оригиналот.

❏ Не притискајте со преголема сила врз оригиналот или капакот за документи. Ако притискате со преголема сила може да се појават заматување, размачкувања и точки.

Поврзани информации

➡ „Чистење на Стакло на скенерот“ на страница 120

Квалитетот на сликата е лош

❏ Во Epson Scan 2, приспособете ја сликата со користење на ставките на јазичето **Напредни поставки** и потоа скенирајте.

❏ Ако резолуцијата е ниска, обидете се да ја зголемите резолуцијата и потоа секенирајте.

Поврзани информации

➡ „Скенирање со користење на Epson Scan 2“ на страница 103

Се прикажува пресликување во задината на сликите

Слики на задната страна на оригиналот може да бидат прикажани на скенираната слика.

❏ Во Epson Scan 2, изберете го јазичето **Напредни поставки** и приспособете ја **Осветленост**.

Оваа функција може да не биде достапна во зависност од поставките на јазичето **Главни поставки** > **Тип слика** или други поставки на јазичето **Напредни поставки**.

❏ Во Epson Scan 2, изберете го јазичето **Напредни поставки**, а потоа **Опција за слика** > **Подобрување текст**.

❏ Кога скенирате од стаклото на скенерот, ставете црна хартија или подлога над оригиналот.

Поврзани информации

➡ „Ставање оригинали на Стакло на скенерот“ на страница 55

➡ „Скенирање со користење на Epson Scan 2“ на страница 103

Текстот е нејасен

❏ Во Epson Scan 2, изберете го јазичето **Напредни поставки**, а потоа **Опција за слика** > **Подобрување текст**.

❏ Во Epson Scan 2, кога **Тип слика** на јазичето **Главни поставки** е поставено на **Црно-бело**, приспособете го **Праг** на јазичето **Напредни поставки**. Кога го зголемувате **Праг**, црната област се засилува.

❏ Ако резолуцијата е слаба, обидете се да ја зголемите резолуцијата и тогаш започнете со скенирање.

Поврзани информации

➡ „Скенирање со користење на Epson Scan 2“ на страница 103

Се појавуваат моаре ефекти (сенки налик на пајажина)

Ако оригиналот е печатен документ, моаре ефектите (сенки налик на пајажина) може да се појават на скенираната слика.

❏ На табулаторот **Напредни поставки** во Epson Scan 2, поставете **Отстранување екран**.

❏ Сменете ја резолуцијата, а потоа скенирајте повторно.

Поврзани информации

➡ „Скенирање со користење на Epson Scan 2“ на страница 103

Не може да ја скенирате правилната област на стаклото на скенерот

❏ Проверете дали оригиналот е поставен правилно според ознаките за порамнување.

❏ Ако рабовите на скенираната слика недостасуваат, малку поместете го оригиналот подалеку од работ на стаклото на скенерот.

❏ Кога скенирате од контролниот панел и ако го изберете функцијата за автоматско сечење на областа за скенирање, отстранете каква било нечистотија од стаклото на скенерот и капакот на документот. Ако има нечистотија околу оригиналот, опсегот на скенирање се проширува за да ја опфати.

Поврзани информации

➡ „Ставање оригинали на Стакло на скенерот“ на страница 55

Текстот не е правилно препознаен при зачувување како PDF што може да се пребарува

- ❏ Од прозорецот **Опции за формат на слика** во Epson Scan 2, проверете дали **Јазик на текст** е правилно поставен од јазичето **Текст**.
- ❏ Проверете дали оригиналот е правилно поставен.
- ❏ Користете го оригиналот со јасен текст. Препознавањето на текст може да го нема за следниве типови на оригинали.
  - ❏ Оригинали коишто се многубројно копирани
  - ❏ Оригинали коишто се примени преку факс (со ниска резолуција)
  - ❏ Оригинали на коишто растојанието помеѓу буквите или редовите е премногу мало
  - ❏ Оригинали со испечатени или подтцратни линии врз текстот
  - ❏ Оригинали со ракописен текст
  - ❏ Оригинали со свиткувања или набрчувања
- ❏ Во Epson Scan 2, кога **Тип слика** на јазичето **Главни поставки** е поставено на **Црно-бело**, приспособете го **Праг** на јазичето **Напредни поставки**. Кога го зголемувате **Праг**, црната област станува поголема.
- ❏ Во Epson Scan 2, изберете го јазичето **Напредни поставки**, а потоа **Опција за слика** > **Подобрување текст**.

Поврзани информации

➡ „Скенирање со користење на Epson Scan 2“ на страница 103

Не може да се решат проблемите во скенираната слика

Ако сте се обиделе со сите решенија и не сте го решиле проблемот, започнете со Epson Scan 2 поставките со користење на Epson Scan 2 Utility.

Белешка:
Epson Scan 2 Utility е апликација којашто доаѓа со Epson Scan 2.

1. Активирајте го Epson Scan 2 Utility.
   - ❏ Windows 10/Windows Server 2016

     Кликнете на копчето за стартување па изберете **EPSON** > **Epson Scan 2 Utility**.
   - ❏ Windows 8.1/Windows 8/Windows Server 2012 R2/Windows Server 2012

     Внесете го името на апликацијата во полето за пребарување, а потоа изберете ја прикажаната икона.
   - ❏ Windows 7/Windows Vista/Windows XP/Windows Server 2008 R2/Windows Server 2008/ Windows Server 2003 R2/Windows Server 2003

     Кликнете на копчето за вклучување и изберете **Сите програми** и **Програми** > **EPSON** > **Epson Scan 2** > **Epson Scan 2 Utility**.
   - ❏ Mac OS

     Изберете **Започни** > **Апликации** > **Epson Software** > **Epson Scan 2 Utility**.

2. Изберете го јазичето **Друго**.
3. Кликнете **Ресетирај**.

   Белешка:
   Ако со активирањето не се реши проблемот, деинсталирајте го и повторно инсталирајте го Epson Scan 2.

Поврзани информации

➡ „Деинсталирање апликации“ на страница 131
➡ „Инсталирање на најнови апликации“ на страница 129

Други проблеми со скенирање

Скенирањето е премногу бавно

Намалете ја резолуцијата.

Поврзани информации

➡ „Скенирање со користење на Epson Scan 2“ на страница 103

Скенирањето забавува драстично при непрекинато скенирање

Скенирањето забавува за да се спречи прегревање и оштетување на механизмот на печатачот. Сепак, можете да продолжите со скенирање. За да се вратите на нормална брзина на скенирањето, оставете го печатачот да мирува барем 30 минути. Брзината на скенирањето не се враќа на нормалната брзина ако напојувањето е исклучено.

Скенирањето ќе запре кога се скенира во PDF/мулти-TIFF

- ❏ Кога скенирате со користење на Epson Scan 2, можете постојано да скенирате до 999 страници во PDF-формат и до 200 страници во Multi-TIFF формат.
- ❏ Кога скенирате многу документи, препорачуваме да скенирате во сиви тонови.
- ❏ Зголемете го слободното место на дискот на компјутерот. Скенирањето може да сопре ако нема доволно слободно место.
- ❏ Обидете се со сканирање во помала резолуција. Скенирањето сопира ако вкупното количество податоци го достигне ограничувањето.

Поврзани информации

➡ „Скенирање со користење на Epson Scan 2“ на страница 103

Други проблеми

Мал електричен шок при допир на печатачот

Ако на компјутерот се поврзани многу надворешни уреди, може да почувствувате мал електричен шок кога ќе го допрете печатачот. Ставете заземјување на компјутерот што е поврзан со печатачот.

Звуците додека работи се гласни

Ако звуците се прегласни, вклучете **Тивок режим**.Оспособувањето на оваа карактеристика може да ја намали брзината на печатење.

❏ Контролна табла

Изберете на почетниот екран и овозможете го **Тивок режим**.

❏ Двигател за печатачот за Windows

Оспособете **Тивок режим** на картичката **Главна**.

❏ Двигател за печатачот за Mac OS

Изберете **Системски параметри** од менито > **Печатачи и скенери** (или **Печати и скенирај**, **Печати и испрати по факс**), па изберете го печатачот.Кликнете **Опции и производи** > **Опции** (или **Двигател**).Изберете **On** како поставка за **Тивок режим**.

❏ Epson Scan 2

Кликнете на копчето за да го отворите прозорецот **Конфигурација**.Следно, поставете **Тивок режим** на картичката **Скенирај**.

Апликацијата е блокирана од заштитен ѕид (само за Windows)

Додајте ја апликацијата во дозволените програми на заштитниот ѕид на Windows во безбедносните поставки во **Контролна табла**.

Се прикажува порака за ресетирање на нивоата на мастилото

Дополнете ги сите или одредените резервоари за мастило, изберете ја дополнетата боја на LCD-екранот, и ресетирајте ги нивоата на мастило.

Зависно од условите на користење, пораката може да се прикаже кога уште има мастило во резервоарот.

Поврзани информации

➡ „Дополнување на резервоарите за мастило“ на страница 111

Истурено мастило

- ❏ Ако мастилото се залепи во областа околу резервоарот, избришете го со користење на чиста крпа или чепкалка за уши.
- ❏ Ако се истури мастилото на работната маса или на подот, веднаш избришете го.Кога мастилото ќе се засуши ќе биде тешко да го отстраните размачканото.За да спречите размачканото да се прошири, исчистете го мастилото со сува крпа и избришете го со влажна крпа.
- ❏ Ако мастилото дојде во контакт со вашите раце, измијте ги со вода и сапун.

Додаток

Технички спецификации

Спецификации на печатачот

Положба на прскалката на главата за печатење		Прскалки за црно мастило: 180 Прскалки за мастило во боја: 59 за секоја боја
Тежина на хартијата*	Обична хартија	64 до 90 г/м² (17 до 24 фунти)
	Пликови	Плик #10, DL, C6: 75 до 90 г/м² (20 на 24 фунти)

* Дури и кога дебелината на хартијата е во рамки на овој опсег, може да не може да ја внесете хартијата во печатачот или квалитетот на печатење може да се намали во зависност од својствата и квалитетот на хартијата.

Област за печатење

Површината за печатење за единични листови

Квалитетот на печатењето може да е послаб во засенчените области поради механизмот на печатачот.

Печатење со рамки



A	3.0 mm (0.12 in.)
B	3.0 mm (0.12 in.)
C	41.0 mm (1.61 in.)
D	37.0 mm (1.46 in.)

Печатење без рамка



A	44.0 mm (1.73 in.)
B	40.0 mm (1.57 in.)

Површина за печатење за плика

Квалитетот на печатењето може да е послаб во засенчените области поради механизмот на печатачот.

	A	3.0 mm (0.12 in.)
	B	5.0 mm (0.20 in.)
	C	18.0 mm (0.71 in.)
	D	41.0 mm (1.61 in.)

Спецификации на скенерот

Тип на скенерот	Рамен оптички скенер
Фотоелектричен уред	CIS
Ефективни пиксели	10200×14040 пиксели (1200 dpi)
Максимална големина на документ	216×297 мм (8.5×11.7 инчи) A4, Letter
Резолуција на скенирање	1200 dpi (главно скенирање) 2400 dpi (под-скенирање)
Излезна резолуција	од 50 до 9600 dpi на стапки од по 1 dpi
Длабочина на бојата	Боја ❏ 48 битови на точка внатрешно (16 битови по точка на боја внатрешно) ❏ 24 битови на точка надворешно (8 битови по точка на боја надворешно) Сива палета ❏ 16 битови по точка внатрешно ❏ 8 битови по точка надворешно Црно и бело ❏ 16 битови по точка внатрешно ❏ 1 битови по точка надворешно
Извор на светлина	LED

Спецификации на интерфејсот

За компјутер	Hi-Speed USB

Листа на мрежни функции

Функции на мрежата и IPv4/IPv6

Функции			Поддржани	Забелешки
Печатење на мрежа	EpsonNet Print (Windows)	IPv4	✓	-
	Standard TCP/IP (Windows)	IPv4, IPv6	✓	-
	WSD-печатење (Windows)	IPv4, IPv6	✓	Windows Vista или понов
	Bonjour-печатење (Mac OS)	IPv4, IPv6	✓	-
	IPP-печатење (Windows, Mac OS)	IPv4, IPv6	✓	-
	UPnP-печатење	IPv4	-	Информациски уред
	PictBridge-печатење (Wi-Fi)	IPv4	-	Дигитална камера
	Epson Connect (Печатење од е-порака, далечинско печатење)	IPv4	✓	-
	AirPrint (iOS, Mac OS)	IPv4, IPv6	✓	iOS 5 или понов, Mac OS X v10.7 или понов
	Google Cloud Print	IPv4, IPv6	✓	-
Скенирање на мрежа	Epson Scan 2	IPv4, IPv6	✓	-
	Event Manager	IPv4	✓	-
	Epson Connect (Скенирај во облак)	IPv4	-	-
	AirPrint (Скенирање)	IPv4, IPv6	✓	OS X Mavericks или понов
	ADF (Двострано скенирање)		-	-
Факс	Испрати факс	IPv4	-	-
	Прими факс	IPv4	-	-
	AirPrint (Излезен факс)	IPv4, IPv6	-	OS X Mountain Lion или понов

Спецификации за Wi-Fi

Стандарди	IEEE 802.11b/g/n[*1]

Фреквентен опсег	2,4 GHz
Максимално предадена радиофреквентна моќ	20 dBm (EIRP)
Режими на координација	Инфраструктура, Wi-Fi Direct (Едноставен AP)*2*3
Безбедност при безжичен пристап*4	WEP (64/128bit), WPA2-PSK (AES)*5

*1 IEEE 802.11n е достапно само за HT20.

*2 Не е поддржано за IEEE 802.11b.

*3 Режимот Едноставен AP е компатибилен со Wi-Fi-врска (инфраструктура).

*4 Wi-Fi Direct поддржува само WPA2-PSK (AES).

*5 Во согласност со стандардите WPA2 со поддршка за WPA/WPA2 Personal.

Безбедносен протокол

SSL/TLS	HTTPS-сервер/клиент, IPPS

Поддржани услуги од други лица

AirPrint	Печатење	iOS 5 или понов/Mac OS X v10.7.x или понов
	Скенирање	OS X Mavericks или понов
Google Cloud Print		

Димензии

Димензии	Складирање ❏ Ширина: 375 mm (14.8 in.) ❏ Длабочина: 347 mm (13.7 in.) ❏ Висина: 179 mm (7.0 in.) Печатење ❏ Ширина: 375 mm (14.8 in.) ❏ Длабочина: 578 mm (22.8 in.) ❏ Висина: 253 mm (10.0 in.)
Тежина*	Околу 4.0 kg (8.8 lb)

* Без мастилото и без кабелот за напојување.

Спецификации за електриката

Модел	Модел 100 до 240 V	Модел 220 до 240 V
Опсег на номинална фреквенција	50 до 60 Hz	50 до 60 Hz
Номинална струја	0.4 до 0.2 A	0.2 A
Потрошувачка на енергија (со УСБ-поврзување)	Самостојно копирање: Околу 12.0 W (ISO/IEC24712) Режим на подготвеност: Околу 4.3 W Режим на спиење: Околу 0.7 W Исклучено напојување: Околу 0.2 W	Самостојно копирање: Околу 12.0 W (ISO/IEC24712) Режим на подготвеност: Околу 4.3 W Режим на спиење: Околу 0.7 W Исклучено напојување: Околу 0.3 W

Белешка:

❏ *Проверете ја етикетата на печатачот за напонот.*

❏ *За корисниците во Европа, погледнете на следнава интернет-страница за детали за потрошувачката на струја.*

http://www.epson.eu/energy-consumption

Спецификации за животната средина

Работа	Користете го печатачот во опсегот прикажан на следниов графикон.  Температура: од 10 до 35°C (од 50 до 95°F) Влажност: од 20 до 80% RH (без кондензација)
Складирање	Температура: -20 од 40°C (-4 до 104°F)* Влажност: од 5 до 85% RH (без кондензација)

* Можете да го чувате еден месец на 40°C (104°F).

Спецификации за околината за шишињата со мастило

Температура на чување	-20 до 40 °C (-4 до 104 °F)*
Температура на замрзнување	-15 °C (5 °F) Мастилото се топи и може да се користи по околу 2 часа на 25 °C (77 °F).

* Можете да го чувате еден месец на 40 °C (104 °F).

Системски барања

- ❏ Windows 10 (32-битна, 64-битна)/Windows 8.1 (32-битна, 64-битна)/Windows 8 (32-битна, 64-битна)/Windows 7 (32-битна, 64-битна)/Windows Vista (32-битна, 64-битна)/Windows XP SP3 или понова верзија (32-битна)/Windows XP Professional x64 Edition SP2 или понова верзија/Windows Server 2016/Windows Server 2012 R2/Windows Server 2012/Windows Server 2008 R2/Windows Server 2008/Windows Server 2003 R2/Windows Server 2003 SP2 или понова верзија
- ❏ macOS High Sierra/macOS Sierra/OS X El Capitan/OS X Yosemite/OS X Mavericks/OS X Mountain Lion/Mac OS X v10.7.x/Mac OS X v10.6.8

Белешка:
- ❏ *Mac OS може да не поддржува некои апликации и функции.*
- ❏ *Датотечниот систем UNIX (UFS) за Mac OS не е поддржан.*

Регулаторни информации

Стандарди и одобренија

Стандарди и одобренија за модел во САД

Безбедност	UL60950-1 CAN/CSA-C22.2 No.60950-1
EMC	FCC Part 15 Subpart B Class B CAN/CSA-CEI/IEC CISPR 22 Class B

Опремата го содржи следниов безжичен модул.

Производител: Seiko Epson Corporation

Тип: J26H006

Производот е во согласност со Дел 15 од правилата на FCC и RSS-210 од правилата на IC. Epson не презема одговорност за незадоволување на барањата за заштита што произлегува од непрепорачана модификација на производот. Работата зависи од следниве два услова: (1) уредот не смее да предизвикува штетни пречки, и (2) уредот мора да ги прифати сите примени пречки, вклучувајќи пречки што може да предизвикаат несакано работење на уредот.

За да се спречат радиопречки на лиценцираната услуга, уредот е наменет за внатрешна употреба и подалеку од прозорци за да се обезбеди максимална заштита. Опремата (или нејзината предавателна антена) која е поставена надвор подлежи на лиценцирање.

Оваа опрема соодветствува со ограничувањата за изложеност на радијација на FCC/IC одредени за неконтролирана средина и соодветствува со Упатствата за изложеност на радиофрекфенција (RF) на FCC во Додатокот C до OET65 и RSS-102 на Правилата за изложеност на радиофрекфенција (RF) на IC. Оваа опрема треба да се инсталира и со неа да се ракува така што радијаторот да биде одалечен најмалку 7,9 инчи (20 cm) или повеќе од телото на лицето (со исклучок на екстремитети: раце, рачни зглобови, стопала и ножни зглобови).

Стандарди и одобренија за европски модел

За европските корисници

Корпорацијата Seiko Epson дека наведениот модел на радио опрема е во согласност со Директивата 2014/53/EU. Целосниот текст на потврдата за сообразност на ЕУ е достапна на следнава интернет страница.

http://www.epson.eu/conformity

C634E

За употреба само во Ирска, Велика Британија, Австрија, Германија, Лихтенштајн, Швајцарија, Франција, Белгија, Луксембург, Холандија, Италија, Португалија, Шпанија, Данска, Финска, Норвешка, Шведска, Исланд, Хрватска, Кипар, Грција, Словенија, Малта, Бугарија, Чешка, Естонија, Унгарија, Летонија, Литванија, Полска, Романија и Словачка.

Epson не презема одговорност за незадоволување на барањата за заштита што произлегува од непрепорачана модификација на печатачот.

CE

Стандарди и одобренија за австралискиот модел

EMC	AS/NZS CISPR32 Class B

Epson со ова изјавува дека следниве модели на опрема ги исполнуваат суштинските барања и останатите релевантни одредби на Директивата AS/NZS4268:

C634E

Epson не презема одговорност за незадоволување на барањата за заштита што произлегува од непрепорачана модификација на печатачот.

Ограничувања за копирање

Запазете ги следниве ограничувања за да обезбедите одговорна и законска употреба на печатачот.

Забрането е со закон копирање на следниве работи:

- ❏ Банкарски сметки, ковани пари, пазарни хартии од вредности издадени од државата, државни обврзници и локални хартии од вредност
- ❏ Неискористени поштенски марки, разгледници со платена поштарина и други официјални поштенски документи со важечки поштенски знак
- ❏ Државни таксени марки и хартии од вредност кои се издаваат во согласност со законската постапки

Внимавајте при копирање на следниве работи:

- ❏ Пазарни хартии од вредности од приватни фирми (сертификати за производи, преносливи хартии од вредност, чекови итн.), месечни пропусници, карти со попуст итн.
- ❏ Пасоши, возачки дозволи, гаранции за состојба, сметки за патарина, бонови за храна, билети, итн.

Белешка:
Копирањето на овие работи може исто така да биде забрането со закон.

Соодветна употреба на авторските материјали:

Печатачите може да се користат неправилно со несоодветно копирање на материјали заштитени со авторски права. Освен во случај на препорака од признат надлежен орган, однесувајте се одговорно и со почит кон дозволата за копирање од страна на носителот на авторско право пред да го копирате публикуваниот материјал.

Превезување и складирање на печатачот

Кога треба да го складирате или да го превезете печатачот при преселба или поправки, следете ги чекорите подолу за да го спакувате.

Важно:

- ❏ *Кога го складирате или превезувате печатачот, поставете го во пластична кеса и затворете ја. Не накривувајте го печатачот, не поставувајте го вертикално и не превртувајте го наопаку; во спротивно, мастилото може да протече.*



- ❏ *Кога складирате или превезувате шише со мастило, не навалувајте го шишето и не подложувајте го на удари или промени на температурата.Инаку може да протече мастило дури и кога капачето на шишето со мастило е цврсто затворено.Внимавајте шишето со мастило да биде исправено кога го затворате капачето и преземете мерки да не протекува мастило кога го превезувате шишето, на пример кога го ставате шишето во торба.*
- ❏ *Не ставајте отворени шишиња со мастило во кутијата со печатачот.*

1. Исклучете го печатачот со притискање на копчето ⏻.

2. Внимавајте светлото за напојување да се изгасне, а потоа откачете го струјниот кабел.

> ***Важно:***
>
> *Откачете го струјниот кабел кога е изгаснато светлото за напојување. Инаку главата за печатење не се враќа во почетната положба, што ќе предизвика мастилото да се исуши, а печатењето може да не биде возможно.*

3. Откачете ги сите кабли како струјниот кабел и кабелот за USB.
4. Извадете ја сета хартија од печатачот.
5. Внимавајте да нема оригинали во печатачот.
6. Проверете дали цврсто сте го затвориле капачето на резервоарот за мастило.



7. Добро затворете го Капак за резервоар за мастило.



8. Подгответе го пакувањето на печатачот како што е прикажано подолу.



9. Поставете го печатачот во пластична кеса и затворете ја.

10. Спакувајте го печатачот во кутијата со користење на заштитните материјали.

> ***Важно:***
>
> *Спакувајте го печатачот во кутијата за да се уверите дека печатачот ќе остане во хоризонтална положба при превезувањето или складирањето; во спротивно, мастилото може да истече.*

Ако квалитетот на печатењето ослаби следниот пат кога печатите, исчистете ја и порамнете ја главата за печатење.

Поврзани информации

➡ „Имиња и функции на деловите“ на страница 15

➡ „Проверка и чистење на главата за печатење“ на страница 115

➡ „Порамнување на главата за печатење“ на страница 119

Авторски права

Ниеден дел од оваа публикација не смее да биде умножуван, зачуван во системот за пребарување, или пренесен во која било форма или на кој било начин, електронски, механички, со фотокопирање, снимање или друго, без претходна писмена согласност од корпорацијата Seiko Epson. Не се предвидени обврски за патентирање во однос на употребата на информациите содржани овде. Ниту пак е предвидена каква било обврска за штети кои произлегуваат од употребата на информациите дадени овде. Информациите што се содржани тука се дизајнирани за употреба со овој производ на Epson. Epson не одговара за употреба на која било од овие информации применети кон други производи.

Ниту корпорацијата Seiko Epson ниту нејзините подружници не одговараат кон купувачот на овој производ или трети лица за штети, загуби, трошоци, или трошоци предизвикани од набавувачот или трети лица како резултат на несреќа, неправилна употреба, или злоупотреба или неовластени промени на овој производ, поправки или измени кај овој производ, или (освен САД) непочитување на упатствата за ракување и одржување на корпорацијата Seiko Epson.

Корпорацијата Seiko Epson и нејзините подружници не одговараат за никакви штети или проблеми кои произлегуваат од употребата на кои било опции или кои било производи за

широка потрошувачка различни од оние означени како Original Epson Products (оригинални производи на Epson) или Epson Approved Products (одобрени производи на Epson) од корпорацијата Seiko Epson.

Корпорацијата Seiko Epson не одговара за никаква штета предизвикана од електромагнетно попречување што се појавува поради употребата на кои било кабли за поврзување различни од оние означени како Epson Approved Products (одобрени производи на Epson) од корпорацијата Seiko Epson.

© 2018 Seiko Epson Corporation

Содржината на овој прирачник и спецификациите за овој производ се предмет на промена без известување.

Трговски марки

- EPSON® е регистрирана заштитена трговска марка, а EPSON EXCEED YOUR VISION или EXCEED YOUR VISION е заштитена трговска марка на корпорацијата Seiko Epson.
- Epson Scan 2 software is based in part on the work of the Independent JPEG Group.
- libtiff

  Copyright © 1988-1997 Sam Leffler

  Copyright © 1991-1997 Silicon Graphics, Inc.

  Permission to use, copy, modify, distribute, and sell this software and its documentation for any purpose is hereby granted without fee, provided that (i) the above copyright notices and this permission notice appear in all copies of the software and related documentation, and (ii) the names of Sam Leffler and Silicon Graphics may not be used in any advertising or publicity relating to the software without the specific, prior written permission of Sam Leffler and Silicon Graphics.

  THE SOFTWARE IS PROVIDED "AS-IS" AND WITHOUT WARRANTY OF ANY KIND, EXPRESS, IMPLIED OR OTHERWISE, INCLUDING WITHOUT LIMITATION, ANY WARRANTY OF MERCHANTABILITY OR FITNESS FOR A PARTICULAR PURPOSE.

  IN NO EVENT SHALL SAM LEFFLER OR SILICON GRAPHICS BE LIABLE FOR ANY SPECIAL, INCIDENTAL, INDIRECT OR CONSEQUENTIAL DAMAGES OF ANY KIND, OR ANY DAMAGES WHATSOEVER RESULTING FROM LOSS OF USE, DATA OR PROFITS, WHETHER OR NOT ADVISED OF THE POSSIBILITY OF DAMAGE, AND ON ANY THEORY OF LIABILITY, ARISING OUT OF OR IN CONNECTION WITH THE USE OR PERFORMANCE OF THIS SOFTWARE.
- QR Code is a registered trademark of DENSO WAVE INCORPORATED in Japan and other countries.
- Intel® is a registered trademark of Intel Corporation.
- Microsoft®, Windows®, Windows Server®, and Windows Vista® are registered trademarks of Microsoft Corporation.
- Apple, Macintosh, macOS, OS X, Bonjour, ColorSync, Safari, AirPrint, the AirPrint Logo, iPad, iPhone, iPod touch, and iTunes are trademarks of Apple Inc., registered in the U.S. and other countries.
- Google Cloud Print, Chrome, Chrome OS, Google Play and Android are trademarks of Google Inc.
- Adobe and Adobe Reader are either registered trademarks or trademarks of Adobe Systems Incorporated in the United States and/or other countries.
- Општо известување: Останатите имиња на производи што се употребени овде се наменети само за идентификување и може да се трговски марки на нивните сопственици.Epson се одрекува од сите права на овие марки.

Каде да се обратите за помош

Веб-локација за техничка поддршка

Ако ви треба дополнителна помош, посетете ја веб-локацијата за поддршка на Epson подолу. Изберете ја земјата или регионот и одете на делот за поддршка на локалната веб-локација на Epson. На локацијата се достапни и најновите двигатели, ЧПП, прирачници и други материјали за преземање.

http://support.epson.net/

http://www.epson.eu/Support (Европа)

Ако производот на Epson не работи правилно и не може да го решите проблемот, контактирајте со службите за поддршка на Epson за помош.

Контактирање со поддршката на Epson

Пред да контактирате со Epson

Ако вашиот производ Epson не работи правилно и не можете да го решите проблемот со информациите за решавање проблеми во прирачниците на производот, контактирајте со службата за поддршка на Epson за помош. Ако поддршката на Epson за вашето подрачје не е наведено подолу, контактирајте со продавачот каде што сте го купиле производот.

Поддршката на Epson ќе може да ви помогне многу побрзо ако ги дадете следниве информации:

- ❏ Сериски број на производот

  (Етикетата со серискиот број обично е одзади на производот.)
- ❏ Модел на производот
- ❏ Верзија на софтверот на производот

  (Кликнете **About**, **Version Info** или слично копче во софтверот на производот.)
- ❏ Марка ми модел на компјутерот
- ❏ Името и верзијата на оперативниот систем на компјутерот
- ❏ Имиња и верзии на софтверските апликации што обично ги користите со производот

Белешка:
Во зависност од производот, поставките за мрежата може да се зачуваат во меморијата на производот. При дефект или поправање на производот, поставките може да се изгубат. Epson не одговара за губење податоци, за правење резервни копии или спасување поставки дури и во гарантниот период. Препорачуваме самите да си направите резервна копија на податоците или да ги запишете.

Помош за корисниците во Европа

Видете во вашата Пан-европска гаранција за информации како да контактирате со поддршката на Epson.

Помош за корисниците во Австралија

Epson во Австралија ќе ви пружи високо ниво на услуга за купувачите. Како додаток на прирачниците за вашиот производ, ги имаме следниве извори за добивање информации:

Интернет-адреса

http://www.epson.com.au

Пристапете до веб страниците на Epson во Австралија. Вреди да ја посетите понекогаш и да сурфате овде! Оваа веб-локација ви дава можност за преземање двигатели, контактни места на Epson, информации за нови производи и техничка поддршка (е-пошта).

Центар за помош на Epson

Телефон: 1300-361-054

Центарот за помош на Epson е наменет како крајна поддршка за да се увериме дека нашите клиенти имаат пристап до совети. Операторите во Центарот за помош може да ви помогнат во инсталирањето, конфигурирањето и ракувањето со производот на Epson. Нашиот персонал од Центарот за помош за предпродажба ќе ве снабди со литература за новите производи на Epson и ќе ве информира каде е сместен најблискиот добавувач или продажен агент. Овде се одговорени голем број прашања.

Ви препорачуваме да ги имате сите значајни информации при рака, кога ќе нè побарате. Колку повеќе информации ќе ни дадете, толку побргу ќе го решиме проблемот. Овие информации ги вклучуваат прирачниците за производите на Epson, типот на компјутер, оперативниот систем, апликациски програми и која било информација што вие сметате дека е потребна.

Пренесување на производот

Epson препорачува да се зачува пакувањето на производот за идно пренесување. Исто така, се препорачува да се заштити резервоарот со мастило со лента и производот да се држи исправено.

Помош за корисниците во Нов Зеланд

Epson во Нов Зеланд ќе ви пружи високо ниво на услуга за купувачите. Како додаток на документацијата за вашиот производ, ги имаме следниве извори за добивање информации:

Интернет-адреса

http://www.epson.co.nz

Пристапете до веб страниците на Epson во Нов Зеланд. Вреди да ја посетите понекогаш и да сурфате овде! Оваа веб-локација ви дава можност за преземање двигатели, контактни места на Epson, информации за нови производи и техничка поддршка (е-пошта).

Центар за помош на Epson

Телефон: 0800 237 766

Центарот за помош на Epson е наменет како крајна поддршка за да се увериме дека нашите клиенти имаат пристап до совети. Операторите во Центарот за помош може да ви помогнат во инсталирањето, конфигурирањето и ракувањето со производот на Epson. Нашиот персонал од Центарот за помош за предпродажба ќе ве снабди со литература за новите производи на Epson и ќе ве информира каде е сместен најблискиот добавувач или продажен агент. Овде се одговорени голем број прашања.

Додаток

Ви препорачуваме да ги имате сите значајни информации при рака, кога ќе нè побарате. Колку повеќе информации ќе ни дадете, толку побргу ќе го решиме проблемот. Овие информации ги вклучуваат документите за производите на Epson, типот на компјутер, оперативниот систем, апликациски програми и која било информација што вие сметате дека е потребна.

Пренесување на производот

Epson препорачува да се зачува пакувањето на производот за идно пренесување. Исто така, се препорачува да се заштити резервоарот со мастило со лента и производот да се држи исправено.